Универзитет “Св. Кирил и Методиј”

Филозофски факултет – Скопје

Институт за историја

Насока: Историја и архивистика

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ИСТОРИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ДОКУМЕНТИТЕ И СВЕДОШТВАТА

- магистерски труд -

Кандидат: Бојана Спасовска Кузевска

Ментор: Проф. Д-р. Виолета Ачкоска

Скопје, 2019

# Содржина:

**ПРЕДГОВОР.......................................................................................................................6**

**ВОВЕД...............................................................................................................................9**

**I ДЕЛ**

**ГЛАВА ПРВА**

**РАНИ ГОДИНИ И УЧЕСТВО ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА.....................12**

**1.1. Потеклото на семејството, образование и општествено – политички услови.....13**

**1.2. Вклучување во народноослободителното и комунистичкото движење..............22**

**ГЛАВА ВТОРА**

**ОПШТЕСТВЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА ДО СЕДМИОТ КОНГРЕС НА СКЈ..........................................................................43**

**2.1. Активностите во СКОЈ и влегувањето во Политбирото на ЦК на КПМ...44**

**2.2. Од шестиот до седмиот конгрес на КПЈ/СКЈ................................................51**

**ГЛАВА ТРЕТА**

**АКТИВНО УЧЕСТВО ВО КПМ/СКМ И ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ (1958-1968)...........................................................................................................................59**

**3.1. Крсте Црвенковски како секретар на Сојузот на комунисти на Македонија........60**

**3.2. Сојузни органи и вклучување како член на Претседателството на СФРЈ..........112**

**ГЛАВА ЧЕТВРТА**

**СТАВОВИ ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ДИСИДЕНТСТВО.................................127**

**4.1. Либералните ставови.............................................................................................127**

**4.2. Симнување од политичката сцена........................................................................136**

**II ДЕЛ**

**ДОКУМЕНТИ И СВЕДОШТВА ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ**

1. **Архивски фондови во Државниот Архив на РМ ..............................................141**

   **Државен Архив на Република Македонија, фонд 426, ЦК на КПМ Скопје......141**

   **Државен Архив на Република Македонија, фонд 427, ЦК на СКМ Скопје........145**

2. **Сеќавања**

   **2.1. Проф. д-р. Емилија Црвенковска, ќерка на Крсте Црвенковски...........................................................................162**

**ЗАКЛУЧОК.........................................................................................................165**

**БИБЛИОГРАФИЈА...............................................................................................169**

**СПИСОК НА КРАТЕНКИ......................................................................................174**

*"Кога тргнавме партизани, излеговме неспремни, со по едно парче леб во џебовите. Се снајдовме со оружје, народот го поведовме и ја направивме македонската држава. Кому му пречи оваа држава и кој настојува да ја уништи.*

*Ние, Македонците сме чуден народ. Сами си ги сечеме крилјата, ги ништиме своите способни политичари, како Шаторов, Шатев, Влахов, Ченто и др. Треба да ги браниме придобивките. Верувам дека не сум осамен.*

*Има и други што ги штитат македонските интереси.*
*Треба да се води сметка за чувството за*
*опстанок на македонската држава. На Македонецот никој не му ја подари државата. Сам ја создаде со разум, морал, пот, крв и жртви и така треба да се брани.*
*Македонските политичари без поткрепа не создале држава по Првата светска војна, затоа ја распарчиле".*



***КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ (Прилеп, 16 јули 1921 – Скопје, 21 јули 2001)***

## ПРЕДГОВОР

Истражувањето на ликот и делото на Крсте Црвенковски, една од најмаркантните фигури во македонскта современа историја низ историските извори од прв и втор ред, беше предизвик за мене како млад истражувач. Да се пишува биографија на една личност, само по себе е сложен методолошки процес, особено кога се работи за личност врз која се прекршувале плимите и осеките на едно динамично и полно со пресврти време на 20 век. Пристапот во пишувањето на трудот, главно е проблемско-хронолошки заради сложеноста на проблематиката и поголема јасност во разбирањето бидејќи се работи за мошне сложени процеси. Основен метод е компаративно-историскиот, со користење на извори од различна провиниенција: објавен и необјавен архивски материјал, некои мемоари и спомени како и спомени на современици, печатот од актуелното време, литература која има допирни точки со историските случувања во кои учествувал, како и други помошни историски трудови. Најголемиот дел од оваа документарна подлога е посочена или во фуснотите во текстот или се наоѓа во конечната библиографија наведена на крајот од трудот.

Голем дел од кристениот архивски материјал мораше да подлежи на внатрешна критичка анализа заради нејзината силна идеологизација. Честопати се соочувавме со фризирани документи и архивски фондови, што за жал било вообичаена практика во социјалистичка Југославија, особено кон личностите кои доживеале политичка дискалификација како Крсте Црвенковски. Се трудевме читањето на документите, нивното толкување и утврдување на фактите и состојбите да биде во духот на времето во кое настанал текстот, потребите заради кои настанал итн., заради одбегнување на замката на модернизацијата која е често присутна при несоодветното „читање на документот“ и пишаниот материјал настанат во некое друго историско време или политичко опкружување.

Најголемиот дел од податоците, покрај користењето на различни документи од партиска и друга провиниенција, беа оние кои ги остави самиот Крсте Црвенковски во неговите интервјуа и дијалози напишани и објавени по

осмостојувањето на Република Македонија. Така, и покрај богатството на ставови за одредени случувања во кои учествувал, овие сеќавања подлежат на она кое ние историчарите го оценуваме како второстепен извор, бидејќи се напишани по одредена временска дистанца од самиот настан, а кои се посочени во библиографијата на магистерската работа.

Секако, значајни се и оние, главно публицистички трудови кои ги пишувал во времето на неговото активно делување и кои се во духот на тогашното сфаќање на општествениот развој, културата, образованието, демократијата и во крајна линија на југословенскиот социјализам, како на пример: „Проблеми на реформата на универзитетот" (1959, на српскохрватски јазик), „Сојузот на комунистите на Македонија и демократизацијата на општеството" (1971). Понатаму следат теоретско-публицистички и мемоарски трудови настанати при крајот на СФРЈ и во рамките на суверена Република Македонија: „Во одбрана на македонската кауза" (1989), „Подводни гребени на политиката: разговори со Крсте Црвенковски" (1993), „Нашиот поглед за времето на Колишевски" (заедно со Славко Милосавлевски) (1996), „На браникот на македонската самобитност: материјали од политичките разговори за македонското прашање" (1999), „Заробена вистина" (2003).

На располагање ни беа фондовите во Државниот архив на Република Македонија, особено оние кои се однесуваат на Комунистичката партија односно Сојуз на комунистите, фондот на Лазар Колишевски во МАНУ, и одделни документи од Архивот на ИНИ, каде за жал не можеше директно да се користи фондот на Крсте Црвенковски, па некои документи беа преземени од друга литература. Општо може да се забележи дека овие фондови се доста селектирани, но сепак успеавме одреден број да ги издвоиме и објавиме во вториот, архивистички дел. Имено, магистерската условно ја поделивме на два дела – историографски како биографија на Крсте Црвенковски и архивистички како збирка на документи кои се однесуваат на неговите активности и дејност.

Ова е само првичен обид, ограничен со обемот на еден магистерски труд, но се надеваме дека ќе биде поттик за многу поопсежно и пообемно истражување

на сите аспекти од делувањето на оваа личност која ги поминала најдраматичните моменти од развојот на македонската држава во рамките на југословенската федерација.

## ВОВЕД

Крсте Црвенковски припаѓа на онаа генерација македонски револуционери и интелектуалци на левицата чија животна и работна биографија е исклучително богата. Тој не бил само сведок туку и учесник во многуте борби на македонскиот народ во истакнувањето на својата самобитност. Неговите интелектуални вредности можат да се забележат во безброј активности, револуционерни и политички во различни периоди од неговиот живот. Сето тоа е предизвик за еден историчар да се зафати со истражување на животот и делото на оваа значајна историска личност која оставила своевиден печат на македонската историја на 20 век.

Крсте Црвенковски припаѓа на младата македонска интелигенција која стасува во периодот пред Втората светска војна издугнувајќи го на пиедестал своето македонско национално чуство, заедно со борбата за социјална правда на својот народ. Имено, врз неговото определување за левицата која во времето во кое живеел нудела палтформа за ослободување на поробените и обесправени народи, покрај особините на неговата личност со буен темперамент и отворена за нови предизвици, секако влијаело социјалното миље на неговиот роден град Прилеп. Тука, неговото семејство како и повеќето прилепски семејства ја почуствувало експлоатацијата, несигурноста, безизлезот и сиромаштијата на безмилосната експлоатација на крајно неразвиен капитализам на Кралството СХС/Кралство Југославија. Истовремено низ образовниот систем и другите дејности тој бил изложен на методите на асимилаторската и денационализаторската политика за србизација на македонскиот народ што ја водел големосрпскиот режим во т.н. Јужна Србија односно Вардарска бановина, освоена од српските војски за време на Балканските и Првата светска војна.

Тоа истовремено е период на големи потреси предизвикани како последица на „Версајскиот систем“, време на Големата светска криза и појавата на фашизмот и нацизмот на европската политичка сцена. Наспроти фашизмот кој со својот експанзионизам се стремел кон освојување и завладување на држави и

народи, а нацизмот одел и кон истребување на одделни „неариевски“ раси (Евреи, Словени, Роми итн.) се развива левицата. Во лепезата на различни партии кои беа дел од овој политички корпус, по формирањето на Коминтерната во 1919 година доминантно и најорганизрано движење и покрај силните прогони станува комунистичкото. Комунистичките партии  предводени од Коминтерната која беше под директно влијание на СКП (б), го издигнуваа лозунгот на интернационализмот. Од едната страна тоа беше потреба на надворешната политика на СССР, но од друга можност за заедничко настапување  во еден голем антифашистички и антиимперијалистички фронт. Во овие  рамки беше и платформата на Комунистичката партија на Југославија, која од своето основање имаше приврзеници во Македонија бидејќи нудеше „леб и слобода“ на угнетениот и експлоатиран народ, а по нејзиното  идејно издигнување единствена во рамките на сите политички партии во прва монархистичка Југославија се бореше за национална рамноправност и за правото на смоопределување на народите.

За голем број  млади ученици, студенти и работници во Македонија платформата на КПЈ за национална слобода и социјална правда беше мотив за да се вклучат во нејзините редови или да бидат нејзини симпатизери. Така Црвенковски од своите ученички денови, во времето кога оваа партија беше забранета, а нејзините приврзеници прогонувани и затворани, се определува за комунизмот, за интернационализмот, но пред се и најпрво, како и најголемиот број македонски комунисти пред и во текот на Народноослободителната борба за правото на Македонците за своја национална слобода и државност.

Во текот на Втората светска војна македонскиот народ ја доби историската шанса за реализирање на својата државност. Крсте Црвенковски е еден од организаторите на народното востание во 1941 година, неуморен во организационото зацврстување на КП во Западна Македонија, во пропагирањето на антифашистичката борба и истакнувањето на нејзините цели: национална слобода и социјална правда.

Победоносниот тек на оваа борба беше крунисан со признавњето на националната рамноправност и државност на македонскиот народ на Второто

заседание на АВНОЈ и со прогласувањето на Демократска Федерална Македонија на 2 август 1944 година на Првото заседание на АСНОМ.

Во рамките на слободна Македонија, Црвенковски зазема високи општествени и партиски функции. Останува лојален на КПЈ и на Југославија како заедница на рамноправни народи и народности, водејќи упорна борба за национален и културен процут на македонската нација. Тоа најверодостојно го потврдува со неговите барања за рамномерна распределба на македонските кадри во федералните органи, особено во Југословенската народна армија, како и со одлучни потези при осамостојувањето на Македонската православна црква и формирањето на Македонската академија на науките и уметностите.

Заради неговата отвореност и свест за промени на закостениот бирократски систем и пред сѐ за барање внатрепартиска демократија дошол во судир со догматската струја во СКЈ/СКМ. Прогласен за либерал заедно со поголема група интелектуалци во Југославија беше отстранет од политичката сцена. Со симнувањето на либералите и враќањето на „старите, проверени“ догматски кадри, Југославија ги изгуби и шансите за промени кои ќе ја вклучеа во современите европски текови.

# I ДЕЛ

## ГЛАВА ПРВА

## РАНИ ГОДИНИ И УЧЕСТВО ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА

Крсте Црвенковски се родил, растел и се формирал како припадник на левицата во времето непосредно по Првата светска војна во која Македонците доживеали бројни индивидуални  и колективни трагедии. Македонија останала поделена помеѓу соседните држави како и по Балканските војни, а вардарскиот дел останал како Јужна Србија во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, односно како Вардарска бановина од 1929 година кога државата е преименувана во Кралство Југославија. Во овие  рамки неговиот роден град Прилеп има свои специфики и долги традиции на револуционерна борба. Големата економска криза, асимилацијата и денационализацијата, семејните околности ред други моменти влијаеле Крсте Црвенковски заедно со една плејада прилепчани (Кузман Јосифовски, Трајко Бошковски,  Мирче Ацев, Борка Талевски, Рампо Левката, Крсте Волнаровски итн.) да се вклучи во  левицата, односно комунистичкото движење, кое набрзо ќе привлече бројни приврзаници. Ова била самосвесна национално определена генерација која на прв план го поставувала прашањето за национална слобода, а потоа и за социјална правда. Токму врз оваа платформа, малубројната Комунистичка партија на Југославија, успеала во текот на Втората светска војна да го мобилизира македонскиот народ на линијата на антифашистичка Народноослободителна борба чија круна беше формирањето на првата современа држава Демократска Федерална Македонија како дел од југословенската федерација.

Крсте Црвенковски е дел од оваа значајна етапа на македонската историја на 20 век, една од најистакнатите личности која го поминала патот на борбата од илегалец до затвореник, партизан и предводник на комунистичката младина на Македонија, борејќи се за слобода на својот народ и воспоставување праведно општество.

## 1.1. Потеклото на семејството, образование и општествено – политички услови

Крсте Трајков Црвенковски бил роден на 16. VII. 1921 година во Прилеп, во периодот кога Македонија била составен дел од Кралството на Србите Хрватите и Словенците, во средина богата со историја, политика, легенди и митови. Самата средина несомнено имала големо влијание во трасирањето на неговиот животен пат и изградбата на неговата личност пред сè како човек, а потоа како револуционер и политичар. Влошената социјална положба на најголем дел од населението во Прилеп и Прилепско, како и во целата Вардарска Македонија како резултат на последиците од неколку годишните војни: мобилизациите во туѓите војски, изгубените животи, разурнувањата, реквизициите и напуштањето на своите домови поради фронтовите и репресиите од страна на туѓите власти и војски предизвикувале големо незадоволство и создавале погодна почва за ширење на социјалистичките и комунистичките идеи. Затоа не случајно, Прилеп во кој биле длабоки илинденските традиции дал нова генерација револуционери кои ќе се борат за слобода на својот народ и социјална правда.

Крсте бил прворoденото дете во фамилијата на Трајко Црвенковски и Блага Крстевска - Црвенковска покрај останатите четири деца (три машки и едно женско). Татко му по професија бил касап, кој подоцна прераснал во трговец – извозник во странство, главно во Грција.

Првото име кое Крсте Црвенковски го добил од неговиот кум – по потекло Грк, било Ставре што на грчки значи крст, но поради тогашните политички настани во Македонија, локалниот поп (прилепски србоман) во книгите го запишал како Крсте. Детството го поминал безгрижно и спокојно се до моментот кога неговиот татко банкнотирал, па биле приморани да се преселат во куќата на чичко му бидејќи сопствената ја продале.

Така, и покрај напорите на неговиот татко да ја прехрани фамилијата, периодот се совпаднал со завршувањето на малата матура (четири класа

гимназија) на Крсте, диктатурата на кралот Александар[1] и големата светска економска криза која донела сиромаштија и безработица за милиони луѓе низ целиот свет, а не било поштедено ни Кралството Југославија.

Делот од Македонија кој влегол во границите на Кралството на Србите Хрватите и Словенците, од српските државни власти бил третиран како српска територија, по 1929 година е преименуван во „Вардарска бановина“. Српскиот јазик бил службен и единствен задолжителен јазик во образованието. На Македонците им било забрането да формираат легални културни, просветни, уметнички и други друштва за негување и развивање на својата култура на мајчин македонски јазик. Македонците немале право да се организираат во легална партија со македонска национална програма. Тие не можеле легално да ги бараат тие права преку институциите на системот и затоа наоѓале други начини, а во голем дел се приклонувале кон Комунистичката партија која ветувала социјална правда, а подоцна и национална рамноправност.

Со оглед на тоа што српските власти ја укинале полната гимназија во Прилеп, неговото понатомошно школување во Битола било оневозможено поради финансиската ситуација во семејството.

Крсте бил приморан да го прекине школувањето и да се вработи, најпрво во прилепскиот Монопол, а потоа во прилепската општина. Уште во својата рана младост[2], осознавајќи ги неправдите на општеството се определува за прогресивното движење и станува комунист. На иницијатива од страна на истакнатиот човек во партијата[3] Трајко Бошковски – Тарцанот[4], Црвенковски учествува во оживеаните акции на комунистите.

---

[1] Во тој период гимназијата и учителската школа во Прилеп биле затворени, младите оделе да се школуваат надвор од градот, најчесто во Битола.
[2] Во 1935 година на тринаесет годишна возраст.
[3] КПЈ
[4] Трајко Бошкоски - Тарцан (Голем Радобил, Прилепско, 12 јуни 1918 – Сливник, Велешко,6 јануари 1943) бил македонски комунист и првоборец во НОБ. Раководел со нападот што прилепските партизани го извршиле во Прилеп на 11 октомври 1941 година.

“Првото мое револуционерно воспитување се заснова на романот “Мајка” од Горки и други книги популарни меѓу напредните млади луѓе во тоа време”, вели Црвенковски во своите сеќавања[5].

Кога родителите на Црвенковски разбрале во каков круг се движи, исплашени се обиделе да го одвратат и да му забранат, но неговиот отпор извојувал победа и домашните се помириле со неговиот избор.

Тоа е период кога КПЈ го променила тој став во 1934 година под влијание на Коминтерната која го подржала опстојувањето на Југославија со нејзино преуредување на федеративен принцип, со самоопределување на југословенските народи во нејзините граници и формирање на федерални држави во една Федеративна Југославија. На тој начин се дојде и до признавањето на македонската национална посебност, македонскиот народ, јазик, култура, историја и гарантирање на еднакви политички, национални и културно-просветни права и слободи на Македонците во рамките на така преуредена Југославија. Таа нова политика на КПЈ по македонското национално прашање ќе стане основа на едно ново македонско национално движење кое се појави во 1936 година под името Македонски народен покрет - МАНАПО.

Во тој процес на силна национална еманципација, во 1936 година на иницијатива на општината и родителите во Прилеп била отворена нова самоуправна гимназија во која Црвенковски го продолжил своето школување, во петти клас, а станал и член на СКОЈ, и тоа еден од најактивните во цела гимназија. Истовремено, младите комунисти иако не биле толку добро организирани, сепак ја преземале литературната дружина, на која Црвенквски станал претседател. Околу управата се водела битка, бидејќи постоела поделеност меѓу децата односно меѓу македонските деца наспроти српските деца и децата на србоманите, но листата на македонските деца победувала со големо мнозинство.

---

[5] (Подгорец, 1973) стр. 411.



***Крсте Црвенковски (седнат во средина со капа) со другарки и другари, Бакарно гумно, 1939 г.***

Во гимназијата била оформена скоевска организација со разгранета мрежа на симпатизерски комунистички групи, а за година – две веќе била под силно влијание на Партијата. Групите биле претежно читачки во кои се изучувала марксистичката литература, а во повисоките класови постоеле дебатни кругови каде што гимназијалците директно ги разработувале оригиналните дела на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, како и основите на Ленинизмот од Сталин.

Како што споменавме во овој период во гимназијата, како и во сите државни институции официјален јазик за употреба бил српскиот, но македонските гимназијалци меѓу себе, дури и на часовите зборувале на македонски јазик, по што дури и децата на чиновниците Срби и Црногорци биле принудени да го учат македонскиот јазик доколку сакале да комуницираат со своите соученици – Македонци. Ваквата поставеност во Организацијата директно влијаела на тоа гимназијата да стане извор на кадри на Партијата и на СКОЈ, од каде што

влијанието последователно се ширело во семејствата на гимназијалиците и во градот.

Во последната година од школувањето на Црвенковски (во осми клас), гимназијалската активна скоевска организација добила задача да формира партиска ќелија, додека истовремено постарите кадри во Месниот комитет на Прилеп одлучиле организацијата да ја предадат на подмладокот. Во октомври 1939 година, мандаторот за состав на новиот Месен комитет – Перо Тиквар[6], му пристапил и му соопштил на Црвенковски дека е примен во Партијата и воедно дека е задолжен да оформи партиска ќелија во која тој бил избран за секретар, додека Перо Тиквар за политички секретар на Месниот комитет сочинет од повеќе партиски ќелии, чиј број се зголемувал секојдневно.

Всушност, ова е период кога по завршувањето на гимназијата, во 1939 година, наспроти неговата наклонетост и желба да студира технички науки, се запишал на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во 1940 година, МК ја продолжил работата на организационото зацврстување и омасовување на партиските и синдикалните организации. На првиот состанок на МК, одржан во јануари истата година присуствувале: Кузман, Перо Тиквар, Крсте Црвенковски, Марко Ристевски, Стеван Туте и Мице Димески.[7]

Во февруари 1940 година, кога во инспекција дошол инструкторот на ЦК на КПЈ Светозар Вукмановиќ – Темпо[8], забележал дека прилепската организација била најактивна во Македонија, па поради тоа одлучил Перо Тиквар да биде назначен за организацион секретар на ПК за Македонија.

По извршената инспекција, ситуацијата за Македонија, во своите мемоари Темпо ја изнесува на два начина:

---

[6] Петар Ивановски – Тиквар (Прилеп, 1920-2018) македонски комунист, учесник во НОВ, учесник на Првото заседание на АСНОМ. По војната извршува различни општествени функции.
[7] (Кузман Јосифовски - Питу (Време - живот- дело), 1995) стр. 122
[8] Светозар Вукмановиќ – Темпо - Југословенски револуционер, учесник во НОВ, општествено-политички деец на СФРЈ и народен херој на Југославија.

“Од Битола заминав во Прилеп каде што ме чекаше многу пријатно изненадување. Другарите ме прифатија и ми обезбедија стан. Веднаш го свикаа Комитетот. На состанокот дојдоа петмина млади луѓе. Не бараа да зборувам за меѓународната ситуација, туку тие ја објаснија состојбата во градот. Секретарот на Комитетот, младиот тутунски работник Перо Ивановски – Тиквар, зборуваше со такво познавање на работите што извесно време мислев дека е интелектуалец, еден од оние кои никнаа од работничките средини...

Тој многу аргументирано зборуваше за исклучително тешката положба на производувачите на тутун и тутунските работници. Многу сликовито ја отслика колонијалната експлоатација која се спроведува на целата територија на Македонија во корист на заедничката држава.

На крајот заклучив дека постојат големи можности за создавање масовно движење на производувачите на тутун и дека таа борба ќе создаде бројна и силна организација. Ми се допадна неговото излагање. Во него имаше нешто што привлекува – неговата младост, борбеноста, посебно познавањето на положбата на производувачите на тутун и оценката за можното делување на комунистите. Ми се допаднаа и другите членови на Комитетот. Единствено забележав дека најмладиот меѓу нив Крсте Црвенковски, прерано е примен во Комитетот, зашто сѐ уште е ученик во гимназија. Притоа ја имав во предвид одлуката на Младинската интернационала за која ми кажаа во Белград, дека децата од средните училишта можат да работат само во младинските организации како млади комунисти.

Бев задоволен не само од Комитетот, туку и од организациите кои ги обиколив. Секаде наидував на млади и одушевени луѓе од редовите на младите работници и студентите. Дојдов на идеја тие млади кадри да ги користам при формирањето на организации во другите градови. Одлучив Тиквар да премине во Скопје и заедно со Орце да влезе во привременото раководство. Тоа ќе беа два перспективни члена на раководството. Јосифовски го испратив на неколку денови

во Битола со задача од постојната организација да одбере два – три работника или студенти на кои во иднина ќе можеме да се потпреме.”[9]

Додека пак, во подоцнежните Мемоари Темпо на целата работа ѝ дава различно толкување:

“Кога престојував во Македонија, во првата половина на 1940 година, во организацијата на комунистите имаше немалку луѓе кои не беа подготвени сериозно да се занимаваат со револуционерна работа. Затоа и добив задача од Централниот комитет да го сменам раководството, па дури и да ги распуштам организациите за кои сметам дека не се способни или не сакаат да влезат во револуционерна борба. Бев овластен да формирам нови организации и ново раководство по борбите и акциите кои претходно требаше да се организираат. За да можев тоа да го реализирам морав да се потпрам на младите револуционерни кадри. Не сакав да претерувам во тоа. Некои стари кадри задржав во раководството, а некои најмлади, меѓу кои беше и Црвенковски ги вратив во раководството на СКОЈ. Мислам дека постапив добро. Тоа го потврди и подоцнежниот тек на настаните[10]”

По наредбата на Темпо, ќелијата била привремено расформирана а Црвенковски требало да го напушти Месниот Комитет до завршувањето на гимназијата но, на инсистирање на останатите членови Темпо попуштил и се согласил да го имаат Црвенковски во Месниот комитет на врска.

Со оглед на математичките способности со кои се истакнувал Црвенковски уште од првата година во гимназија, неговите соученици постојано барале помош од него во решавање на задачите така што се здобил со уште поголем авторитет меѓу нив и можел брзо да напредува во ширење на комунистичките идеи и летуратура.

Во летото 1940 година матурирал и повторно влегол во партиската ќелија, а по месец и пол во Месниот комитет, како секретар на МК на СКОЈ.

---

[9] (Темпо, 1971) стр. 132 - 134
[10] (Светозар Вукомановиќ – Темпо, 1983) стр. 2 – 13

Во септември 1939 година бил избран нов Месен комитет во Прилеп во кој влегле: Кузман Јосифовски – политички секретар[11], Перо Ивановски – организационен секретар, Благоја Ристиќ – одговорен за техника, Стеван Петрески – помош, Крсте Црвенковски – за работа со гимназиската младина.[12] Овој месен комитет бил задолжен да работи на формирање на партиски организации во градовите: Крушево, Кавадарци, Брод и Кичево, односно Месниот комитет на КПЈ во Прилеп да игра улога на еден вид Окружен комитет.

Постепено партиската организација во Прилеп развивала голема револуционерна дејност што се почуствувало со штрајкачкото движење[13] - демонстрации на кондураџиските, дрводелските работници, работниците во Тутунскиот монопол, па дури и самите тутунари против гладот и војната, како и за поголема општествена демократија. Меѓу многуте успешни акции што ги презеле Партијата и револуционерното движење во Прилеп, според својата масовност и револуционерно значење, била масовната демонстрација изведена на Илинден 1940 година, каде народот масовно излегол на Шаторов Камен, прославувајќи го најголемиот македонски национален празник - Илинден.[14] На Илинден, рано утрото поголема група (околу стотина) комунисти и симпатизери меѓу кои и самиот Црвенковски, излегле на излет на Плетварско, а при враќањето во приквечерината на слегување во градот (кај бившата учителска школа, денес болница) настапиле со борбени песни и пароли. Спонтано луѓето се собирале и приклучувале на масата. Борка Талески, Трајко Бошковски – Тарцан и секретарот на МК Кузман Јосифовски - Питу одржале говор кој уште повеќе ја распалил масата. Џандармеријата си го одработила своето по што прилепскиот затвор се наполнил. Црвенковски успеал да се засолни и да се приклучи на акцијата за собирање на народна помош и храна за затворениците (меѓу кои се нашле Тарцан, Борка Талески, Ченто и Коце Ќурчија и истите биле испратени во Белград

[11] Кузман Јосифовски – Питу (1915-1944), припадник на левицата, македонски револуционер, една од водечките личности во организирањето и раководењето на НОБ на македонскиот народ.
[12] (Коце Солунски, 1979) стр. 77.
[13] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 40-41
[14] (Андонов – Ченто, И., 1999) стр. 81-84.

на Ада Циганлија за да им се суди за заштита на државата, но поради немање докази биле ослободени).

Како што и самиот кажува “неколку детали” како на пример неговото патријархално но патриотски ориентираното семејство, гимназискиот амбиент, постојаното читање литература од секаков вид покрај марксизмот и ленинизмот, општествената положба во земјата, националната обесправеност, како и скоевскиот и партиски ангажман односно опкруженоста со личности кои во тие историски услови и интелектуално и морално биле на страната на прогресот биле пресудни  во неговата определба да се најде на страната на левицата во Македонија.[15]



***Крсте Црвенковски (десно легнат), Кузман, Ѓоре Стрелката, Оцка, Борка Левката, Прилеп 1940 г.***

[15] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 41-42

## 1.2. Вклучување во комунистичкото и народноослободителното движење

Покрај бројните скоевски активности за време на гимназијалските денови, Црвенковски, по официјалното стапување во Партијата преку ангажманот секретар на новоформираниот МК на СКОЈ, пресвртница во неговиот живот претставува заминувањето во Скопје. И покрај желбата да замине на студии во Белград на некој од техничките факултети, добил директива од Покраинскиот комитет на Партијата, заедно со Благоја Корубин и Филимена Михајлова да се запишат на Филозофскиот факултет во Скопје. Поради недостатокот на македонски комунисти (членови на КП) на скопскиот факултет, Партијата констатирала дека со нивното испраќање би била проширена активноста на КП и тие би се делувале на зголемување на бројот на комунисти – Македонци.

По самото запишување за неполни два месеци, се случила партиска провала. Бидејќи техничката врска меѓу ПК и МК на Прилеп одела токму преку Црвенковски, при предавањето на куфер полн со партиски пропагандни материјали на шоферот од прилепското село Ропотово, истиот бил фатен во возот и ја издал врската. Крсте Црвенковски во тој период бил сместен во студентскиот дом кој се наоѓал во непосредна близина на факултетот, кога одејќи кон факултетот наишол на на полициски агенти кои го прашале дали го познава студентот Црвенковски. Успеал да побегне препраќајќи го кон факултетот со тврдење дека го познава и дека во моментот се наоѓа внатре. Во меѓувреме успеал да ги извести другарите за новонастанатата ситуација и преминал во илегала. Во прво време бил сместен во Чаир кај некој муслиман по име Јахја, а подоцна исто така, веројатно кај некој Турчин или Албанец по име Куртеш Агуши. Таму се задржал нешто повеќе од месец дена, но не залудно како што и самиот вели, затоа што чекајќи нова директива го изучувал турскиот јазик.

За Бадник заедно со Куртеш Агуши, маскирани во Турчин и Турчинка (була), Црвенковски пристигнал во својот дом во Прилеп. Бидејќи провалата веќе се проширила во повеќе градови прилепскиот затвор бил преполн со активисти. Покрај Црвенковски, од апсењата успеале да се спасат Кузман Јосифовски заедно

со сестра му Мара и уште неколку прилепчани. Криењето на 5-6 илегалци во Прилеп претставувало голем товар за Организацијата, но бидејќи веќе се насетувала војната никој од нив не се предал на полицијата. Сѐ до почетокот на војната Црвенковски воопшто не излегувал од дома, се криел и од комшиите и од роднините. Врска со ПК му била секретарот на МК Вера Ацева[16], која му пренела директива да го преведува “Прашањето на ленинизмот” од Сталин.

За тоа време српската полиција протурила вест дека побегнал за Бугарија.

Црвенковски во однос на тоа вели: “Српската власт беше оптоварена со сфаќањата дека ние Македонците сме бугараши и каде би можеле да бегаме ако не во Бугарија.” [17]

Додека Црвенковски бил во илегала војната постепено се доближувала до Македонија. Настаните ги следел преку дневниот весник “Политика”.

Во тој период владата Цветковиќ – Мачек го потпишала протоколот за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт.



ПОЛИТИКА

ОДНОСИ ИЗМЕЂУ КРАЉЕВИНЕ ЈУГОСЛАВИЈЕ И НЕМАЧКОГ РАЈХА УТВРЂЕНИ СУ ПИСМЕНИМ СПОРАЗУМОМ

ЈУГОСЛАВИЈА ЈЕ ПРИСТУПИЛА ПАКТУ ТРИЈУ СИЛА ПОД УСЛОВОМ ДА ЗА СВЕ ВРЕМЕ ТРАЈАЊА РАТА НЕМАЧКА И ИТАЛИЈА НЕ ТРАЖЕ ПРЕЛАЗ НИТИ ПРЕВОЗ СВОЈИХ ТРУПА ПРЕКО ЈУГОСЛОВЕНСКЕ ТЕРИТОРИЈЕ

[16] Вера Ацева - Доста - (Ореовец (Прилепско), 24 ноември 1919 - Скопје, 10 ноември 2006) — македонски комунист, учесник во НОБ и народен херој на Југославија.

[17] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 44



# СРПСКИ ГЛАС

ЈАКО СРПСТВО – ЈАКА ЈУГОСЛАВИЈА

Главни уредник ДРАГИША ВАСИЋ

Београд, четвртак, 27 марта 1941 год.

## ЖИВЕО КРАЉ!

### ПРОКЛАМАЦИЈА

ЊЕГОВОГ ВЕЛИЧАНСТВА КРАЉА ПЕТРА ДРУГОГ СВИМА СРБИМА, ХРВАТИМА И СЛОВЕНЦИМА

### Срби, Хрвати и Словенци!

У овом тешком тренутку за наш народ, одлучио сам да узмем у Своје руке краљевску власт.

Намесници, који су разумели оправданост Мојих побуда, одмах су сами поднели оставку.

Моја верна војска и морнарица ставила Ми се одмах на расположење и већ извршава Моја наређења.

Позивам све Србе, Хрвате и Словенце да се окупе око Престола. То је најсигурније да се у овим тешким приликама одржи ред унутра и мир споља.

Мандат за састав Владе поверио сам армиском ђенералу Душану Т. Симовићу.

С вером у Бога и у будућност Југославије позивам све грађане и све власти у земљи на вршење својих дужности према Краљу и Отаџбини.

ПЕТАР II

Данас, на дан 27 марта 1941, на дан националног препорода поново се покреће „Српски глас“ који је била забранила противнародна и противдржавна влада 13 јуна 1940.

„Српски глас“ је вазда био глас Срба. Данас више него икад биће веран израз мишљења и расположења српског народа који је и овог пута у најтежем тренутку показао сву своју свест и величину.

ЖИВЕО КРАЉ!

На тоа српскиот народ под водство на КПЈ енергично се спротиставил преку кревање бунт односно биле организирани демонстрации во Белград, како и во други српски градови, а некои се одржале и во Скопје.

Потоа следел нападот на Југославија од страна на Германија на 6 април 1941 година, а поради тоа што истиот веќе се очекувал, српската власт уште првиот ден почнала да се сели, да бега за Србија, генерално стравувајќи од одмазда поради направените злодела за време на долгогодишниот престој во Македонија. Меѓутоа Партијата категорично заземала став, Србите да не се малтретираат и да им се помогне.

Со почетокот на Втората светска војна на тлото на Југославија, во април 1941 година и Прилеп потпаднал под фашистичка окупација. На 8 април таа година во градот влегла германската фашистичка војска, а на 26 април влегла и бугарската војска. Но, уште од првите денови на окупацијата се појавил отпор.

На 6 април 1941 година организацијата на КПЈ во Прилеп броела 45 членови. “Во првите месеци по окупацијата Партиската организација веќе имала 120 членови, 320 скоевци и околу 200 симпатизери опфатени во воспитни групи„[18]. Со самата окупација, Црвенковски веднаш ја напуштил илегалата и се приклучил повторно на партиската работа. Првиот партиски ангажман по започнувањето на војната бил комунистите да се распоредат кај полните магацини кои ги оставила југословенската војска со цел еднакво да се распредели стоката, а на членовите им било строго забрането да земаат било што за себе.

[18] (Црвенковски, Крсте, 1962) стр. 310.

Територијалните ветувања на Хитлер спрема царството Бугарија биле утврдени на состанокот на министрите за надворешни работи на Германија и Италија, одржан во Виена на 21 и 22 април 1941 година, каде на Бугарија ѝ бил отстапен голем дел од територијата на Македонија и дел од јужна Србија. Под паролата "повратување на своите територии", кон крајот на април 1941 година, силите на Петтата бугарска армија со 6-та и 7-ма пешадиска дивизија, ја започнале окупацијата на Македонија[19]. Кон крајот на јули 1941 година овие дивизии биле повлечени во Бугарија и била формирана таканаречена мирновременска армија со штабови во Скопје и Битола. Така се создале две дивизиски области со повеќе воени гарнизони, сместени во поголемите градови во Македонија.. "Бугарските национални историски права" се засновале врз Санстефанскиот мировен договор од 1878 година кој предвидувал "Голема и моќна Бугарија". За да може да се спроведе ваквата политика бугарскиот окупатор во окупирана Македонија довел однапред подготвен административен, полициски и пропаганден апарат, со цел доверливи лица да ја спроведуваат големобугарската политика со сите расположливи средства.

Веднаш по воената окупација, бугарската власт започнала со организација на полициската власт. Биле организирани две обласни полициски команди (Скопје и Битола), три градски команди (Скопје, Битола и Прилеп) и 21 полициски управи со вкупно 2770 полицајци[20].

Бугарската окупација на Вардарска Македонија започнала во втората половина на април 1941 година, а преземањето на новите административно-полициски органи се одвивала бргу. По доаѓањето на бугарските воени сили и полициски органи во Македонија, следувало и назначување на највисоки функционери во организираните обласни дирекции, кои претставувале нависока извршна власт на државниот систем на Царството Бугарија.[21]

---

[19] Бугарска окупација Македоније и кратак преглед развоја Народноослободилачке борбе у Македонији до новембра 1943 – Војно – историски гласник бр. 1, април 1950, год. I., стр. 7
[20] (Михаило Апостолски, д-р Александар Христов, Растислав Терзиоски, 1963) стр. 14.
[21] (Ачкоска, В., Ѓорѓиев, В..., 2015) стр. 250.

Дејноста на полициската власт во окупирана Македонија се одвивала преку четирите одделенија: службата Државна сигурност, униформена полиција, криминална и административна служба. Најважна била службата Државна сигурност, чија активност се одвивала преку групите “А”, “Б” и “В”. Работата на групата “А” се состоела од откривање на членови на Комунистичката партија и оневозможување на нивната дејност. Групата “Б” се занимавала со шпионажа и контрашпионажа, туѓа пропаганда, следење на работата на конзуларните претставништва, културно – просветните и други организации и друштва, додека групата “В” имала за задача да ја следи работата на бившите политички партии.[22]

Во територијален поглед, окупираниот вардарски дел на Македонија бил разделен на две области: Скопска и Битолска како највисоки територијални единици со кои управувале обласни директори и нивни заменици, додека пак административно Македонија била поделена на околии и општини, со околиски управители, односно кметови на општините и кметски наместници по селата[23].

Прилеп со своето подрачје бил вклучен во Битолската воена, полициска и административна област, така што сите околиски органи ѝ биле потчинети на обласната власт со седиште во Битола. До влегувањето на бугарските окупаторски војски во Прилеп се наоѓале единици на германската пешадиска и моторизирана дивизија “Адолф Хитлер”, кои влегле во градот уште на 8 април 1941 година и се сместиле во Касарната и другите објекти во градот. Веднаш потоа Германците формирале месна команда со помош на граѓани кои им се наклонети, преку која биле спроведувани наредбите во полза на своите воени и економски интереси. За кратко во Прилеп пристигнале и група Македонци – емигранти од Бугарија кои се поврзале со привремената власт со задача да го организираат пречекот на бугарските војски во Прилеп и извршување на подготовки за побрзо воспоставување на бугарската власт. По пристигнувањето на бугарската војска во Прилеп и воспоставувањето на бугарска власт,

[22] Архивските фондови – “Обласна дирекција – Скопје 1941 – 1944” и “Обласна дирекција – Битола 1941 – 1944” дава детални податоци за функционирањето на институциите кои биле под контрола на обласните дирекции за време на бугарската окупација на Македонија и е од исклучително значење за македонската историја во периодот 1941 - 1944.

[23] ДАРМ , Фонд 127, Обласна дирекција – Битола 1941 – 1944

германските единици се повлекле кон Белград, оставајќи една помала единица за врска[24].

Прилепската организација стапила во акција. Уште на 1 април вечерта се состанал Месниот комитет, на чиј состанок биле донесени значајни одлуки. Главната цел била комунистите и народот да му дадат отпор на окупаторот. На состанокот исто така бил заземен став да се бојкотира новата окупаторска бугарска власт – ниту еден комунист да не ѝ служи, а исто така да се одвраќаат сите чесни граѓани. Меѓу народот требало да се говори: “ни аир од Србите, ниту бериќет од Бугарите”.[25] Исто така, била формирана комисија за собирање оружје и воjничка опрема што дефинитивно значело дека војната е на прагот. На 9 април било одржано советување со секретарите на ќелиите на кое присуствувал и самиот Црвенковски кое всушност било предвесник на Револуцијата и прилепското востание кое следи. По доаѓањето на Тиквар во Прилеп, пристигнало и предупредување дека во Месниот комитет имало премногу интелектуалци, а всушност биле само Црвенковски и Борка Талески, по што Црвенковски повторно бил отстранет од комитетот, а ја продолжил својата активност како секретар на интелектуалната ќелија, каде главно членувале студенти. Преку таа ќелија одела врската со голем број интелектуалци кои не биле во Партијата, но биле симпатизери. Со исклучок на Битолско и Преспа, на територијата на цела Македонија најслаба карика на Партијата ѝ биле селата. Бидејќи таму комунистите немале речиси никакво влијание, МК оформил комисија за работа на село, во која бил вклучен и Црвенковски со цел Партијата да добие барем некоја потпора и во тие делови.

Пред да пристигнат бугарските окупаторски војски во Македонија, во Прилеп пристигнал бугарскиот министер за надворешни работи Данаил Крапчев со уште неколку политичари и државници со цел да ја испита положбата во неколку места. Црвенковски и Данаил Крапчев биле во блиски роднински врски односно Крапчев бил роден брат на бабата мо мајка на Црвенковски, Ирина.

[24], (Прилеп и Прилепско во НОВ 1941, 1976) стр. 237 – 238.
[25] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 45

Македонската национална свест веќе била на високо ниво кај македонските комунисти. Крапчев добро знаел во што е вплеткан Црвенковски, но како што вели и самиот му дал шанса да се предомисли. За време на семејниот ручек му се обратил на својот внук со зборовите: “А, бе Крстју, се прикажува дека си бил прогонуван за б’лгарштината?” Црвенковски на тоа одговорил: “Не, вујко погрешно ти кажале”[26]

По извесно време Црвенковски заминал во Софија, односно сите студенти по окупацијата заминале таму за запишување на софискиот универзитет. Црвенковски бил гостин во домот на Данаил Крапчев, не случајно, туку со цел да биде под негова контрола. За време на краткиот престој во Софија секојдневно демонстрирале по софиските улици. Кога подоцна мајката на Црвенковски била во посета кај вујко си Данаил, тој ѝ се обратил со зборовите “Благородна, твојот син е непоправлив комунист[27]”.

На 22 јуни 1941 проструила информацијата дека СССР бил нападнат од Германија, што за прилепските комунисти не претставувало големо изненадување бидејќи прилепчани биле сведоци на постојаното движење на германски војски од Грција кон север. И покрај расправиите кои се воделе летото 1941 година во ПК на Партијата околу припојувањето на организацијата кон БРП, состојбата воопшто не влијаела врз подготовките на прилепските комунисти за заминувањето во партизани. Подготовките за вооружена борба продолжиле. Се собирала војничка опрема, храна, зимница, шатори и кебиња, оружје и муниција. Сите комунисти кои биле барани од полицијата заминувале да се засолнат на Селечка Планина (Будимаш), каде до крајот на август веќе била формирана чета, подготвена на првиот повик да замине во партизански одред. Сите оние кои биле одредени за партизани меѓу кои и Црвенковски, биле организирани во групи во кои се вршела редовна неделна обука за ракување со оружје. Некаде во средината на август била изведена и првата диверзија кај железничкиот тунел до Богомила. Всушност, членови на диверзантска група од Прилеп, кои имале задача да го извидат

[26] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 47
[27] Исто

тунелот кај Богомила на железничката пруга Прилеп-Велес, се судруваат со бугарското обезбедување на тунелот. Притоа се убиени двајца бугарски стражари кои беа првите окупаторски војници паднати во директни судири со организирани сили на Народноослободителното движење (НОД) во вардарскиот дел од Македонија.

На 12 септември 1941 година била формирана Прилепската партизанска чета, за конечно на 11.10.1941 година со нападот на бугарската полициска станица од страна на прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев" да започне антифашистичкото народно востание против окупаторската власт. Црвенковски е целосно вклучен во востаничките подготовки и избран за политички комесар на одредот.[28]

На 1 или 2 октомври, се сеќава Црвенковски, МК одржал состанок во присуство на Борка Талески кој бил назначен за член на Бирото на новиот ПК по суспензијата на Шарло. Борка на состанокот го известил членството дека била донесена одлука за кревање на востание во Македонија, а за точниот датум ќе бидат известени од страна на еден другар по воена линија кој би требало за кратко да пристигне во Прилеп. На 8 октомври пристигнал Лазар Колишевски[29], не по редовна врска туку по свој школски другар кај кого се состанал со Црвенковски. Колишевски побарал врска со секретарот на МК и Црвенковски го поврзал со Вера Ацева. Месниот комитет донел одлука акцијата да започне на 11 октомври. Зборното место на партизаните било зад Маркукуле[30].

На 10 октомври биле извршени последните подготовки за вооружен напад од страна на Партизанскиот одред во Прилеп. Оружје и муниција, храна и сè друго што било потребно било однесено на одредените места, известени биле партиските организации, СКОЈ и Народната помош за да биде на штрек. Исто така и политичките затвореници во Затворот биле известени за да бидат подготвени.

[28] (Митреска Елизабета, 2012) стр. 42.
[29] Лазар Колишевски- Учесник во НОВ, народен херој, член на КПЈ од 1935 г., делегат на АСНОМ, прв претседател на Народната влада на НР Македонија во 1945 г, долгогодишен претседател на СКМ, член и претседател на Претседателството на СФРЈ, подоцна жесток противник на Црвенковски
[30] Маркови кули - дијалект

На 11 октомври во Прилеп дошла Вера Мирчева со порака да се одложи формирањето на Партизанскиот одред и извршувањето на акцијата. Партиското раководство одбило да ја прими Вера Мирчева од Велес и пораката носена од неа во име на некој член на ПК[31].



***Участокот во 1941 година***

Во однос на решителноста на Црвенковски како што самиот вели, пресудна била упорноста на Вера Ацева, како и смелоста на Трајко Бошковски - Тарцан да се изврши акцијата и покрај подоцнежното писмо од ПК истата да биде одложена.

Така на 11 октомври вечерта зборното место на Партизанскиот одред според податоците од “Прилеп и Прилепско низ историјата”, се собрале 38 борци – партизани[32].

Според податоците кои се наоѓаат во некогашниот прилепски “Участок[33]”, денес Меморијален музеј “11 октомври 1941” кој се наоѓа во центарот на Прилеп,

[31] (Aceva, Vera, 1962) kn.1, str. 431.
[32] Прилеп и прилепско низ историјата, кн. 2, Прилеп 1972
[33] Полициска станица

зад Маркови Кули се собрале 35 партизани, а од присутните биле избрани 16 доброволци за напад на градот.



***Меморијалниот музеј во Прилеп денес***

Командирот Трајко Бошковски – Тарцан, шеснаесетте доброволци – партизани ги поделил во три групи, кои според планот би требало да извршат напад на Полициската станица, Затворот и Поштата.

Првата група која имала за задача да го нападне Участокот броела пет члена, а била предводена од Аспарух Јосифоски, потоа, Душко Наумоски – човекот кој бил задолжен да го убие стражарот пред участокот, Блаже Спиркоски, Драган Спиркоски и Милан Димоски.



Аспарух Јосифовски Душко Наумоски Блаже Спиркоски Драган Спиркоски Милан Димоски

Втората група која имала задача да го нападне Затворот била составена од шест члена: Никола Попоски, Душан Ристески, Мице Козар, Благоја Корубиноски, Пецо Крстески и Јонче Јанески.



Никола Попоски Душан Ристески Мице Козар Благоја Корубиноски Пецо Крстески Јонче Јанески

Третата група имала за задача да ги прекине телефонските врски односно да изврши напад на Поштата била составена од: Киро Ќососки, Коле Чашуле, Мице Димески, Кире Базерко и Крсте Црвенковски.



Киро Ќососки Коле Чашуле Мице Димески Кире Базерко **Крсте Црвенковски**

Познатиот македонски писател Коле Чашуле кој и самиот бил учесник во нападот на 11 октомври 1941 година во следниот текст дал уметнички доживеана слика на настаните.

***

*“Се збираме в планина. На Наковална*[34] *сме, под Црвени Стени*[35]*. Се чистат пушките... Се редат реденицитe. Им се радуваме како деца на пушките.*

*Од градот пристигнуваат нови другари. Се затскриваат зад камењата и се приближуваат. Стражарот ги запира. Проверка. Ете ги меѓу нас.*

*Се распрашуваме за в град, како кој знае од кога, со години да не сме биле...*

- *Како, се чувствува нешто во градот, се имаат размрдано браќата*[36]*, а? – прашуваат другарите.*

---

[34] Највисокиот врв на Маркови кули, кај Прилеп наречен така поради изгледот.
[35] Карпест рид во продолжение на Маркови Кули.
[36] Подбивно именување на бугарските окупатори, кои се претставувале како ослободители.

- *Не, бре, мирно е сѐ... Пазар како обично...*
- *- Ти мислиш, оти ние знаеме и цел свет знае... – се шегува Борка Модерното[37].*
- *Е, така, така, - си ги трие рацете Тарцан[38], - уште поарно... Ех само бргу да се стемни – и луто погледнува накај сонцето. Само побргу... си мислиме сите.*
- *Веќе се смрачи. Уште над Крушево небото е алено вивнато, но и тоа веќе згаснува...*

  *Се збираме на една чистинка, сега веќе слободно, не се криеме...*

  *Се определуваат тројките. Тишина. Јавка. Се дава место на кое ќе се најдеме со одредот[39]. Се разјаснува планот. И тргнуваме... Слеговме од Маркови Кули. Веќе сме низ нивјето. Застануваме. Погледнуваме на саатот. Чекаме да се приближи времето... Сите молчиме. Време е. Тргнуваме. Се делиме според задачите: На участокот, на затворот и на телефоните[40]. Први почнуваме ние со телефоните. Имаме десет минути време. На местото сме. Ја растргнуваме жицата, врзуваме камен, а малиот Базерко[41] ни кажува како ќе работиме. Првиот камен не успеа. Од каршија затрешти каменот в пенџериња... Се притајуваме зад една кола... Ништо... Немаме време за чекање. Вториот камен успеа: телефонските жици се поврзани и истргнати. Го фрламе и третиот. И тој успева. Одеднаш небото над нас блеснува како ден, надолу како млеко летна светлоста... Тоа значи дека спојот е исправен. Овој момент по телефонските жици е пуштена струјата. Овој момент пукаат ламбите во централата. Тргнуваме. Акцијата е завршена... Без пречки... Но мислата само лета кон другите... Го гледаме саатот...*
- *Еве сега...*

*И во моментот слушаме револверско пукање[42]. Значи стражарот е готов. Успеале, несетени, пред време. Трештат бомби, - закрештуваат и пушките. Затечените на улица полицајци избезумено се разбегуваат. Нови бомби... пукотот на пушките се засилува, од некаде почнува и некоја машинка. Се повлекуваме накај зборното место. Се збираме... Градот трешти. Лево од нас во касарните трубата свири узбуна... Се прибираат и другите. Се пребројуваме. Нема ни паднат в раце, ни ранет, ни загинат.*

- *Ние успеавме на жиците, - рапортира Коробов, сѐ е успешно, жртви нема. Немавме борба...*
- *Сјајно – се истргнува од устата на Борка и Тарцан... Сјајно...*

*Рацете се разгрнуваа и се гушнуваа цврсто... Стегаме до болка...*

- *Тоа е нашата прва акција... Прва во Македонија... Прва и успешна...*
- *Напред, да се најдеме со одредот....*

*Тргнуваме. Градот трешти... Машинките на ветер работат[43]. Исплашените полицајци и на сенките пукаат... А ние се поткачуваме сѐ понагоре... Сега сме вистински партизани... Имавме вистинска, прва и успешна акција"*[44]

---

[37] Борка Талески- народен херој.
[38] Трајко Бошковски – народен херој.
[39] Зборното место за комплетирање на одредот по акцијата.
[40] Со краток спој на жиците од телефонската централа и електричната струја требало да се уништат градските телефонски врски.
[41] Киро Базерко
[42] Убивањето на стражарот пред полицискиот участок бил знак за започнување на акцијата.
[43] Окупаторот пукал бесцелно, иако партизаните веќе го напуштиле градот.

По извршувањето на акцијата, во градот започнала потера по партизаните од страна на полицијата. На договореното место не успеале да пристигнат сите учесници бидејќи дел од нив биле уапсени. Црвенковски со една помала група се засолнил меѓу карпите на Маркукуле, а поголемиот дел од партизаните под водство на Борка Талески и Тарцан останале да ги чекаат резултатите во градот, а по согледувањето на ситуацијата заминале во Ропотово. По ден – два засолнување во градот, Црвенковски воспоставил врска со МК и бил упатен да им се придружи на другарите од одредот, од Ропотово на Бабуна, над Степаничкиот манастир[45].

На 23 октомври, со посебна церемонија и давање свечена заклетва, се оформил штабот на одредот "Гоце Делчев", каде за политички комесар бил назначен Крсте Црвенковски.

Зимата 1941 година, Страшо Пинџур[46] ја пренел одлуката на ПК КПЈ за Македонија, одредот да биде расформиран и луѓето да се прераспоредат. Во периодот од неговото формирање, до неговото распуштање на 25 ноември, одредот „Гоце Делчев" организирал повеќе активности по селата во прилепскиот крај, пред сè во објаснување на целите на борбата. По расформирањето, неговите борци биле упатени на илегална работа во Прилеп, Битола, Преспа, Скопје, Велес и Кавадарци, а дел паднале во рацете на бугарската полиција.

И покрај тоа што слободно може да се каже дека прилепската организација била речиси најмоќната во Македонија поради слабото влијание во селата, добар дел од одредот заминал во битолските села, а неколкумина во Скопје[47].

По расформирањето на одредот Црвенковски заминал накратко во Велес па потоа во Скопје каде бил сместен кај Киро Георгиевски – Дејан[48]. Од таму

---

[44] (Јордан Димевски, Војо Кушевски, 1973) стр. 146 – 147.
[45] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 50.
[46] Страхил „Страшо" Пинџур (1915 - 1943) — македонски комунист, член на КПЈ од 1934 година. Бил член на студентското друштво „Вардар" на Белградскиот универзитет и активист на МАНАПО. Учесник во НОБ.
[47] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 51

контактирал со Мара Нацева[49], Вера Ацева и Борка Талески. За време на отсуството на Бане Андреев[50], Црвенковски повторно бил вратен во Велес овој пат како инструктор, сè до враќањето на Бане Андреев од Софија поради чие несогласување Црвенковски се вратил во Скопје. При една средба со Кузман Јосифовски кој во тој период бил секретар на Окружниот комитет на Партијата Црвенковски бил пренасочен во Тетово во 1942, секако илегално преминувајќи ја границата. И таму бил задолжен за СКОЈ[51]. За време на престојот и извршената обиколка во Западна Македонија, Црвенковски ја воочил силната организација воспоставена од Кузман. Особено внимание на тој реон било посветено во повикување на Албанците на борба, во што за жал не бил постигнат голем успех со исклучок на Дебар, бидејќи балистичките организации и банди имале силно влијние таму.

Во првите месеци на 1942 година, со седиште во Тетово бил формиран Окружниот комитет на КПЈ за Западна Македонија во состав: Крсте Црвенковски – секретар и членови Мино Миновски, Кузман Јосифовски, Димо Гавровски и Томо Софрониевски.[52] Во март 1942 година, ОК донесува одлука за формирање на партизански одреди во овој дел на Македонија кое било значен чекор кон натамошниот развој на НОБ.

Како секретар на ОК Црвенковски добил задача да замине во Тирана и да се поврзе со ЦК на албанската партија. Во средината на август 1942 година Црвенковски заминал во Тирана каде се сретнал со Енвер Хоџа и Војо Куши, командант на Главниот штаб и секретар на Албанскиот комсомол.[53] При средбата се преговарало за соработка меѓу двете партии. За оваа цел во Албанија одат уште и Кузман Јосифовски и Трајко Бошковски.

---

[48] Киро Георгиевски – Дејан - Учесник во НОБ, еден од основачите на ОЗНА во летото 1944 година.

[49] Мара Нацева - (Куманово, 28 септември 1920 — Куманово, 1 јули 2013) — македонска комунистка, учесник во НОБ, прогласена за Народен херој во 1953.

[50] Народен херој

[51] Од февруари до летото 1942 год.

[52] (Ивановски А. Владо, 1973), стр.92.

[53] Архив на ИНИ – Скопје, Стенографски белешки од реконструкцијата на партиската организација – Тетово, стр. 69, изјава на Крсте Црвенковски.

Членовите на Окружниот комитет, непосредно по неговото формирање, добиваат задачи да одат на терен и таму да даваат инструкции за работа, каде што има и услови да формираат нови организации. Црвенковски заминува за Дебарца, каде скоро во сите села затекнува организирани групи, а во четири села и основни организации на КПЈ.

Карактеристично за овој период е и тоа што Окружниот комитет не одржува редовни врски со Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и сите акции ги презема по своја иницијатива. Се обидува да воспостави врски со ПК и испраќа извештаи. Меѓутоа. Се до мај 1943 година не успева да се поврзе, а во меѓувреме Црвенковски ќе биде уапсен и затворен.

Во низата активности што ги презема овој Окружен комитет за одбележување е прогласот до македонските жени од средината на 1942 година, во кој ги повикува да се организираат во заедничка борба против окупаторот. Со посебно писмо ОК се обраќа и до месните комитети, давајќи им одредени инструкции за поуспешно организирање на партизански одреди, за конспирацијата и други прашања од значење за развојот на НОБ. [54]

Формирањето и активноста на Окружниот комитет во Западна Македонија, како и активноста на иснтрукторите на ПК КПЈ за Македонија, во голема мера придонело за координирана активност на организациите на КПЈ, за организационо зацврстување на истите и формирање на нови организации. Во текот на 1942 година на оваа територија се формирани бројни нови раководства, покрај Окружниот комитет со седиште во Тетово, формирани се месни комитети на КПЈ во Тетово, Струга, Кичево, Дебар, Охрид, околиски комитет на територијата на Преспа и Гостивар итн. Покрај месните комитети на КПЈ, скоро на секаде на оваа територија постојат и околиски односно реонски комитети на СКОЈ. Сите комитети на КПЈ биле биле раководени директно од Окружниот комитет на КПЈ во Тетово, со исклучок на Околискиот комитет во Преспа.[55]

---

[54] (Ивановски А. Владо, 1973), стр.94.
[55] (Ивановски А. Владо, 1973), стр. 101-102.

Паралелно со ширењето на мрежата на КПЈ се засилува и агитационо-пропагндната работа, се зголемува бројот на борците а на теренот се формираат и народноослободителни одбори како никулци на новата власт. Во сите овие активности Крсте Црвенковски покажал неуморна работа.

Во Западна Македонија, кога секретар на Окружниот комитет бил Црвенковски, покрај „Востаник“ започнало издавањето и на весникот “Братство”, имајќи го предвид мешаниот состав на населението - Македонци, Албанци, Срби и Турци.[56] Основач на весникот бил Кузман Јосифовски, а уредник Црвенковски.[57] Издавањето на овие и други весници, нивното ширење и распространување на територијата на Западна Македонија играле голема улога за запознавање на населението со настаните нако на таа територија, така и со настаните во Југославија и во светот. Ова било од голема полза за за правилното оформување на сфаќањето за целите и значењето на антифашистичката НОБ воопшто, потоа за братството меѓу населението од територијата на Западна Македонија, што ќе биде од важност за натамошниот успешен исход на борбата. [58]

И покрај тоа што веќе бил искусен илегалец, кон крајот на септември 1942 година во Гостивар бил поткажан и уапсен. Полицијата не успеала да го дознае неговиот вистински идентитет бидејќи имал лажна легитимација на име Јован Спири. Во карабинеријата во Гостивар престојувал околу еден месец каде како што и самиот вели не бил подложен на некоја тортура. Оттука преку Кичево бил одведен во Струга, а потоа заедно со други затвореници во криминално – политичкиот затвор во Тирана. Таму затекнал цела група кичевчани членови на МК со кои се познавал. Набрзо Црвенковски станал член на партиското раководство на затворот предводено од Кочи Sose[59]. Партиското раководство организирало активна партиска работа во затворот. Тоа донесло решение за бегство и грижливо потготвувало план.[60] Во тоа време бил во изградба нов затвор

---

[56] Архив на ИНИ, Скопје, в. „Братство“, 17.08.1842, док. арх. Бр, 243.
[57] (Кузман Јосифовски - Питу (Време - живот- дело), 1995) стр. 442
[58] (Ивановски А. Владо, 1973), стр. 99
[59] Албански комунист воедно соперник на Енвер Хоџа, кој по војната станал втор човек во КПА, организационен секретар и министер за внатрешни работи на Албанија.
[60] (Бригадата на братството и единството, 1958), стр. 455.

надвор од Тирана, наменет само за политички затвореници каде биле преместени на долниот кат. Од таа причина веднаш било одлучено да се копа тунел за бегство. При првиот обид биле откриени, поради што групата била преместена на горниот кат. Поради големи дождови, долниот кат бил поплавен што било одлична прилика за повторен обид за бегство преку ископан тунел. Со оглед на околностите дека затворот не бил како бугарските ниту пак како италијанските затвори, тунелот бил повторно ископан.

Црвенковски во своите сеќавања дава поинаква слика на албанскиот затвор во близина на Тирана и воопшто на актуелната ситуација во Албанија.

"Ова беше затвор во една земја која имаше своја албанска влада, квислиншка, и која имаше окупациона италијанска војска. Таа влада успеа со помош на Мусолини, а потоа откако ја нападна Југославија и со помош на Хитлера, да создаде голема Албанија, дури и на територија како што е западна Македонија во тоа време кога во тој дел на Македонија имаше 150 – 200 илјади Албанци. Затоа и албанското комунистичко и антифашистичко движење на овие територии го немаше, тие се чувствуваа ослободени и создадоа една заедничка држава. Во Албанија пак, со инструктори на ЦК на КПЈ се разви едно силно партизанско движење. Во затворот имаше две стражи. Беше ограден со високи ѕидови и поставени митралески гнезда. Таму на стража беа италијански војници, а внатре во затворот чуварите беа Албанци. Кочи Sose почна со нив да разговара и ги придоби. Не само што ги придоби, туку мислам и (ги поткупи) им даде злато. Ноќе тој се затвараше со нив во собата каде што тие се распоредуваа и им читаше партиски материјали.[61]"

За пресвртница во ситуацијата Црвенковски го посочува моментот кога во затворот дошле Италијанците со список од неколкумина осудени на смрт и со барање да се изврши пресудата. Затворениците се побуниле, направиле барикади во затворот и започнале штрајк со глад, додека пак паралелно со тоа партиската организација во Тирана организирала масовни демонстрации во

[61] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 54.

корист на затворениците. Целата ситуација траела неколку дена по што министерството за правда ги прифатило затвореничките барања, прво осудените да не бидат предадени, второ поголеми слободи на движење во затворскиот двор и трето почести посети од страна на роднините. Очигледно е дека затворениците добиле слобода која ја немало во ниеден друг затвор.

Кога тунелот бил ископан, ЦК на албанската партија со однапред договорен датум требало да изврши диверзија на електричната мрежа, која првата ноќ не успеала. Следната ноќ диверзијата била успешна, по што успеале да избегаат околу 22 луѓе. Целата акција се одвивала во април 1943 година. Биле пречекани од еден мал албански партизански одред кој ги однел во главниот штаб над Елбасан стациониран на планина[62]. Црвенковски изразил желба да се врати во Македонија, по што со придружба бил испратен до одредот на Хаџилеш[63], со чија помош стигнал во Дебар од каде по неколку ноќи бил префрлен над Кичево во Лопушник и вратен на старата функција – секретар на Обласниот комитет на Партијата за Западна Македонија.

За време на капитулацијата на Италија[64], Црвенковски се нашол во Галичник, каде извесен период македонските партизани морале да се справуваат со балистите. Некаде во декември 1943 година по доаѓањето на Германските единици, бидејќи повеќе не било возможно задржување во Западна Македонија, во Главниот штаб на предлог на Цветко Узуновски[65] било одлучено да се премине во Егејска Македонија, каде Македонците биле добро пречекани од грчките партизани и распоредени по неколку села. Според Црвенковски таму се случиле два значајни политички настани. Било одржано едно советување на Комунистичката партија на Македонија (Преспанското советување), во кое се зборувало за натамошната борба и за стратегијата на борбата, а во декември 1943 година, во Фуштани се одржал Првиот конгрес на Народната младина на

[62] Ова се случувало април 1943 година.
[63] Или Хаџи Леши - Албански комунист, учесник во НОВ на Албанија, генерал – мајор и претседател на народното собрание НР Албанија, прогласен за народен херој на Албанија.
[64] 8 септември 1943 година.
[65] Цветко Узуновски - Македонски комунист, учесник во НОБ и истакнат комунистички функционер по ослободувањето.

Македонија (Народноослободителен младински сојуз на Македонија), на кој Црвенковски бил избран во раководството, а потоа за претседател. Црвенковски раководел со овој конгрес во својство член на ПК на СКОЈ[66]. Од ноември 1944 година е секретар ПК на СКОЈ.

Крсте Црвенковски е учесник во Богомилскиот поход во февруари 1944. година. Неколку месеци бил и заменик на политичкиот комесар на Првата македонска бригада. Во рамките на задавање конечен удар на окупаторите, ЦК КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ се договориле во зимата да се тргне во три правци: еден правец на Првата македонско – косовска бригада кон Порече, со тоа да се ликвидира една група четници и друга група со два баталјони спрема Козјак каде што имало партизански одреди под команда на Христијан Тодоровски - Карпош[67]. Таму во декември била формирана и Втората македонска бригада, а на 28 февруари на Козјак била формирана и третата која ја има изведено т.н. мајско – јунска офанзива. Црвенковски истакнува дека во оваа офанзива посебна улога одиграл генерал Михајло Апостолски[68] каде во деноноќните борби покажал неверојатна способност за командување. Тој останал со бригадата во која Црвенковски учествувал како претставник на Покраинскиот комитет на СКОЈ.

По овие настани Црвенковски добил налог да се врати во Дебарца, а во меѓувреме Македонско-косовската бригада се поделила на две групи баталјони – македонски и косовски со посебни команди, каде тој станал заменик политички комесар на групата македонски баталјони. Во тоа движење за еден ден бил ослободен Дебар, но само на еден ден бидејќи од Струга наишла германска војска со тенкови по што македонските партизани морале да се повлечат.

Некаде во јуни била формирана Првата македонска бригада, во замена за Првата македонско – косовска бригада, но од Главниот штаб и од ЦК дошла телеграма Црвенковски и Цветко Узуновски да ја напуштат бригадата и да

---

[66] Изјава на современикот Благоја Чонески, претседател на Сојузот на борците – Прилеп (лично интервју, август 2014 година.)
[67] Истакнат македонски партизан во НОВ, прогласен за народен херој во 1945 година.
[68] Македонски партизан, генерал, командант на НОВ и ПОМ, воен теоретичар, историчар и народен херој.

заминат на Козјак, каде што се подготвувало заседанието на АСНОМ. Поради воените околности не пристигнале на заседанието каде Цветко Узуновски бил делегат, а веднаш потоа Црвенковски бил повикан да се врати назад во Покраинскиот комитет на СКОЈ, додека Узуновски требало да го преземе раководството на штотуку организираната ОЗНА. Со овој настан завршило присуството на Крсте Црвенковски во единиците на НОБ.



***Крсте Црвенковски и Александар Крстевски Јулски***

На 19 ноември 1944 македонската војска ги протера и последните окупаторски и колаборациони сили од Тетово и Гостивар, со што дојде до конечно ослободување на вардарска Македонија односно на македонската држава како дел од југословенската федерација. Зборувајќи и сеќавајќи се на овие денови на борбата, Црвенковски ќе напише: „Востанието од 1942-1945 година беше

кристално чисто македонско-национално востание насочено кон егзистенцијалните македонски интереси, борба за слобода против моменталните фашистички окупатори, но и конечна пресметка со сите наши поранешни поробувачи, кои го негираа македонскиот национален идентитет, кои со перфидни методи, бескрупулозни репресии, се со цел да нѐ асимилираат во своите национални корпуси... Иако од почетокот до крајот на Востанието, беше предводено од комунистите, тоа кај нас не прими карактер на борба за социјализам, односно комунизам, ами тоа се развиваше и растеше врз македонска национална платформа.... Крајната цел на нашето востание беше создавање на македонска држава, што ни беше останато како завет од нашите претходни револуционери и револуционерни борби, особено оние од времето на Илинденското востание од 1903 година“.[69]



***Крсте Црвенковски, Скопје, 1945 година***

[69] (Митреска Елизабета, 2012) стр. 93.

# ГЛАВА ВТОРА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА ДО СЕДМИОТ КОНГРЕС НА СКЈ

Периодот по прогласувањето на ДФМ сè до Седмиот конгрес на партијата (1958) е време исполнето со решавање на крупни краткорочни и долгорочни задачи кои стоеле пред новите власти. Во првите неколку години, се градат институциите на државата и се зацврснува власта на Комунистичката партија заедно со јакнењето на југословенскиот централизам. Притоа, на македонската политичка сцена се појавуваат две струи - „ројугословенската“, предводена од Лазар Колишевски и „промакедонската“ („автономисти и сепаратисти“) предводена од Методија Андонов – Ченто. Овие струи се разликувале во однос на конечното решавање на македонското прашање дали само како југословенско или пошироко како балканско прашање, но исто така пројавиле различности во однос на методите на КПЈ со кои се спроведувале одделни мерки на стопански и политички план: експропријацијата, конфискацијата и расчистувањето со идеолошките неистомисленици.

До судирот на КПЈ со Информбирото (1948) доминатна идеолошко-политичка борба се води против т.н. автономисти и сепаратисти, особено по судењето на Методија Андонов – Ченто во ноември 1946 година. Во текот на 1948-та и подоцна започнува борба против реалните и наводните информбировци и симпатизери на СССР и Сталин. Овој жесток прогон завршува по смртта на Сталин и нормализирањето на односите меѓу Југославија и источните земји. Меѓу другото судирот со Сталин имаше влијание кај повеќе комунистички кадри и теоретичари да бараат начини и методи за дистанцирање од сталинизмот, па дури уште подалеку барања за партиски плурализам, какви што беа на Милован Ѓилас. Од сето тоа ќе произлезат и неколку позитивни појави и насоки на развојот

на државата: обиди за реформи во партијата, воведувањето на работничкото самоуправување и ориентација кон политиката на неврзување на меѓународен план.

Крсте Црвенковски во овој период е дел од партиската структура во која на почетокот играл особена улога во рамките на СКОЈ, така што бил вклучуван во директните активности на Политбирото на ЦК КПМ. Според неговите сеќавања како член на Политбирото директно бил вклучен во почетокот на 1948 година, а според Киро Глигоров, иако Црвенковски не бил делегат на АСНОМ „тој се третирал како член на Политбирото и одговорен политички функционер“.[70] Меѓутоа, во периодот на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ на кое Црвенковски заедно со Цветко Узуновски не можел да пристигне заради воените околности, тој официјално не бил член на Политбирото на ЦК КПМ туку на раководството на НОМСМ.[71]

Набрзо како способен републички кадар, по Шестиот конгрес на КПЈ/СКЈ (1952) почнува да се афирмира на југословенски план.

## 2.1. Активностите во СКОЈ и влегувањето во Политбирото на ЦК на КПМ

По прогласувањето на Демократска Федерална Македонија на Првото заседание на АСНОМ, активностите на Црвенковски се во рамките на организацијата на комунистичката младина, чија улога била огромна, како во мобилизирањето на младите за борба за конечно ослободување на земјата, така и во обновата на земјата по нејзиното ослободување од окупаторските војски. Во ослободено Скопје, на 13 ноември 1944 година, меѓу другите ангажмани, Крсте Црвенковски доаѓа и како член, односно од ноември 1944 и секретар на ПК на СКОЈ.

СКОЈ или Сојузот на комунистичката младина на Југославија всушност бил младински огранок на КПЈ во периодот од 1919 до 1948 година. Иако бил

[70] (Глигоров, Киро, 2002) стр.67
[71] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 67

забранет само по две години од неговото основање и повремено жестоко прогонуван, продолжил со работа во илегала и бил влијателна организација меѓу револуционерната младина во Кралството Југославија, а дополнително станал важен организатор на НОБ против окупаторите. По Втората светска војна СКОЈ се обединува со Обединетата социјалистичка младина на Југославија и станал поширока организација на севкупната младина во Југославија во која членувале одделните републички организации - Народноослободителниот младински сојуз (НОМС). Така „СКОЈ е масовна организација на комунистичката младина, а НОМС е Сојуз на сите младински антифашистички организации на сета патриотска младина, без оглед на народносната, верската, социјалната и политичката разлика, поврзани меѓу себе со единствена цел - борба за ослободување на работната младина од јаремот на фашистичките окупатори и народните предавници“.

Црвенковски стапува во редовите на СКОЈ од својата 14-годишна возраст и низа години претставува еден од најактивните членови и раководители. „СКОЈ како најсилна и најискусна младинска организација е главен организатор на НОМСМ и како таква има задача насекаде да ја проширува организацијата на НОМСМ“. СКОЈ интензивно работи врз создавање на мрежа на младински организации кои како дел од Народниот фронт ќе се вклучат во сите масовни акции на новата власт. Така, во рамките на обновата на разрушената земја, младината го понела речиси најголемиот товар. Низ целата република се формирале младински чети кои неуморно работеле врз поправка на разрушените мостови, патишта, пруги, во обновата на разрушените домови и згради.

За време на одржувањето на Вториот конгрес на НОМСМ кој започнал во јануари 1945 година, Црвенковски бил претседавач на истиот. Конгресот се одржувал во Офицерскиот дом во Скопје со иконографија својствена за времето: напред слики на маршалот Тито и на големите водачи на Антихитлеровската коалиција, со развеани знамиња, испишани антифашистички пароли во духот на победниците итн. На Конгресот присуствувале околу 1000 делегати од сите делови на Македонија, претставници од комунистичката младина на Албанија, Бугарија, Грција, Советскиот Сојуз и од другите федерални единици на

Демократска Федеративна Југославија. Од говорницата се поздравувале големите победи над фашизмот и се потенцирало братството и единството на македонската младина со младината на другите народи на Југославија. „Од редовите на младината, како што се вели во рефератот на Ацо Шопов, треба да излезе најголем број учители, кои ќе се распрснат по сите краеви, по сите села и да ги задоволат нуждите на народот за знаење и просвета“.[72]

Набрзо по оваа конференција, на истото место, речиси со истата сценографија, на 11 јануари 1945 беше одржана и Првата конференција на балканската младина. На Конференцијата, во присуство на делегати од Југославија, Грција, Албанија и Бугарија, меѓу другото, беше донесена Резолуција за зближување на младината на балканските земји со надеж за изградба на еден нов слободољубив свет чија основна одредница беше антифашизмот.[73]

Во текот на 1945 и 1946 година, Младинската организација во Републиката, особено активно се вклучила во обновата на разурнатото стопанство, регулирањето на реките, исушувањето на блатиштата и изградбата на мелиоративните системи. Во духот на братството и единството, македонската младината масовно се организирала во работни бригади кои работеле врз бројни сојузни и републички доброволни работни акции (Шамац-Сараево, Брчко-Бановиќи, Маврово, Моноспитово итн.).

Акциите на масовните организации, ударничките песни и ентузијазмот во изградбата на „новиот живот“, конференциите, митинзите, собирите од различен вид му давале посебна живост на целокупното секојдневие во овие први повоени години.

Паралелно со ентузијазмот да се гради нов живот во слободна татковина, течел процесот на зацврстување на власта на Комунистичката партија и централизмот наспроти барањето на дел од државните кадри во ДФМ за поголема самостојност на републиката во однос на федерацијата. Истовремено, заради

---

[72] „Титовата младина ќе ги исполни своите задачи“ – реферат на Ацо Шопов, *Нова Македонија,* II/31, 14.1.1945.

[73] „Резолуција на састанокот на младинските делегации на првата балканска конференција“, *Нова Македонија,* II/30, 11.1.1945.

постојните надежи и барања за обединување на Македонија, присутни сред мнозинството од македонскиот народ, во редовите на војската и кај дел од раководните кадри, сојузните органи започнаа со кадровска смена во војската, при што наместо македонските началници беа поставувани Срби или Црногорци.[74] Ваквиот однос беше повод за побуна на дел од војниците на артилериските бригади сместени во касарната на Скопското кале на Божик (7 јануари) 1945 година. Меѓу другото, побунетите артилерци бараа македонската војска да се насочи на југ, кон Солун,  со цел обединување на македонскиот народ, а не на север кон Срем. Побуната, позната во историографијата како „Настаните на Скопското кале“, се случи во моментот кога во свечената сала на Официрскиот дом во Скопје се одржуваше Вториот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија (НОМСМ) од каде допираа извиците дека младите ќе јуришаат дури „до  Берлин, таму да го постават знамето на Југославија“.[75] Тоа беа мигови на издигнување на култот на Јосип Броз Тито, на воспоставувањето на власта на комунистите, на зацврстувањето на југословенскиот централизам и интернационализмот под раководството на СССР и Сталин. На нивните повици „На Берлин“, дел од македонските артилерци сместени во касараните на Скопското кале, маршираа со паролата „На Солун“.

""Една група од учесниците упадна во салата и праша: „Кои се овде Срби. Дајте ги Србите. Покажете ни кои се Срби". За среќа, делегацијата на УСАОЈ ја водеше Хрват, Славко Комар, кој беше и член на ЦК СКОЈ на Југославија. Околу тој бунт на Кале се испредоа многу приказни”. [76] Црвенковски за себе вели дека не постои негова приказна, односно дека треба да се види документацијата за тој настан, каде што јасно може да се увиди дека нема загинати на Кале.[77] Сите наведени како убиени, всушност биле изведени пред суд и пред полицијата.[78]

Побунетите војници ќе ги смири командантот на ГШ на НОВ и ПОМ, Михаило Апостолски, кој кај нив уживал несомнен углед. Набрзо организаторите на

---

[74] ДАРМ, ф. ЦК СКМ, 1945 (1.427.4.7/66-67)

[75] „Титовата младина ќе ги исполни своите задачи“ – реферат на Ацо Шопов, *Нова Македонија,* II/30, 11.1.1945.

[76] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 67

[77] (В. Ивановски и други, 1997)

[78] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 68

побуната беа затворени и осудени, а на 10 јануари 1945, Петнаесеттиот Народноослободителен ударен корпус на македонската војска беше насочен кон Сремскиот фронт[79].

Во однос на случувањата на Скопското кале, каде немало масовни стрелања, како што подоцна ќе се манипулира, Црвенковски веднаш ги осудува како обид за дестабилизација на тукуштo воспоставеното братство и единство и стекната државност, со оглед на меѓународниот фактор. Во тој поглед всушност ги дели ставовите на Михајло Апостолски, Тодор Атанасовски, Лазар Колишевски[80] и други. Подоцна тој ќе напише: „Цело време имаше струја, дури и во самото партизанско движење која се залагаше за обединување на Македонија. Институтот за национална историја издаде две книги документи од Форин офис, каде што апсолутно се гледа дека би било една авантура да се отиде на Солун, зашто тами беа Англичаните, сојузниците". Истовремено "политички беше неодржливо бидејќи во Јалта беше направена поделба на сферите на влијание"[81].

По овие настани Црвенковски бил испратен како инструктор на КПМ на терен по организациите, се до завршување на реорганизацијата на истите на територијата на Македонија, каде биле направени четири обласни комитети; Скопје, Штип, Велес и Битола. Следниот ангажман му бил политички секретар на Обласниот комитет на Партијата во Битола воедно и секретар на Обласниот народен одбор. Тоа е период на партиската држава кога се поклопува партиската со државната функција. На оваа функцијата останал една година, од ноември 1945 до ноември 1946 година, а во меѓувреме запознал својата идна сопруга Марга со која стапиле во брак. [82]

---

[79] (Ачкоска В., Жежов, Н., 2006), стр. 147-159.
[80] (Кљакиќ, Драган, 1994) стр. 268-269
[81] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 69
[82] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 70




***Марга и Крсте Црвенковски, јануари 1947***

Во 1946 година бил испратен на школување во Белград, на високата политичката школа „Ѓуро Ѓаковиќ", каде останал една година, до ноември 1947, по што се вратил и станал началник на инструкторската управа со времетраење од два месеци. Во јануари 1948 година од страна на Колишевски, Црвенковски бил извесетен дека заедно со уште неколкумина се примени директно во Политбирото на ЦК КПМ, што всушност се случило околу шест месеци пред судирот меѓу Југославија и СССР, односно нападот на Информбирото врз КПЈ и Југославија. Ова е време на силна моќ на Лазар Колишевски и на пројугословенскта струја на македонската политичка сцена по затворањето на Методија Андонов – Ченто и

политичката дисквалификација на неговите соидејници, кои во најголем број ќе бидат репресирани токму за време на овој судир.

Заради постигнување на посилна внатрепартиска кохезија за одбрана од нападите на Сталин и КПСС, ЦК на КПЈ го свикува историскиот Петти конгрес на КПЈ во јули 1948 година. На овој конгрес се избрани нови централни органи и тела на партијата, при што во највисокото тело, Политбирото на ЦК КПЈ ќе нема ниту еден комунист од Македонија. Тоа всушност зборува за незначителното влијание на македонските кадри во креирањето на југословенската политика во првата декада од развојот на авнојска Југославија. Во ретките личности кои станувaa дел од централните органи, Црвенковски е на списокот на кандидати за ЦК КПЈ.[83]

На крајот на годината, во декември бил свикан и Првиот конгрес на КПМ каде се дава целосна поддршка на ставовите на Петтиот конгрес на КПЈ.

На планот на идеолошките чистки во борбата против Сталин (1948-1953), Политбирото на ЦК на КПЈ ги примени најсталинистичките методи за „општествено превоспитување“, проследено и со бројни ликвидации на реални опоненти и измислени непријатели. Голи Оток е парадигмата на тоа монструозно газење врз човечкото достоинство, иако, според официјалните толкувања, сето тоа било спроведено заради одбрана на државата од внатрешните непријатели.[84]

Судирот со Информбирото предизвика тешки последици за Југославија и за Македонија на внатрешен и меѓународен план, особено врз влошувањето на положбата на Македонците во соседните држави[85], кое ќе биде едно од прашањата кои секогаш ќе бидат на дневен ред на политичката агенда на Крсте Црвенковски. Особено голем ангажман Црвенковски ќе вложи во напорите за признавње на националните права на Македонците во пиринскиот дел на Македонија, односно во НР Бугарија.

---

[83] (Одлуке V конгреса КПЈ, 1948), стр. 112
[84] (Ачкоска В., Жежов Н., 2006) стр. 218-283.
[85] (Ачкоска Виолета, 2003) стр. 92-96

Судирот Тито-Сталин завршува по смртта на Сталин (март 1953) и со воспоставувањето на државните и партиски односи со СССР и земјите на Информбирото во средината на педесетите години.[86] Истовремено, гледано од друг агол, во овој период се случи голем пресврт во напуштањето на сталинизмот и особено социјалреализмот во културата. Изолацијата на Југославија и нејзината екскумуникација од „светот на социјализмот", беа повод за барање на нови пријателства и сојузи и определување на Југославија за политиката на неврзување.

## 2.2. Од шестиот до седмиот конгрес на КПЈ/СКЈ

Судирот со Информбирото  на внатрепартиски план предизвика чистка на многу кадри  воспитувани во коминтерновски дух и цврсто врзани за СССР, иако во тоа расчистување настрадаа и многу невини жртви. Особено на удар беа некогашните „автономисти и сепаратисти" од т.н. промакедонска струја (Петре Пирузе – Мајски, Лазар Соколов, Панко Брашнаров, Павел Шатев итн.).  Сепак КПЈ директно го почуствува сталинизмот врз својот грб, заради што почна да бара нови патишта на развој на социјализмот и демократизација на внатрепартиските односи, се разбира до степен до кој дозволуваше веќе изградениот култ на Јосип Броз – Тито. Во овие рамки се воспоставуваше дозирана слобода, а интелктуалците беа ставени под сомнеж заради евентуално посилно изразување на нивниот индивидуален став кој секогаш не беше на исти позиции со официјалните партиски директиви.

Во рамките на изградбата на социјализмот се напушташе советскиот модел со враќање на изворниот марксизам. Била истакнала паролата „Фабриките на работниците" која означи воведување на работничкото самоуправување. На внатрепартиски план, КПЈ се преименува во Сојуз на комунистите на Југославија на Шестиот конгрес во 1952 година. Додека на Петтиот конгрес на КПЈ Црвенковски е избран за кандидат-член на ЦК КПЈ, на овој конгрес веќе станува член на ЦК и постепено започнува градењето на неговата сојузна кариера.

[86] Во овие рамки беа склучени меѓудржавната Белградска декларација (1955 година) и меѓупартиската Московска декларација (1956 година)

Притоа, тој е еден од ретките македонски кадри кои ќе заземаат не само високи позиции во Белград, туку еден од можеби најреспектираните заради покажаните резултати во работата.

Проблемот со интелектуалците, во кои несомнено спаѓаше и Крсте Црвенковски, отворен уште при престојот на Светозар Вукмановиќ – Темпо како инструктор на ЦК КПЈ во Македонија, ќе биде изразен особено во рамките на македонското партиско раководство. И првиот човек на партискиот агитроп, Милован Ѓилас се до судирот со Сталин смета дека на партијата не и се потребни интелектуалци кои до крај не се нејзини верници. Темпо пак, смета дека е подобро да има работничко-селански елемент во партијата, луѓе кои не знаат многу да зборуваат но кои ќе спроведуваат беспоговорно секаква директива. Крсте Црвенковски, постепено се издига над догматското поимање и на социјализмот и на партиската политика, сметајќи дека интелектуалецот треба творечки да пристапува кон секое прашање битно за натамошниот развој на социјализмот, државата и нацијата, кое на крај ќе го доведе во таборот на политички непожелни личности.

По Шестиот конгрес на партијата и покрај одстранувањето на Милован Ѓилас од раководството на СКЈ (1954) и осудата на неговите „анархолиберални“ ставови („ѓиласовштина“), процесите на демократизација и дистанцирањето од Сталин не можеа да бидат сопрени. Кардељ со своите тези за словенечкото национално прашање се спротивставува на тенденциите на интегралното југословенство кое го оценува како спротивно на самоуправниот социјализам.

Од средината на педесеттите години во НР Македонија се јавуваат нови ветришта и покрај партискиот идеолошки монопол. Се чуствувале нови тенденции во културата, уметноста, општествените и хуманитарни науки. Се јавува наплив на нови генерации творци кои излегуваат од кожурокот на социјалистичкиот реализам и кои внесуваат критички поглед кон стварноста. Како висок функционер во партиските и државни органи, Црвенковски уште во далечната 1954 година се залага за слобода на творештвото, сметајќи дека “социјализмот е таков систем што треба да овозможи секому до крај да ги манифестира своите способности”, но

во пракса, сепак било тешко изводливо да се промени ставот кон интелектуалците во општеството, односно целиот процес бил тешко прифаќан[87].

Истовремено било забележано дека дел од македонската национална интелигенција, како и многубројни студенти и средношколци реагираат на надворешната политика на СФРЈ која се залага за правата на Македонците во Пиринска Македонија, а не поставува „акциона програма за обединување на сите делови на Македонија“.[88] Секако дека барањата се обединување и покрај тоа што биле нереални во однос на меѓународните односи на Балканот, се сметале како непријателско делување, особено кога доаѓало од страна на групи и организации на ВМРО прозападно ориентирани. Но, сосема реално и потребно било државата да бара признавање на националните права на Македонците во соседните држави. На овој план подоцна ќе биде забележлива активноста и улогата на Црвенковски.

Размислувајќи околу “проблемот на интелектуалците” Црвенковски вели:

“Јас мислам дека во раководството на Партијата имаше мала антиинтелектуална струја и таа доведе до тоа добар дел од интелектуалците да биде испратени надвор од Македонија затоа што не го поддржуваше болшевичкиот принцип на демократскиот централизам. Тие што сакаа да изразат свое мислење беа испраќани на разни функции во Белград. Меѓу нив беше и Глигоров, затоа што по одделни прашања беше во судир со партиското раководство.”[89]

Во втората половина на педесетите години, се актуелизира една од клучните прашања во авнојската федерација – националното прашање. Почнале јавно да се појавуваат извесни дилеми околу прашањето: дали да се форсира интегралното југословенство или посебноста на секоја од нациите во рамките на ФНРЈ. Така, привидниот монолитизам и братството и единството како да биле ставени пред испит. Во тие рамки, во 1957 година, во новиот предговор за книгата

[87] (Ачкоска, Виолета, 2011) стр.
[88] (ДАРМ, ф: ЦК СКМ, к-69, а.е.33).
[89] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 70 - 71

„Развојот на словенечкото национално прашање" (објавена деценија порано) главниот идеолог на самоуправниот модел на социјализмот, Едвард Кардељ, ги критикува тенденциите за "интегрално југословенство" и афирмацијата на „југословенската нација" како бирократско-централистичка и „поврзана со остатоците на големосрпскиот национализам".[90]

Книгата на Кардељ била поттик за покренување на дискусии околу состојбите во меѓунационалните односи и реализирањето на меѓунационалната рамноправност, така што на седницата од 2.3.1958 година, ИК на ЦК СКЈ расправа за меѓунационалните односи. Биле усвоени и одредени заклучоци во однос на националните малцинства на кои им „се обезбедува рамноправно учество во југословенската социјалистичка изградба и полн економски и културен развој". На оваа седница дошле до израз почетните разидувања во сфаќањето на националното прашање во југословенскиот партиски врв.

Дискусиите продолжиле и на Седмиот конгрес на СКЈ, одржан истата година, од 22 - 26 април 1958 година, во Љубљана, во присуство на 1795 делегати. Бил избран нов ЦК од 135 членови, Централна ревизиона комисија од 23 членови и Извршен комитет од 23 членови. За Генерален секретар на СКЈ повторно бил избран Јосип Броз Тито, а за секретари на ЦК Едвард Кардељ и Александар Ранковиќ. Во Централниот комитет на СКЈ, избран на овој конгрес, од редовите на македонските комунисти влегоа: Лазар Колишевски, Љупчо Арсов, Вера Ацева, Страхил Гигов, Иван Караиванов, Крсте Марковски, Никола Минчев, Лазар Мојсов, Видоје Смилевски, Благоја Талевски, Борко Темелковски, Мито Хаџивасилев и Крсте Црвенковски. Како членови на ЦК СКЈ тие ќе останат до Осмиот конгрес во 1964 година, а поголемиот дел и до наредните конгреси. Овие личности истовремено беа членови и на највисоките форуми на СКМ, како и носители на највисоки државни функции во републиката. Така, Крсте Црвенковски влегол како новоизбран член на ЦК СКЈ со вкупно 1789 гласа "за".[91]

[90] (Ачкоска, Виолета, 2003) стр.108
[91] (VII конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија, 1958)



***Седми конгрес на СКЈ, Љубљана, 1958 година***

На овој конгрес била усвоена нова партиска Програма. Оваа Програма била иновативна во многу сегменти во однос на погледите кон социјализмот и во однос на програмите на другите комунистички партии. Тука всушност се зборува за различни патишта на развојот на социјализмот, со прифаќање на реалноста дека тоа се случува во современиот свет и се отфрла апсолутизација на советскиот модел како единствен пат. Во рамките на новите погледи кои се пласирале низ документите на овој Конгрес, почнува да се создава поповолна клима и во однос на поранешните осуденици на линија на ИБ. Веќе на 15 мај, ЦК СКЈ испратил циркуларно писмо до републичките партиски раководства и до околиските

комитети на СК во кое се третира прашањето за повторен прием на поранешните „информбировци“ во СКЈ.[92]

Црвенковски во пролетта 1958 година, бил назначен на функцијата секретар за просвета и култура, во чии рамки имало и комисија за културни врски со странство. Всушност во Федерацијата постоеле два органи од областа на просветата и културата: Секретаријат и Одбор за просвета и култура, кој бил предводен од Родољуб Чолаковиќ како потпретседател на Извршниот совет, а секретар бил Словенецот Богдан Осолник. Црвенковски за неколку дена станал и Претседател на Одборот за просвета и култура.[93]

Во овој период, новата Програма на СКЈ порачува дека „ништо што е сторено не може за нас да биде толку свето за да не би можело да биде надминато и за да не би отстапило место на она што е уште понапредно, уште послободно, уште почовечно“, барајќи непомирливост кон догматизмот и верност кон „револуционерниот творечки дух на марксизмот“. Наспроти ваквите програмски определби, во практиката, тешко се пробиваше дезидеологизацијата на општесвената свест, па и во науката и културата.

ЦК СКМ го следи спроведувањето на мерките во врска со писмото на ЦК СКЈ од 15 мај преку месечните извештаи на околиските комитети и со директен увид. На истата проблематика е посветена и седницата од 30 јуни 1958 година на Извршниот комитет на ЦК СКМ.[94] Извршниот комитет констатирал дека околиските и општинските комитети ги регистрирале во својата евиденција сите поранешни ”Имформбировци” и во духот на писмото ги подредиле во неколку категории, а мал дел биле повторно примени во партиските редови.

Во времето на одржувањето на Седмиот конгрес на СКЈ се забележуваат поизразени настојувања да се пласира југословенството со ставот дека СКЈ „ги поттикнува и ги поддржува процесите на социјалистичко обединување“, бидејќи тие „ги зајакнуваат независноста и силата на југословенската заедница на

[92] (Ачкоска, Виолета, 2011) стр. 175-176.
[93] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 129 - 130
[94] ДАРМ, Ф: ЦК СКМ, к-110, а.е. 41. (1960)

народи“.[95] На ваков начин, Програмата на СКЈ, го одредува братството и единството, кое требало да се продлабочува врз основите на социјалистичка интеграција, односно со предоминација на класната над националната компонента.[96]

Јакнењето на југословенството врз социјалистичка основа особено дошло до израз низ наставата по историја, каде покрај идејноста, акцент се става на изучувањето најновата историја на југословенските народи, а најголем нагласок на НОБ. Ваквите настојувања наишле на отпори кај дел од младата македонска интелигенција која почнала поотворено да поставува некои прашања, особено за положбата на Македонците во федерацијата и во соседните држави.

Според Црвенковски, на Седмиот Конгрес веќе се забележувале демократски примеси во општеството, пред сè, бидејќи се разликувал од претходните поради програмата во која веќе биле изменети ставовите околу слободата на творештвото во земјата, но сеуште не во потребаната мера. Следејќи ја натамошната активност и дејствување на Црвенковски по 1958 година, можеме да констатираме дека во голема мера, тој се застапувал за заживување на конгресните ставови во општествената практика. Борејќи се против некогашниот догматизам (и сталинистичка практика) кој бил својствен во најголем степен за времето до Шестиот конгрес на КПЈ/СКЈ, Црвенкоски веќе има многу поширок видокруг, брајќи „социјализам со човечки лик“. Заради слободоумноста несвојствена за срeдините во кои работел и се движел ќе стане предмет на постепена дискредитација од страната на Лазар Колишевски, кое во крајна линија ќе го доведе до изолација во периодот на дефинитивното расчиствување помеѓу догматската и либералната струја во СКМ.

Во периодот од 1959 до 1961 година Црвенковски бил активно вклучен во спроведување на реформа во школството. Тој често бил обврзан да дава интервјуа, да настапува во Собранието и да патува низ Европа, што значително

---

[95] (*Програма СКЈ,* 1958), стр. 340-341.
[96] (Ачкоска, В. 2003) стр.109

влијаело на неговите погледи и сфаќања.[97] Во овој период може да се забележи повидлива либерализација во поглед на науката и културата во Федерацијата.

Веднаш по Конгресот влегол во Идеолошката комисија на ЦК СКЈ предводена од Родољуб Чолаковиќ, а во Владата бил дел од кабинетот по име Координационен одбор. Истата година станал уредник и на списанието „Социјализам". Ова теоретско списание собирало околу себе широк круг на тогашни интелектуалци – филозофи, политиколози, еконономисти, правници кои пишувале околу различните теми на развојот и противречностите на социјализмот во современиот свет и во Југославија.

По разни поводи, поради добиените функции, Црвенковси постојано патувал низ Југославија настапувајќи низ медиумите и на различни трибини со клучни и актуелни теми на тоа време. Според Ачкоска, Црвенковски припаѓа на онаа генерација македонски кадри во рамките на ФНРЈ/СФРЈ која носи промени и која можеби со пребрз чекор бара демократизација на партијата и на самиот општествен систем гласно зборувајќи за истите, во време кога „старите" догматски кадри го држеа приматот[98]. Тоа може да се види и од составот на Извршниот комитет на ЦК СКЈ изабран на Седмиот конгрес каде е предвоената и воената титова „гарда" (Тито, В. Бакариќ, Ј. Веселинов, С. В.Темпо, И. Гошњак, Б. Јовановиќ, Е. Кардељ, Л. Колишевски, Ф. Лескошек, М. Маринко, Ѓ. Пуцар Стари, А. Ранковиќ, Ѓ. Салај и П. Стамболиќ).

[97] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 131
[98] (Ачкоска, 2011) стр.

# ГЛАВА ТРЕТА

## АКТИВНО УЧЕСТВО ВО СКМ И ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ (1958 – 1968)

Периодот по 1958 година е исполнет со значајни промени, пред се на стопански план во републиката. По застојот на индустријализацијата заради судирот со Информбирото, од средината на пеесеттите години започнува интензивна стопанска изградба со која во следната деценија Македонија од аграрна постепено станува аграрно-индустриска земја.

Црвенковски неуморно работи на планот на демократизација на односите во Партијата, на афирмацијата на македонската нација и истовремено врз нејзиниот побрз стопански развој за излез од неразвиеноста. И покрај обидите за демократизација, на внатрешно-политички план јакне улогата на УДБ предводена од Александар Ранковиќ, а многубројни јавни личности, универзитетски кадар и интелектуалци се објект на прислушкување. За нив се формираат полициски досијеа иако за најголемиот број со измислени конструкции дека се „сомнителни" или обавуваат некоја „непријателска дејност". Службите оделе и во такви крајности, што некаде директно, а некаде индиректно се вплеткувале во кадровски прашања, користејќи најразлични методи и уцени.[99]

Варирајќи помеѓу Истокот и Западот, Јосип Броз - Тито заедно со неколку лидери од Азија и Африка го формира движењето на неврзаните покажувајќи амбиции за лидерство во тоа огромно движење на новоослободените земји или земјите кои сакаа да останат вонблоковски. Тоа е време на Студената војна предводена од големите сили – САД и СССР и воено-политичките блокови – НАТО од едната и Варшавскиот пакт од другата страна.

По динамичниот економски раст на Југославија, во средината на 60-те години се чуствува стагнација на развојот, евидентна нерантабилност на

[99] ДАРМ, ф: 158, к-157, а.е. 9. (1966)

стопанките организации и технолошка заостанатост. Највисокото југословенско државно и партиско раководство превзема серија мерки за модернизација на стопанството и рационализација на производството, наречени Стопанска реформа. На самиот старт реформата беше сопрена, особено во СРМ заради појавата на огромна невработеност.

Во 1966 година се расчистува со т.н. унитарно догматска струја на Александар Ранковиќ, како своевидна улога игра и Крсте Црвенковски. Тоа ќе ја навлече нетрпеливоста на одредени српски кадри, но и на претставници од „старата" догматска гарда кон него. Во клучни моменти ќе доживее напади и девалвации, а особено ќе биде предмет на политичка дисквалификација од стрАната на Лазар Колишевски и неговите блиски соидејници во СРМ, односно во СКМ.

И покрај многуте драматични настани што ја исполнуваат оваа декада, таа завршува со уште побурни случувања кои ќе го одредат натамошниот развој на СКЈ и на федерацијата. Имено 1968 е година на студентски немири и година на демонстрирање на незадоволство на албанската народност со положбата во СФРЈ. Овие протести и нивното задушување ќе ги сопрат започнатите процеси на внатрепартиски и други реформи од страна на Јосип Броз – Тито. Но, едно интелектуално јадро во партијата, односно посмели личности во сите сојузи на комунистите во Југославија нема да се помири и ќе бара излез од закостувањето на политичкиот систем и внатрепартиска демократија, дури и плурализам. Тие интелектуални реформски јадра (т.н. „либерали") каде спаѓа и Крсте Црвенковски ќе бидат симнати од политичката сцена во почетокот на седумдесеттите години.

## 3.1. Крсте Црвенковски како секретар на Сојузот на Комунистите на Македонија

По Седмиот конгрес на СКЈ (1958) и особено во почетокот на 60-те години започнува, како што споменавме, постепена рехабилитација на жртвите од времето на Информбирото. Во редовите на СК повторно биле примени помал број „превоспитани" или оние кои направиле помала грешка, иако критериумите не

биле насекаде воедначени. До почетокот на 1964 година републичката УДБ регистрирала 2.604 поранешни приврзеници на Резулуцијата на ИБ.[100]

Нашироко се промовира мислата за поголема слобода на творештвото која наводно ќе одговара на југословенскиот пат на изградбата на социјализмот. Тоа е време кога заради критиките на новата Програма кои доаѓале од Исток, партијата морала да „пушта“ слобода на творештвото, но, истовремено, барала творците и интелигенцијата да застанат во одбрана на програмските ставови на СКЈ, односно не се напуштала старата шема на славење на партијата.[101]

Во таквата клима се забележливи повеќе национални манифестации на дел од новата генерација творечка македонска интелигенција. Оваа интелигенција била на позициите на изградбата на југословенскиот социјализам, што значи дека немало основи за нејзина идеолошка дисквалификација, но таа истовремено поставувала барања кои сосема не се вклопувале во официјалната југословенска надворешна политика. Во овој контекст се залагала за почитување на правата на Македонците во соседните држави, особено во Грција.[102] Во истиот бран на будење на македонската национална интелигенција била вклучена и средношколската и студентската младина која реагирала на преголемото присуство на српска литература, печат, учебници итн. во НРМ.

Плашејќи се од преголема „доза на македонски национални чуства“ и заради поголема контрола врз историјата и историчарите, македонското партиско раководство, предводено од Лазар Колишевски, во почетокот на 1959 година носи одлука за припојување на Историскиот архив при ЦК на СКМ во составот на Институтот за национална историја. Истовремено при ЦК на СКМ била формирана Комисија за историјата на СКЈ при ЦК на СКМ која добила задача „да организира пишување и да ги контролира текстовите што се однесуваат на историјата на работничкото движење, СКЈ и НОБ, за енциклопедијата на Југославија“.[103] Нагласокот на проучување на македонската историја е ставен врз НОБ и

[100] ДАРМ, Ф: ЦК СКМ, к-101, а.е. 13. (1964)
[101] (Гаталовиќ, Миомир, 2009) стр. 53-54.
[102] ДАРМ, ф: ЦК СКМ, к-69, а.е. 33 (1958).
[103] ДАРМ, ф. ЦК СКМ, к-66, а.е. 82 (1959).

„револуцијата“ (како термин додаван по 50-те години), така што на оваа тематика се создава  прекубројна историографска продукција, десеткратно повеќе во однос на сите други периоди од македонската историја.

Во исто време, во рамките на Универзитетот „Кирил и Методиј“, дел од македонската интелигенција реагира  против засиленото влијание на српскиот јазик, како при печатењето на одделни скрипти на српски јазик од професорите на скопскиот универзитет дојдени однадвор, така и против држење предавања на српски јазик. Преземајќи ја врз себе улогата на главен судија на овие „националистички испади“, партискиот лидер Колишевски се обраќа пред комунистите на Универзитетот на изборната конференција на СКМ, одржана на 9-10 јануари 1960 година, „со изразито унитаристички ставови и користење на интернационалистичка терминологија“, при што, според Црвенковски и без да сака, ги потврдувал „бугарските критики во однос на србизацијата на македонскиот јазик“[104].

Во овој период, покрај Крсте Црвенковски, печат на сеопштата политика во НРМ и дале повеќе  личности,  пред се кадри од раководството на СКМ, кои истовремено имале функција на претседатели, подпретседатели или членови на Извршниот совет на НРМ, меѓу кои: Љупчо Арсов, Страхил Гигов, Александар Грличков, Вера Ацева, Ристо Џунов, Мито Хаџивасилев, Благој Попов, Трајче Грујоски, Асен Симитчиев, Кемал Сејфула, Гога Николовски, Мориц Романо, Ангел Чемерски и други. Меѓу овие личности, и покрај партиската дисциплина, со својата индивидуалност и храброст отворено да ги кажува работите се одделува Крсте Црвенковски, покрај неколкумина други, заради што ќе дојдат во судир со крутите догматски ставови на Лазар Колишевски. Дополнително на ова, Црвенковски како припадник на левицата и комунист сметал дека  социјализмот треба да биде демократско општество, без отуѓување на човекот.

Почетокот на 60-те години е обележан со појавата на различното третирање на националното прашање во навидум монолитниот Сојуз на

[104] (Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, 1996)  стр. 237-247.

комунистите. Плашејќи се од евентуален расцеп, Јосип Броз – Тито свикал проширена седница на Извршниот комитет на ЦК СКЈ (16 март 1962). Зад затворени врати се дискутирало за националните проблеми, но не бил постигнат заеднички договор. До членството, неупатено за превирањата во раководството, било упатено Писмо на ИК на ЦК СКЈ во кое се осудени појавите на запоставување на заедничките интереси на сметка на локалните, партикуларизмот, шовинизмот и економското затворање на републиките. Овие појави не биле надминати ни со донесувањето на новиот сојузен Устав од 7 април 1963 година.

Уставот од 1963 година, популарно бил наречен „повелба на самоуправувањето", заради тоа што самоуправниот модел е применет во сите сфери и на сите нивоа на општествениот живот, односно работничкото прераснува во општествено самоуправување. Со Уставот е променето името на државата ФНРЈ во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), одвоена е функцијата претседател на Републиката од претседателот на Сојузниот извршен совет, а Сојузното Народно Собрание добило пет наместо двата дотогашни собори. Со Уставот од 1963 на секој граѓанин му се обезбедувала рамноправна употреба на својот јазик (чл.41) и рамноправност на јазиците на народите на Југославија и нивните писма (чл. 42). Исклучок е задолжителната употреба на српско-хрватскиот јазик во ЈНА (на планот на командувањето, воената обука и администрација)[105]. Дискусиите околу рамноправноста и положбата на јазиците биле особено живи во Хрватска и Србија, но и во Македонија.

Во согласност со сојузниот, истата година биле донесени и републичките устави. Уставот на СРМ, донесен на 12 април 1963 година, ја дефинира СРМ како државна социјалистичка демократска заедница на народот на Македонија, заснована врз власта на работниот народ и самоуправувањето.[106] Во Уставот на СРМ од 1963 година, стои дека „Припадниците на народностите - националните

[105] ДАРМ, ф:ЦК КПМ/СКМ, к-134, а.е. 13
[106] (Ачкоска В., 2011), стр. 178-179

малцинства што живеат во Социјалистичка република Македонија се рамноправни во се и имаат исти права и должности како и Македонците" (член 72). Понатаму во амандманите XIV, XVII на Уставот од 1963 стои дека на подрачјата на кои живеат припадници на народностите, во јавниот и општествениот живот, јазиците и писмата на народностите се рамноправни со македонскиот јазик. Во општините на чие подрачје живеат припадници на народностите, одлуките и другите поважни акти на општинските собранија и на работните организации се објавуваат и на јазиците на народностите. Јавните натписи на овие подрачја се и на јазиците на народностите. Општествено-политичките заедници се грижат за развојот на школството, печатот, радиото, телевизијата и културно-просветната дејност на јазиците на народностите. Ваквите со Устав загарантирани права зборуваат за ширината со која се решавала положбата на националностите, базирано врз авнојските и асномските документи, а кое Црвенковски го потенцирал во секоја пригода и доследно го спроведувал низ својата партиска и државничка дејност. Притоа, сосема бил и дециден кога се работи за прашања кои се однесуваат државотворноста на еден народ во државата.

Ова е период во кој по отсуството на македонски кадри во сојузните органи, на повидок е нивно поголемо учество и застапеност во креирањето на општествениот развој и политика.

Во ваква разбранувана интелектуална и политичка клима, каде на повидок се појавуваат некои аспекти на националното прашање во СФРЈ, на 42 годишна возраст, со веќе стекнато богато револуционерно и политичко искуство, на Седмиот пленум на ЦК на СКМ (по Третиот конгрес на СКМ) на 3 јули 1963 година, Црвенковски бил назначен за политички секретар на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија и на таа должност останал до март 1969 година.

Претходно, бил член на Кадровската комисија на ЦК СКЈ (заедно со Ранковиќ, Радосављевиќ, Зековиќ, Стојниќ, Шентјурц и Шпиљак), која требало да ги подготви предлозите за големите кадровски разместувања во врска со претстојните избори, според новиот устав. За прв пат Црвенковски насетил дека

со него нешто се планира на состанокот на Идеолошката комисија на ЦК на СКЈ кој бил одржан на 7 јануари 1963 година, каде на паузата Перо Стамболиќ го прашал дали знае каде ќе се најде со претстојните промени и му навестил дека Лазар Колишевски ќе биде сменет од функцијата секретар на ЦК СКМ, бидејќи Тито му бил лут. Предлогот на Колишевски бил на негово место да дојде Видое Смилевски – Бато[107].

На седницата на Извршниот комитет на ЦК на СКЈ на 19 февруари 1963 бил отфрлен и вториот предлог на Колишевски – во Извршниот комитет на ЦК СКЈ покрај Црвенковски да влезе и Видое Смилевски - Бато, по што Колишевски, покрај сменувањето, бил дополнително навреден.

Во говорот кој го одржал Црвенковски на Седмиот пленум на ЦК на СКМ, на 3 јули 1963 година, со цел искажување благодарност за изборот, може да се види дека сепак му оддал признание на неговиот претходник за неговиот придонес и заслуги во перидот на 19 – годишното владеење во Македонија, притоа на индиректен начин префрлајќи му дека самиот Колишевски бил кочница за развој на кадрите во Македонија што може да се забележи во следниот извадок:

“Ние сме млада нација, во која штотуку се развиваат нови институции и организации неопходни за едно модерно општество. Во таква ситуација потребни се и нови кадри. Значи, нема место за страв дека некој ќе биде отфрлен. Секој ќе треба да си го заземе своето место спрема своите способности и приврзаноста кон делото на социјализмот и социјалистичката демократија. Во историјата се познати примери, токму кај малите и младите нации, да им се затвараат патиштата на новите и способни луѓе. Затоа треба да водиме сметка да не се претвориме во една антиисториска група – доколку на секој способен човек на нашето општество, и тоа не е само во Сојузот на комунистите, не му дадеме можност до крај да ги изрази своите способности.”[108]

[107] Народен херој, македонски комунист и политичар.
[108] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 215

Само што ја превзел функцијата, набрзо на 26 јули, Скопје е погодено од силен земјотрес, така што најголемиот ангажман на сите водечки личности во овој период, особено на Црвенковски и други кадри била санацијата на настанатите штети, помош на населението и обнова на градот. Во обновата учествувала југословенската федерација и многу странски земји, заради што Скопје бил наречен “град на солидарноста”, но истовремено бил прогласен и за отворен град. Така, заедно со брзата обнова и изградба во него се случувала вистинска демографска поплава и видливо се променила етничката карта на градот.




***Јосип Броз-Тито и Крсте Црвенковски, Скопје, 1963 г.***

Во текот на 1964 година, во рамките на СКЈ повторно, по иницијатива на Едвард Кардељ, се отворени нови дискусии за меѓунационалните односи. Во низата седници, полемики и дискусии околу националното прашање, на седницата на Комисијата за проучување на односите помеѓу народите на СФРЈ на ЦК СКЈ, одржана на 11 јуни 1964, Едвард Кардељ го третира проблемот на „националната

тесноградост“ како елемент на национализмот. Притоа ги критикува и залагањата за „југословенско национално единство“ оценувајќи дека се „големодржавни, националистички, нереални и длабоко штетни и реакционерни“. Овие распарави биле само предвесник на она што околу проблемот на меѓунационалните односи ќе се наметне на VIII Конгрес на СКЈ, одржан во Белград, од 7 - 13 декември 1964 година. Формално гледано, Партијата настапувала единствено, но раководството било поделено најмногу околу прашањето дали југословенските народи се економски неприкосновени во рамките на своите републики, прашање кое ќе создава нови потреси. Во Извршниот комитет на ЦК СКЈ како претставници од редовите на СКМ влегоа Лазар Колишевски и Крсте Црвенковски.[109]



***Тито со Црвенковски, Скопје,1963***

Годините 1963 и 1964 биле исполнети со тешки проблеми пред сѐ, поради катастрофалниот земјотрес во Скопје кој се случил на 26 јули, додека пак односите со соседите во контекст на правата на Македонците кај нив, новата позиција (Уставна) на Републиката, отворената расправа околу политиката спрема недоволно развиените републики и покраини, како и некои слични проблеми, налагале пошироко собирање на кадрите (во Републиката и во Федерацијата), во креирањето на политиката на ЦК на СКМ.

Според Црвенковски: “Беше нужно колективно и јавно да се гради една политика, социјалистички демократска и национално македонска, која можеше да ја добие поткрепата и довербата не само на членството на Сојузот на комунистите, ами и на најшироките трудбенички маси на Македонците и на

[109] (Ачкоска, Виолета, 2003) стр. 124.

народностите во Македонија. тоа како предуслов бараше и брзо напуштање на строгата тврда хиерархиска вертикала со “непогрешливиот” и сезнаечки лидер на чело, како и мистериозната затвореност, конспиративност и таинственост на Извршниот комитет на ЦК. На состаноците на ИК, па и на ЦК, се развиваше слободна расправа и доаѓаше до отворени контроверзи. Без јавно да се дискутира, во почетокот брзо се напушташе фамозната монолитиност, која единствено можеше да биде обезбедувана со диктат на секретарот“.[110]

Во 1964 година биле одржани четири седници на пленумот на ЦК на СКМ и деветнаесет седници на неговиот Извршен комитет. На седниците на ЦК биле претресени: Образованието (во рамките на реформските гледања); организацијата на Сојузот на комунистите во еден посовремен контекст[111]; програмата за обновата на Скопје и извештај на ИК и подготовки за наредниот Четврти конгрес на СКМ.

Во расправиите, мнозинството со исклучок на Црвенковски и тогашниот директор на Сојузниот завод за планирање – Никола Минчев, се залагале за стариот централистичко – дистрибутивен метод, спротивно на нивните нови сфаќања околу натамошната политика на поттикнување на стопанскиот и другиот општествен развиток на недоволно развиените републики и покраини.

Секако, најочигледен пример за чувствителноста на политичките теми во СФРЈ поврзани со македонските прашања, била дискусијата околу положбата на МПЦ. Како што ги нарекува Црвенковски “нестрпливите” Доне Илиевски – секретар на верската комисија, Боро Чаушев – претседател на таа комисија, иако малку повоздржано и Александар Грличков – во тој период Претседател на Извршниот совет на Собранието на НР Македонија, се обиделе да го издигнат прашањето за односите меѓу МПЦ и СПЦ на политичко ниво. На ова одлучно се спротивставиле Видое Смилевски - Бато, како и Љупчо Арсов со цел да се задржат „добрите” односи. Црвенковски на оваа дискусија истапува со теза дека дел од прашањата треба да се решаваат внатре во црквите додека државата, а

[110] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 253
[111] Според Црвенковски, сеуште со доста традиционални и рутински примеси.

особено ЦК не треба да се меша во тоа. Всушност неговата поента се сведува на мало оградување од тогашната ситуација, без да отфрли ниту едно од таканаречените „максималистички барања", со цел подоцна да биде поставено прашањето за полната автокефалност на МПЦ и да дојде до негово целосно разрешување.[112]

На истиот состанок на ИК, било поставено и прашањето за нова територијална поделба на Републиката. Отворената јавна дискусија резултирала со укинување на околиите и комуникацијата понатаму се одвивала директно: република – комуна.



***Црвенковски, Хрушчов и Тито***

Во меѓувреме активно се работело на подобрување на југословенските односи со СССР на иницијатива на Никита Хрушчов, а воедно и на подобрувањето на односите со соседите што неминовно довело до дискусии околу политиката спрема малцинствата во Македонија како и македонското национално малцинство кај нив.

По повод овие проблеми, односно по македонското прашање, во Скопје на 15 април 1964 година е одржано посебно Советување. Црвенковски учествувал со пишана дискусија каде истакнал дека политиката на Сталин на асимилација на неруските народи и потиснувањето на нивните национални права не е случај кај нас. Инсистирал на еднакво третирање на малцинствата во Македонија, но истото

[112] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 255

да се однесува и на македонското малцинство во соседните земји, истакнувајќи дека во Европа е речиси невозможно а и опасно да се мисли на поместување на постоечките граници и дека наспроти таквиот принцип, потребно е да се размислува за премавнување на границите.  На крајот на дискусијата изнел уште два впечатока повикувајќи се на историската вистина кои се однесуваат на запоставувањето на одредени македонски борци и великани и нивниот придонес во НОБ како и придонесот на Македонците во историјата на културата на Србите, Бугарите па и Грците. Целта на Црвенковски на ова излагање била да се надминат екстремистичките сфаќања околу заслугите на поедини историски личности кои и покрај нивната македонска националност имаат значаен придонес за историјата на Бугарија односно делувале надвор од границите на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

За време на подготовките за Осмиот конгрес на СКЈ воочливо е почитувањето на заложбите на поединци од различна националност е предлогот од Македонија во ЦК да влезат Кемал Сејфула и Ќамуран Тахир и покрај сугестиите на Ранковиќ “многу е двајца Турци”, македонското раководство се водело според заслугите и дораснатоста на висината на задачите на луѓето без разлика  на нивната национална припадност.

Од вкупно 155 членови на ЦК од Македонија влегле 18 личности (16 Македонци, еден Турчин и еден Албанец), односно за прв пат Македоците соодветно биле застапени во ЦК на СКЈ.

Насоките дадени на Осмиот конгрес на југословенските комунисти беа проследени и прифатени на IV конгрес на СКМ, одржан од 29 до 31 март 1965 година под претседателство на Крсте Црвенковски. Црвенковски лично го изготвил воведниот реферат кој бил поделен на пет глави: 1. развиток на стопанството и стопанската политика во наредниот период; 2. самоуправување и демократија; 3. политика во областа на образованието, науката и културното творештво; 4. национално прашање; 5. развиток на самиот Сојуз на комунисти.

На Конгресот на СКМ, меѓу другото, беше потенцирана и титовата теза од Осмиот конгрес на СКЈ дека националните малцинства треба да бидат „мост“ на зближување на Југославија, односно на Македонија со соседните држави.[113]

Првата седница на новиот Извршен комитет избран на Осмиот конгрес се одржала на 28 јануари 1965 година во новата зграда на ЦК на СКЈ, на нов Белград. Црвенковски бил избран за член на ИК и во тоа својство имал интензивни патувања и средби. во мај 1965 година бил испратен во Чехословачка и Германската Демократска Република со делегација предводена од Едвард Кардељ. Истата година дел од годишниот одмор, заедно со своето семејство го поминал во работна посета на СССР, а потоа во Бугарија каде остварил средба со Тодор Живков. Следната работна посета на Црвенковски била во Индија, на конгресот на КП на Индија заедно со Славко Комар.[114]



***Крсте, Тито, А.Новотни, претседател и генерален секретар на КП на Чехословачка, Прага, 1965 г.***

[113] (Ачкоска, Виолета, 2003) стр. 125
[114] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 271



***Тито, Валтер Улбрих (ДР Германија), Јованка, Крсте и други, Берлин, 1965 година***

Главната дискусија на наведената седница од 28 јануари се водела околу промените и односите на цените и курсот на динарот односно околу подготовките на “Стопанската реформа”. Црвенковски на оваа седница прв се јавил за збор и безрезервно го поддржал курсот на Владата. Всушност на седницата, според Глигоров неколкумина говореле мошне слободно. „Тие истакнуваа дека било крајно време нешто да се направи. Дека ние мораме да одиме кон слободна трговија, кон либерализација, дека курсот на динарот треба да се насочи така што, за некоја перспектива од две-три години, да имаме конвертибилна валута исл.“[115]

Всушност, во средината на шеесеттите години во СФРЈ и во СРМ како нејзин дел настапило повидливо заостанување на стопанскиот развој.

[115] (Глигоров, Киро, 2002), стр. 105-106.

Барајќи излез од стопанската криза Јосип Броз и врвното југословенско раководство започнале со спроведување на низа стопански мерки, донесени во јули 1965 година, познати како *стопанска реформа*. Меѓу другото, присутно било залагањето да се овозможи многу посилно делување на објективните економски законитости на стоковото производство во режим на општествена сопственост и работничко самоуправување.

За следната седница на ИК на ЦК СКЈ од 12 и 13 ноември 1965 година на која се претресувале тешкотиите од спроведувањето на реформата, во своите забелешки Црвенковски запишал:

“Седница на ИК на ЦК на СКЈ – 12 ноември 1965г.

Точка на дневен ред: *Стопанска реформа, извршувањето на одлуките на Осмиот конгрес на СКЈ и односите помеѓу одговорните комунисти*

Прв зеде збор Тито. Тој говореше цели 45 минути. Рече дека во материјалот (информацијата) се изнесени работи кои се познати. Тоа се знае веќе одамна од други материјали и од печатот. Работите треба сосема поинаку да се постават. Треба да се изнесе сѐ што пречи да се спроведе реформата. Дали се извршуваат одлуките од Осмиот конгрес. Тие не се остваруваат, се работи сосема спротивно. Одлуките од областа на стопанството не се реализираат. По прашањето на националните односи одлуките исто не се остваруваат. Односите помеѓу комунистите, пред сѐ меѓу водечките комунисти, се влошени. Тито констатира дека воопшто состојбата е полоша одошто пред Осмиот конгрес. Модернизацијата, реконструкцијата, интеграцијата споро се одвиваат. Девизите се држат централистички. Мора некои инструменти да се променат. “По прашањето на реформата, рече Тито, бев скептичен: тоа ви е познато. И сега го поставувам прашањето: Дали треба парите за реконструкцијата и модернизацијата (ова беа прашањата поставени од Хрватите и Словенците – м.з.) или за инвестиции (нови).

Се сака да се зголемат новите инвестиции. На преработувачката индустрија треба да и се помогне. Кои инструменти ќе се менуваат?[116]"

На истата седница, Киро Глигоров е нападнат од страна на Тито дека е против децентрализиција на девизите, за што Црвенковски констатира дека тоа е сериозен и непријатен напад врз човек кој премногу се вложил во реформата.

Стопанската реформа во СРМ  најде широк оглас, но само на политички план иако беше примена со големи очекувања, осбено што дојде само две години од катастрофалниот земјотрес во Скопје. Општиот пораст на цените во средината на 1965 година предизвикал пораст на трошоците за живот за 35% во втората половина на 1965 година. Притоа, во СРМ биле забележани турканици пред сите продавници и нивно буквално испразнување од страна на граѓаните. Личните доходи започнале да се усогласуваат со реалните стопански можности, кое довело до значителни разлики на примањата на вработените во одделни стопански гранки и претпријатија во различните делови од федерацијата. Иако републиката добиваше помош од другите републики, често тие негодуваа за тоа. Реално таа доплнителна помош не можела да ги покрие огромните штети во македонското стопанство бидејќи најголемиот дел од индустриските капацитети беа сконцентрирани во Скопје.[117]

Под притисок на отежнатите услови на пласман на стоките и услугите, а за да не дојде до намалување на личните доходи, работните колективи започнале да водат рестриктивна политика во однос на вработувањата. Во таквите услови, не само што било сопрено примањето на нови работници, туку дошло и до отпуштања од работа на прекубројната работна рака. За првпат од 1952 година дошло до стагнација и намалување на бројот на вработените. Проблемот станал посериозен заради тоа што во тоа време стасале нови генерации родени по војната кои биле значително побројни од постарите генерации. Настапил тригодишен период во кој било сопрено вработувањето. Решение за невработените е побарано во отворањето на границите за извоз на работна сила

[116] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 277-278
[117] (Велјановски, Новица,  2002) стр.  207-208

на Запад или во задржување на луѓето на село, кое само делумно го намалило проблемот, односно ја одложило појавата на пошироки социјални тензии.

Вработувањето во развиените земји било поттикнувано бидејќи тоа било третирано како привремено, иако најголем дел "привремено вработени" не се враќале во земјата. Заминувањето на Запад, секако имало повратно влијание како во однос на материјалната положба на луѓето, така и во однос на промена на свеста, влијанијата, проширувањето на видиците итн., кое му давало и посебен белег на „југословенскиот социјализам", во однос на земјите на "реал-социјализмот". Секако, не биле за потценување и дознаките од странство кое имало позитивен ефект врз стандардот на населението во Македонија.

На седницата на владата одржана на 16 декември 1965 година се полемизирало за планот во врска со недоволно развиените земји односно дали им се дава многу или малку од заедничкиот Фонд на Републиката, каде по излагањето на Црвенковски кој истакнува дека на неразвиените не треба да се гледа како товар туку како на потенцијал на одредени богатства, суровини и работна сила. Кардељ се почуствувал именуван од Црвенковски и на паузата му пристапил со став дека некои работи во Македонија луѓето не ги разбираат, односно дека мора да дојде до слободно движење на капиталот и неразвиените да се финансираат од странски кредити. Според Црвенковски, ставовите кои ги изнел Кардељ се крајно екстремистички (изјаснувајќи се дека не е битна Југославија туку социјализмот), со што тој не се согласува. Малку подоцна Кардељ ќе ја промени изјавата под изговор дека политичарите од неразвиените републики не го разбрале добро и дека е согласен да се финансираат неразвиените од страна на Федерацијата.

И покрај развојот на општественото самоуправување и обидите за воведување на пазарни законитости во стопанството, во сферата на политичките односи останал недопирнат монополот на СКЈ и на партиско-државната хиерархија на власта, при што, особено, зајакнала улогата на Службата за државна безбедност. Соочен со огромната моќ која била сконцентрирана во оваа Служба, а чии конци ги држел Александар Ранковиќ, Јосип Броз поведува наводна

“борба” против “бирократизмот и централистичките тенденции”. Во тие рамки, во текот на месец јуни 1966 партиските раководства во југословенските републики расправаат за состојбите во Службата за државна безбедност и за состојбите во Сојузот на комунистите, при што се чуствувал наплив на помлади кадри кои барале реформи на Партијата. За истите проблеми, на неколку седници расправал и Извршниот комитет на ЦК СКМ. Со седниците раководел Крсте Црвенковски како претседател на сојузната комисија од 6 члена која ги испитувала злоупотребите во Службата за безбедност, посебно во органите на федерацијата. Меѓу другото, Црвенковски наведува дека во последните неколку години била злоупотребувана техниката на Дражавната безбедност “и против луѓе кои не се занимаваат со непријателска дејност, вклучувајќи ги тука одредени највисоки државни и партиски функционери се до другарот Тито”. Притоа била злоупотребена Белградската конфренција на неврзаните земји “за инсталирање прислушни апарати во просториите на повеќе функционери - членови на ЦК СКЈ и на Сојузниот извршен совет во Белград... ”. Всушност, подоцна се покажало дека се работи за борба за власт и Титов наследник инсцениран повод за симнување на српскиот политичар Александар Ранковиќ. Тој бил обвинуван како носител на “бирократски унитаристички тенденции“, со што Јосип Броз Тито пронашол кривец за сеопштата криза. Разврската се случила на 1 јули 1966 година, на Бриони, каде е одржан Брионскиот пленум или Четврти пленум на ЦК  СКЈ. На оваа седница биле донесени неколку важни одлуки меѓу кои да се реорганизира Службата за државна безбедност, да се формира комисија за продолжување на истрагата околу степенот на злоупотреба на положбата и власта, за да можат да се повикаат сторителите на одговорност. Светислав Стефановиќ, сојузен секретар за внатрешни работи бил исклучен од ЦК и од СКЈ. Била прифатена оставката што Александар Ранковиќ ја поднесол на функциите во ЦК СКЈ и предлогот да поднесе оставка на функцијата потпретседател на СФРЈ.[118]

На 13 јуни на излегување од канцеларијата на ЦК на СКМ, Црвенковски бил вратен од секретарката бидејќи на телефон директно го побарал Тито (кој никогаш

[118] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-150, а.е. 6

на Секретарите не им се јавувал директно). Тито побарал од Црвенковски најбрзо што може да стигне во Белград. На својата сопруга Марга и кажал дека има две претпоставки во врска со итниот повик на Тито: или се врши реорганизација на Извршниот комитет со помлади луѓе или се презема нешто против методите на УДБ-а.

Кога Црвенковски пристигнал во домот на Тито[119], се состанале во дворот бидејќи како што му соопштил Тито внатре го прислушкуваат. Всушност, го повикал за да го праша дали ќе се согласи на седницата на Извршниот комитет да го предложи за претседател на една партиска комисија која би ја испитувала дејноста на органите на државната безбедност во врска со прислушувањето на високите партиски функционери, на што Црвенковски се согласил но, воедно побарал да се испита и Армијата (КОС), како и да биде известен Петар Стамболиќ како претседател на СИС. Тито се согласил и веднаш го повикал Стамболиќ, а во однос на првото барање прифатил и тие работи да бидат разгледани, но не веднаш, што всушност и никогаш не се случило.

Следните два дена Црвенковски се запознавал со состојбите околу прислушкувањето, а потоа била одржана седницата на Извршниот комитет, каде бил отстранет човекот кој ги водел забелешките така што останале без белешки од седницата, а била изгласан составот на Комисијата. Црвенковски како што било однапред договорено бил назначен за претседател на Комисијата, а за членови биле избрани Ѓуро Пуцар, Блажо Јовановиќ, Добривое Радосављевиќ, Мика Трипало и Франц Попит.

Според Радически (2013), кој по ова прашање го има интервјуирано и поранешниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, не се целосно јасни мотивите на Тито за назначување на Македонец за раководител на Комисијата која би требало да ја одреди вината на водечкиот српски политичар, но претпоставки има неколку: едната варијанта дека кај Тито влијаеле политичките способности и ставови на Црвенковски како и неговата отвореност во

[119] Ужичка 15

изложувањето на проблемите, а исто така постои можност и неговиот избор да се должел на неподготвеноста на голем дел од раководството да преземе непосредна одговорност за отстранувањето на Ранковиќ од политиката кој бил особено популарен меѓу српското население.[120]

За време на истрагата биле сослушувани видни функционери на Државната безбедност, а како најзначаен бил Светислав Стефановиќ – Чечо[121] раководител на УДБ-а во Србија. Црвенковски во своите мемоари истакнува дека тој никогаш не го повикал Ранковиќ пред Комисијата, но имал еден неформален разговор со него бидејќи самиот Ранковиќ го побарал тоа. Откога Комисијата завршила со истрагата се одржал состанок на Извршниот комитет на ЦК СКЈ, каде Црвенковски поднел устен извештај, а потоа Ранковиќ си поднел оставка од сите свои партиски и државни функции. Подоцна на барање на Тито, Црвековски добил повик од Гошњак кој му сугерирал од конечниот извештај да се испушти Ранковиќ, на што Црвенковски се спротивставил и изјавил дека конечниот извештај ќе биде поднесен пред Извршниот комитет, а потоа тие да одлучат дали ќе биде изоставен. Целиот процес се завршил на Бриони каде што пристигнал и Александар Ранковиќ кога на еден ден пред одржувањето на Пленумот на ЦК, се состанал Извршниот комитет за да го разгледа писмениот извештај на Комисијата, лично напишан од Црвенковски, во согласност со останатите членови.

Мора да се потенцира дека во однос на државното уредување, Ранковиќ се залагал за задржување на конзервативизмот во Федерацијата, а со оглед на позициите и влијанието кои ги имал, тој најмногу се експонирал со погледите за унитаризмот и бирократско – централистичките гледишта за понатамошен развој на Федерацијата. Тој никогаш отворено се спротивставил на процесот на демократизација и децентрализација на политичките и мешунационалните

---

[120] (Радически, 2013) стр. 24

[121] Светислав Стефановиќ – Чечо, учесник во НОБ, народен херој на Југославија, помошник министер за внатрешни работи на А. Ранковиќ, претседател на СИС, имал чин на резервен генерал – полковник.

односи, но неговата воздржаност и неземањето учество во тој процес била јасен показател за неговите ставови.[122]

За време на Брионскиот пленум, атмосферата било видно напната, островот бил обезбедуван од сили на ЈНА, а за Ранковиќ, Стефановиќ и Лукиќ биле задолжени посебни чувари подготвени да интервенираат, доколку постои обид за атентат врз Тито.[123]



***Брионски пленум ЦК на СКЈ, јули, 1966 г.***

Брионскиот пленум на ЦК на СКЈ важи за еден од најзначајните настани во овој период, бидејќи ќе предизвика големи промени во Федерацијата со самото отстранување на Александар Ранквиќ од политичката сцена, кој дотогаш важел за еден од најмоќните луѓе во државата, а долг период и за еден од најдоверливите

122 (Tripalo, 1990) стр. 69
123 (Lukic, 1990) стр. 62

луѓе на Тито. Во повоениот период, тој ја играл водечката улога во органите за внатрешна безбедност и доста ефикасно се справувал со политичките неистомисленици и противници на Тито и неговиот режим.

На пленарната седница на ЦК на СКЈ, Тито со воведен збор ги известил присутните дека била формирана партиско – државна комисија, која според Црвенковски била само партиска, а државната комисија која се занимавала директно со истражување на “прислушкувањето” на Тито од Ранковиќ била предводена од началникот на КОС, генерал Иван Мишковиќ. Исто така, Тито им оддал признание на органите за безбедност, а особено на Ранковиќ за нивната “огромна улога во ликвидирањето на класниот и сите непријатели[124]” во текот на војната и по ослободувањето, но во подецнежниот период во УДБ-а дошло до деформации, каде поединици почнале да вршат притисок врз целото општество.[125]

Црвенковски го прочитал Извештајот на Комисијата на ИК на ЦК на СКЈ, каде биле утврдени сите неправилности во работењето на УДБ-а, каде посебно внимание било посветено на затвореноста на Службата, немањето контрола врз нејзините активности од страна на извршната власт, како и монополот на Ранковиќ и Стефановиќ кој го воспоставиле во управувањето.[126]

На крајот на извештајот, врз основа на утврденото, Комисијата истапила со предлог односно препораки: УДБ-а да се реорганизира во согласност со општествените промени и врз самата Служба и нејзината работа да се воспостави контрола; да се формира посебна Комисија со која ќе продолжи истрагата зда да се откријат си факти и намери на постапките на Службата; исклучување на Светислав Стефановиќ од ЦК на СКЈ и негово разрешување од должноста член на Сојузниот Совет; да се прифати оставката на Александар Ранковиќ како

[124] (Марјановиќ, 2002) стр. 129
[125] (Марјановиќ, 2002) стр. 130
[126] Исто

функционер на ЦК на СКЈ, ИК на ЦК на СКЈ и Сојузното Собрание на функцијата потпретседател на Републиката[127].

ЦК на СКЈ едногласно го усвоил Извештајот на Комисијата, прифаќајки ги предлозите, со што бил означен крајот на кариерата на Ранковиќ.

Подоцнежните настани, му потврдиле на Црвенковски сомнежите дека Тито воопшто бил прислушкуван.

На Брионскиот пленум исто така била донесена одлука да се воведат реформи во СКЈ, а ЦК на СКЈ да се заложи за поголема демократизација во односите и спротивставување на централистичко – бирократските појави во општествените односи, притоа создавајќи услови за републичките раководства да функционираат посамостојно, а воедно да има рамноправна застапеност на републиките во државните и партиските органи на Федерацијата. Исто така, се формирала Комисија за реорганизација и натамошен развој на СКЈ, во која биле вклучени македонски функционери, а меѓу кои особено се истакнале Крсте Црвенковски и Славко Милосавлевски[128].

Веднаш по Брионскиот пленум, по неколку седници на Извршниот комитет на ЦК на СКМ со кои заседава Крсте Црвенковски, Извршниот совет на Собранието на СРМ, на седницата од 12 август 1966 година оценува дека е потребно непосредно да се согледа состојбата во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, посебно во органите за државна безбедност. На оваа седница Извршниот совет чиј претседател бил Никола Минчев, донесол решение за формирање на Комисија која, меѓу другото, ќе ја испита постојната состојба на организацијата, содржината и методите на делување на органите на Секретаријатот, посебно на Државната безбедност, да утврди дали во делувањето на овие органи на републичката управа имало појави на политички и други злоупотреби и деформации, утврдени и осудени на Четвртиот пленум на ЦК КПЈ и други задачи. Комисијата на Извршниот совет во состав: претседател

[127] (Марјановиќ, 2002) стр. 143 - 144

[128] Славко Милосавлевски- учесник во НОБ, правник, член на ИК на ЦК на СКЈ, секретар на Секретаријатот на ЦК на СКЈ, подоцна амбасадот во СРЈ.

Веселинка Малинска; членови: Фируз Демир, Гога Николовски, Кочо Тулевски, Ванчо Николовски и Стојче Стојчевски, по обемната работа известува дека македонските служби не учествувале во “заговорот Ранковиќ-Стефановиќ“, но дека “бирократско централистичката поставеност и вертикалната хиерархиска подреденост на државната безбедност“ делувале врз нејзиното обезличување и отуѓување од општеството, при што биле присутни повеќе деформации и бројни злоупотреби. Притоа “системот и методот на работа на Службата за внатрешна безбедност претставувале најфлагрантни повреди на уставноста и законитоста, тотална контрола над општеството, узурпирање на уставните и законските права на граѓаните, на работните организации и органите на самоуправување“.[129]

Тргнувајќи од претходни анализи кои укажувале на бројни деформации во СКЈ и практиката на неговото недемократско делување и злоупопотреба на демократскиот централизам во вид на хиерархиска надреденост и подреденост, започнале дискусии за негова реорганизација. За таа цел била формирана Комисија за реорганизација на СКЈ за чиј претседател бил избран Мијалко Тодоровиќ. Во составот на оваа комисија од Македонија беа избрани Крсте Црвенковски, Мито Хаџивасилев, Киро Хаџивасилев и Славко Милосавлевски.

На самиот почеток на работата, Комисијата покажала огромна доза на критичност упатена кон дотогашната практика на владеачкиот СКЈ. Во не многу завиткана форма, се заговарала идејата дека клучот на кризата се наоѓа во монополот на СКЈ во системот на власта и одлучувањето. Но, и покрај барањата одделни водечки комунисти за реорганизација на СКЈ, Јосип Броз сметајќи дека нему му се упатени забелешките, ги запрел натамошните дискусии, критикувајќи ги ставовите на Комисијата. Но, и покрај тоа, не било можно сосема да бидат сопрени новите демократски идеи и струења.

Во однос на стопанскиот развиток на Републиката, Црвенковски истакнал дека мора да се поработи на продуктивноста на трудот и дека не може да се бараат само нови средства за развој без борба за поголема продуктивност на кадрите.

---

[129] ДАРМ, ф: 158, к-157, а.е. 9

Во однос на кадрите, Црвенковски се залага за поголем квалитет во образованието а одлучно се спротивставува на измислените "југословенски критериуми" во однос на културното творештво.[130]

"Некои нации, како што е нашата (македонската) тукушто пркнаа, поставени се пред опасноста да почнат да ја губат својата индивидуалност под притисокот на интегралното (читај хегемонистичкото и асимилаторско) југословенство. Во културата можат инаку да постојат само два, по мое, исклучиво два аршина на вреднувае – национален и светски. Тие не мора секогаш да бидат унисони, но истовремено и не се така остро спротивставени како што сакаат тоа да го претстават интегралистите. Една нација била таа млада или стара, мала или голема, никогаш не може историски гледано, да се откаже од своите почетни, пионерски чекори во својата култура, макар колку тие да не можат да издржат некое генерално, светско вреднување. Не сите вредни културни (творечки) достигања стануваат своина на светската културна ризница, односно не сите добиваат, така да кажеме, светска публика. Огромен процент на тоа си го зарджува само својот белег, што од своја страна пак значи дека некаков индиректен придонес даваат и на светската култура. Притоа треба да се има на ум и фактот дека творештвото на поголемите, поразвиените и поможните нации полесно го пробиваат патотдо светската сцена, одошто на малите народи, па дури и кога е по својот квалитет рамно, а некогаш и понапред, од она на големите. Таа вечна подвоеност помеѓу "центрите" и "провинцијата" е изразито присутна и на нашите југословенски простори. Спротивставувајќи се на "супериорноста" на центрите непожелно е да се доведе до формирање на бездарното и кичот на провинцијата".[131]

Во однос на националната проблематика, Црвенковски истакнал дека особено една мала нација мора да најде начин целосно да се афирмира и да дојде до полн израз.

---

[130] (Четврти конгрес на СКМ, 1965) стр. 56.
[131] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 287

За целата седница Црвенковски вели дека имала доста изразен демократски карактер за разлика од следниот, Петти конгрес на СКМ, каде ќе дојде до избирање на нова кандидатска листа на ЦК со цел да не се повторува членувањето во ЦК на СКМ и да се одбегне непотизмот. Самиот тој добил најголем број гласови (444 од вкупно 448 гласачи).

За време на средбата на политичкиот актив на Словенија на 11 јануари 1966 година и на 14 јануари истата година во Белград Црвенковски ги искажува своите ставови во однос на националниот проблем, а ги изнесол на седницата на Извршниот комитет на ЦК на СКЈ. Имено тој истакнува дека нема потреба од напади врз останатите националности во СФРЈ дека го отфрлаат југословенството и дека најголема грешка е создавањето на републики. Тој смета дека она што ја одржува социјалистичката заедница е токму рамноправноста на народите и социјализмот.  Претходно во интервју за *Свет* изјавил дека “она што цврсто не врзува не е словенското потекло и нашата заедничка прататковина, од каде што сме дошле, туку она што не врзува и ја прави оваа заедница хомогена , односно што создава една кохезивна поврзаност, тоа е социјализмот, борбата за социјалистички општествен односи и рамноправноста на народите.”[132]

Статијата предизвикала бројни коментари, но со тоа воопшто не сакал да каже дека меѓу словенските народи нема сродност, туку дека рамноправноста и социјализмот се клучните елементи кои ги поврзуваат народите во СФРЈ. Исто така се повикува на изјавата на Милентие Поповиќ кого Црвенковски лично го смета за “најчист” меѓу српските комунисти во однос на национализмот, кој дури често бил осудуван за предвство на српските национални интереси бидејќи самиот тој смета дека шовинистичкото однесување на Србите оди дотаму што во секоја ситуација каде што се вмешани повеќе националности, вината се префрла на останатите односно Словенците или пак Македонците се “пречуствителни” во однос на националните прашања.

[132] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 315

На Третиот пленум на ЦК СКЈ кој се одржал при крајот на февруари, а бил значаен за понатамошниот тек на стопанската реформа, на воведниот збор настапил Тито. Тој во своето излагање остро го осудил национализмот и шовинизмот, напаѓајќи ги историчарите и книжевниците кои постојано се повикуваат на минатото зборувајќи за тоа чија историја била подобра и била исполнета со великани, обвинувајќи ги класните непријатели дека дека не им е гајле дали се отвораат фабрики туку дека се грижат социјалистичкиот систем да не се развива понатаму, а национализмот и шовинизмот се средства со кои се служат за да ја постигнат целта.

Според Црвенковски, едвај меѓу редови се насетувало дека ова предупредување на Тито воопшто се однесува на српскиот национализам и шовинизам.

На истиот пленум настапил и Ранковиќ под притисок на Тито со налог во својот говор да го нападне големосрпскиот хегемонизам.

При одржувањето на на вториот дел на седницата (крајот на март), Тито побарал од секретарите на ЦК на републиките да го поддржат Ранковиќ со своите настапи, но никој не го сторил тоа освен Црвенковски.  Неговиот дел од дискусијата бил следниот:

“Друг проблем за кој сакав да кажам неколку збора, тоа е национализмот. Како што рече другарот Ранковиќ, иако овој проблем нема многу допирни точки со оваа тема денеска, сепак без неговото решавање – според мое убедување – нема да врви самата реформа. Секако дека Осмиот конгрес на Сојузот на Комунистите на Југославија, низ рефератот на другарот Тито и рефератите на другите другари, го постави тоа прашање отворено пред целото наше оптество. Многумина кај нас и во странство извлекоа погрешни заклучоци, но јас мислам дека тие не смеат и нема потреба да се вознамируваат. Мислам дека не се работи за тоа дека југословенските комунисти станале толку закоравени националисти што не ги интересира ништо друго. Меѓутоа, секој степен на развитокот на општеството бара соодветни односи меѓу народите и народностите, како што бара соодветни

односи меѓу работните луѓе. Всушност овој степен од развитокот не трпи каква и да е нерамноправност, па на таа линија ни каква и да е нерамноправност меѓу народите и народностите без оглед на тоа што кај нас класичните проблеми на рамноправноста се решени веќе одамна.

Јас сакам посебно да истакнам дека, почнувајќи од Осмиот конгрес, со истапувањето на другарот Шане Петровиќ, со доста јасниот, прецизен и мошне решителен реферат на другарот Веселинов на Петтиот конгрес на Сојузот на комунистите во Србија, со интервјуто на другарот Милентие Поповиќ, со прецизниот, јасен, определен и доста инспиративен говор во поглед на таа борба, на другарот Ранковиќ на првиот дел од оваа седница, е создадена една платформа, марксистичка, комунистичка, за борбата на комунистите и во тој погед пред сè на српските комунисти, против национализмот и во современите услови. Мислам дека тоа во историјата на нашата партија отсекогаш имало значење. Ќе го истакнам само тоа дека борбата на српските комунисти против сопствената буржоазија, во изминатите периоди им ја врати надежта на другите народи дека можат да живеат здружено во една друга нова заедница – како што е нашата социјалистичка заедница.

Со оглед на многубројноста на таа нација, тој проблем и денес се поставува. Меѓутоа, јас овде сакам да кажам дека таквите ставови ги обврзуваат комунистите и во другите републики и ги охрабруваат во активноста против сопствениот национализам. Ми се чини дека тој национализам го има насекаде. Не е важно да го мериме, во која мера се јавува во една или друга република. За мене е посуштествено да се узнае нешто друго и активно да се постави спрема тоа сознание, а тоа е дека национализмот на многубројната или малубројната нација, и поразвиената и помалку развиената, на големата или малата нација – пред сè е опасен за развитокот на социјализмот на сопствената нација.

Ако ние на Осмиот конгрес и по него ја истакнавме Лениновата девиза дека секој треба да се бори во својата куќа, тогаш бевме свесни оти тоа е во интерес на оној народ кој, пред сè, тие комунисти и тој Сојуз на комунистите го претставува. Ние би панале на нивото на обичен малограѓанин ако го

наслушуваме само она што се “зборува за соседството” ако на примерСрбинот или Македонецот не би нашле храброст да се борат против сето она што ги труе меѓусебните односи и го оневозможува развитокот на социјализмот во нивната нација”.[133]

Иако сите настапи на секретарите на СК на републиките се засновани на потребата од чистење на национализмот пред својата куќа, со нагласување дека пред сè тоа треба да го направат српските комунисти, Тито во својот завршен говор ја потиснал целата работа и не зборувал на таа тема.

На 26 март 1966 делгација предводена од Александар Ранковиќ[134] отпатувала на Дваесет и третиот конгрес на КПСС во која бил вклучен и Црвенковски.

Следните два месеци се подготвувал Конгресот на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија и одржувањето на конгресите по републиките. За време на одржувањето на Конгресот, секретарите на републиките меѓу кои и самиот Црвенковски престојувале во гостинската куќа на Тито[135], каде Црвенковски во разговор со Бакариќ дознава дека се подготвува некаква акција од Тито поврзана со прислушкувањето на највисоките партиски функционери.

1967 година, Црвенковски во своите мемоари ја опишува како година во која “почнало послободно да се дише”. По настаните на Брионскиот пленум, моќта на политичката полиција била видно намалена, а нејзините кадри во исчекување да бидат отпуштени или заменети. Иако се очекувало истата веќе да не постои, Тито не мислел така. Неколку видни функционери заедно со Црвенковски се залагале против политичката полиција, сметајќи ја за “чир на социјалистичкото тло”.

---

[133] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 321-322

[134] Во моментот како генерален секретар на ЦК на СК, инаку српски и југословенски политичар и функционер, член на СКОЈ од 1927 г., учесник во НОБ, познат под псевдонимите Лека и Марко, организационен секретар на КПЈ, началник на ОЗНА и вршител на многу други значајни партиски и државни функции.

[135] Ужичка 16

Веднаш по Четвртиот пленум Црвенковски констатира дека била воспоставена контрола над неговата дејност, дури и како секретар, односно како претседател на ЦК на СКМ.[136]

Промените во општеството се забележувале и во самото партиско раководство, било формирано Претседателството на ЦК СКЈ, каде главно биле вклучени сениорите, а во Извршниот комитет на чело со Мијалко Тодоровиќ – Плави биле вклучени и јуниорите. Двете тела се формирани доста рамноправно без да се поставуваат само Срби и Црногорци на раководни функции. Црвенковски изнесува дека Раководството "за прв пат по ослободувањето почна да живее како колектив.[137] Иако Тито продолжил сам да ги решава работите во врска со Армијата, безбедноста надворешната политика, сепак бил приморан во голема мера да ги изнесе пред раководството. Работата на Претседателството конечно станала јавна, седниците се одржувале во присуство на новинари и телевизии, со што конечно доаѓа до некаква демократизација во раководството но, на старите догматици кои биле навикнати на стариот начин на раководење, тоа им пречело.

Промените биле видливи и во зголеменото влијание на националните раководства кои веќе активно се вклучиле во креирање заедничка политика во Федерацијата. Конечно биле создадени услови за да се решат некои значајни прашања за рамноправноста на Македонија во заедницата како и за афирмација на македонската нација. Според Црвенковски, клучните прашања се однесувале на 1. адекватна застапеност во главните органи на Федерацијата; 2. позицијата на македонските офицери во ЈНА; 3. создавање на МАНУ; 4. афтокефалност на МПЦ; 5. полноправно учество на Македонците во креирањето на надворешната политика во однос на соседите.

Во однос на првата точка, уште при формирањето на новата влада (СИВ) предводена од Мика Шпиљак, за потпретседател бил назначен Киро Глигоров и тоа со задолжение за стопанството. Македонците добиле неколку амбасадорски и

---

[136] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 339
[137] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 340

конзулски места. Црвенковски потенцира дека во сите кадровски прашања започнало да се вреднува мислењето на функционерите од републиките.

Во однос на втората точка, македонските генерали и офицери на ЈНА за прв пат добиле прилика за унапредување веднаш по оставката на Гошњак, што дотогаш не смеело ниту да се спомене.

Во врска со формирањето на МАНУ, иницијативата произлегува токму од Црвенковски, ЦК СКМ го прифаќа предлогот. Реализирањето на оваа замисла било препуштено на Блаже Конески, а воедно била формирана матична комисија на чело со Милан Бартош која работела самостојно без политичко вмешување во целата работа. Преку овој ангажман, Црвенковски уште еднаш покажува дека од национален аспект безрезервно се ангажира за целосна афирмација на македонската држава.

Афтокефалноста на МПЦ исто така е заслуга на Црвенковски кој во овој момент сметал дека условите за преземање вакви чекори се доволно созреани, а предлогот бил поддржан и од ЦК СКМ и од Владата на СРМ. Некои српски функционери сериозно се вознемириле по ова прашање, СПЦ почнала со закани, но Црвенковски не подлегнал на притисокот. На 25 април се одржал состанокот каде повеќето српски функционери остро се спротивставиле на овој предлог, но Црвенковски заедно со Минчев биле категорични во своите барања да не се прифаќа никаков друг компромис освен афтокефалност на МПЦ.



***Архиепископ Доситеј, Крсте Црвенковски, непознат, Блаже Конески и Тито, Скопје,1967 г.***

Заради проблемите во односите помеѓу Македонската и Српската православна црква кои создавале атмосфера на “меѓусебна недоверба”, на иницијатива на Сојузната комисија за верски прашања во Сојузниот извршен совет на 15 јуни 1964 година бил реализиран разговор на кој учествувале: Претседателот на СИС Петар Стамболиќ, членот на СИС и претседател на Сојузната комисија за верски прашања Мома Марковиќ, Секретарот на ЦК СКМ Крсте Црвенковски, претседателот на Извршниот совет на СРМ Александар Грличков, членот на Извршниот совет на СРМ и претседател на комисијата за верски прашања Боро Чаушев и потпретседателот на Сојузната комисија за верски прашања Мато Радуловиќ. Во разговорите било констатирано дека прашањето на МПЦ од политички аспект е решено и дека Македонската православна црква постои и функционира. Во поглед на Уставот на МПЦ се констатирало дека не е во потполност усогласен со препораките на Архијерејскиот собор на СПЦ од 1959 година, што според нив се покажало како главна пречка за средување на односите.[138]

Одредени пријатели на Црвенковски ќе му го поставaт прашањето како тој како комунист и марксист се залага за МПЦ и православието, на што од него ќе добијат одговор дека тој се залага за конечно укинување на српскиот хегемонизам, а што се однесува на самата црква, со самиот Устав тоа право им е загарантирано на македонските верници. Впечатливо е заложувањето на Црвенковски за афтокефалност на МПЦ иако тој по убедување е комунист, но истовремено со ваквиот чекор повеќе од видливи се неговите напори за рамноправност на македонскиот народ во Федерацијата.

Како последно, учеството на македонските функционери во креирањето на надворешната политика на Југославија исто така зема замав особено во односите со Грција и Бугарија.

[138] (Илиевски, 2011) стр. 141 - 142

Имено, во 1966 година при конституирањето на делегација која ќе замине во Грција, македонските функционери[139] ќе издејствуваат во нејзиниот состав да има и еден Македонец со цел Грците да ги слушнат и македонските ставови за ова прашање а воедно и да увидат дека политиката на Македонија и политиката на Југославија не се разликуваат како што некои грчки политичари се обидувале да претстават. Во составот на делегацијата предводена од Стамболиќ влегол Киро Глигоров.

За време на средбата меѓу југословенската делегација предводена од Стамболиќ  и актуелниот премиер Стефанопулос дошло до малку поагресивна дискусија, која според Црвенковски за жал никогаш повеќе нема да се повтори. Имено, Стефанопулос побарал од Стамболиќ Југословенската влада "да ги заузда неодговорните изјави од Скопје" потенцирајќи дека во Грција не постои никакво "македонско прашање", поставувајќи го воедно прашањето дали Југославија има територијални претензии кон Грција, свесно барајќи од југословенскиот претседател на Владата да се одрече од постоењето на македонски народ. Стамболиќ на оваа провокација одговорил дека Југославија нема никакви територијални претензии кон Грција но и дека Белгард и СР Македонија не водат две различни политики, една на Белград, а друга на Скопје како што Грците сакаат тоа да го претстават, односно дека Македонија има свои интереси и е рамноправен фактор во водењето на целата југословенска политика.

Што се однесува пак на барањето на Стефанопулос "да се зауздаат неодговорните изјави од Скопје", истиот алудира на изјавите дадени од страна на Црвенковски за странски новинари кои во неколку наврати го му поставувале прашања во врска со односите со Грција и со Бугарија на што тој дал одговор дека се надева на трајна југословенско – грчка спогодба исто така давајќи им до знаење дека не постојат две политики на Белгад и Скопје туку дека Македонија е подеднакво важен фактор во носењето одлуки за креирање  добрососедски односи од страна на Федерацијата, а не дека политиката и се диригира одозгора.

---

[139] Црвенковски е еден од главните поборници за учество на Македонци во делегациите кои одат во Грција и смета дека условите се конечно созреани за поставување на "Македонското прашање" во Грција.

Изјавата на Црвенковски исто така била поддржана и од самиот Стамболиќ кој кажал дека не гледа ништо лошо во одговорот и не чуствува потреба од истиот да се оградува. [140]




Во јануари 1967 година било одржано советување на ЦК СКМ на кое била разгледувана политиката во однос на македонското малцинство во соседните земји и на емиграцијата. Македонските функционери со оптимизам гледале на настаните и самата демократизација во СССР која по автоматизам би требало да се пренесе и во соседна Бугарија, но не за долго, за само една година односите повторно се заостриле.

За време на официјалната посета на Бугарија, Црвенковски заминал со својата сопруга Марга и со советникот на неговиот кабинет Ацо Здравковски, со одобрение од Тито. За целото време на разговорите со Тодор Живков, советникот на Црвенковски водел стенографски белешки.[141]

Во своите мемоари Црвенковски истакнува:

“Кога го покренав прашањето за правата на Пиринците, односно за нивното право да се декларираат како Македонци по националност, Живков излезе со своја приказна како, ете, многу Македонци имало во нивниот ЦК, како тие не можат да ја бришат својата историја, за на крај да каже: “Ако треба, Црвенковски,

[140] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 346 - 349
[141] (К. Црвенковски 1998) стр. 55 - 64

ете и ние ќе се декларираме како Македонци, само да сме едно.” Натаму банално ги повторуваше измислените факти дека тие, ете, со сила ги терале Пиринците, во свое време да се декларираат како Македонци, а сега кога (под негово мудро раководство) им дале слобода тие се изјасниле како Бугари. “Еве Црвенковски, повелете илегално во Благоевградската област и одете по села (потсмевнувајќи се додаде: секако, ние ќе дознаеме за Вашиот престој) и ќе видите каква е расположбата”. За проблемот за македонската нација Живков го истакна перфидниот став (кој до ден денеска бугарската пропаганда и дипломатија ќе го повторуваат) дека тие ја признаваат Социјалистичка Република Македонија како свршен факт, немаат никакви територијални аспирации, но дека не можат да се помират со кривотвори историјата и македонската нација да се развива на антибугарски основи. Тешко можевме да се спогодиме – одевме по два паралелни колосека кои според математиката се сретнуваат негде во бесконечност. Единствено што успеавме да договориме беше тоа дека Живков при официјалната посета на Југославија во почетокот на идниот месец (јуни) ќе направи посета на Македонија, каде што ќе говори за нивните ставови по Македонија и Македонците. За жал до оваа посета не дојде поради тоа што на денот кога пристигна во Белград почна Израелско – арапската војна и утредента мораше да замине назад.”[142]

[142] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 352



***Крсте Црвенковски со Тодор Живков со Софија***

Тоа е период кога на југословенски план се води жестока српско-хрватска дебата околу прашањето на јазикот, која предизвика реакции и во Македонија. Така една група македонски интелектуалци, повеќето писатели “се заложи за поадекватна застапеност на македонскиот јазик во секојдневното комуницирање. Според Крсте Црвенковски, била “поставена и една теза, значително екстремистичка и нереална, дека ние во односите со Србите треба да постигнеме реципроцитет во преведувањето на литературата од српски на македонски и од македонски на српски јазик. Околу тоа прашање се отвори дискусија и во Социјалистичкиот сојуз на Македонија. Се обидов, вели Црвенковски, оваа нивна теза да ја оспорам...дека прашањето на преведувањето на литературата е прашање на квалитетот на дадената литература, а не на квантитетот. Тоа не значеше дека мислам оти ние немаме толку многу квалитетна литература која треба да се преведува од македонски на српски јазик. Напротив. Ми беше јасно

дека ние веќе имаме таква литература, каква што беше онаа, прекрасната литература на Живко Чинго. Имавме и поезија која можеби претставуваше врв во сеопштата југословенска и беше во врска со модерните струења во поезијата“[143].

Во своите сеќавања и анализи, Црвенковски ја одбележува 1968 година како година на политичко и државно раслојување, многу бурна – и на општ, меѓународен и на внатрешен план. Несогласувањата меѓу Хрватите и Србите се повеќе доаѓале до израз. Тито се поизразено им ја давал својата поддршка на Хрватите. На иницијатива на Црвенковски се одражал состанок јај Тито на 4 април на Ужичка 15, каде присуствувале сите претседатели на ЦК СК во републиките, Бирото на Претседателството на ЦК СКЈ и Милентие Поповиќ и Рато Дугониќ. На состанокот се расправало за хрватското  српското решение за билансите на Федерацијата. Тито го осудил српско – хрватскиот однос и побарал веднаш да престанат со меѓусебни полемики.

На 18 мај повторно на Ужичка 15, се одржал нов состанок, каде повторно се разговарало за судирот меѓу Србите и Хрватите. Односите меѓу функционерите се повеќе се заострувале, а предмет на дискусија биле и студентските демонстрации, за оштo остро било нападнато српското раководство, а демонстрациите наречени антититовски. Наводно, протестите биле искористени од некои српски функционери, со цел да извршат притисок врз актуелното раководство и на тој начин да ја зголемат својата моќ.

На 9 јуни се одржала седница на која српско-хрватскиот судир ја достигнал својата кулминација. Хрватите, овој пат гласно настапиле со паролата дека студентските демонстрации се антититовски, што не  е далеку од реалноста бидејќи за прв пат во Југославија Тито бил оспорен на некој начин. Иако не бил целосно негиран, му било оддадено признание за народноослободителната војна, но се наметнувало прашањето дали навистина има потреба сеуште да биде главен на Партијата и Државата. По сите меѓусебни напади и обвиненија меѓу Хрватите и Србите, останатите функционери во Републиката се доведени до

[143] (Филип, Ј. 1993) стр. 97-98

ситуација да бидат само пасивни набљудувачи на настаните или пак да навиваат за едните или другите.

Покрај проблемите на меѓуетнички план, во процесите на демократизација на општеството се вклучуваат и студентите кои се уште не биле зафатени со национализмот кој постепено навлегувал во бирократско-партиските структури.

Студентите при крајот на шеесеттите години настапуваат од позициите на критика на состојбите во општеството и во СКЈ. Тие искажувале јавно несогласување со однесувањето на комунистите кои отстапиле од своите прокламирани принципи и наместо социјална правда, секојдневно на виделина излегувале социјалните разлики и одделувањето со високиот стандард на врвовите од државно-партиската хиерархија во однос на обичните граѓани.

Студентските демонстрации во Белград започнале на 2 јуни 1968, кои според Црвенковски биле посериозен напад врз стабилноста на општеството. Набрзо дошло до судири меѓу полицијата и студентите, имало полесно и потешко повредени, но Партијата успеала да издејствува работните колективи да не се приклучат на протестите. Почнале да се шират вести дека студентите имаат намера да го преземат Парламентот и да прогласат друга република на чело со д-р Михајло Марковиќ, на што дел од видните функционери како Едвар Кардељ и Петар Стамболиќ (во моментот на функција претседател на ЦК СК на Србија) побарале војската да излезе на улиците на Србија и да го запре понатамошното ескалирање на настаните. Генералите на ЈНА се спротивставиле на ваквото барање, со образложение дека Армијата постои за да го штити територијалниот интегритет на Републиката. На инсистирање на Кардељ и Стамболиќ, била воспоставена комуникација со Тито кој во моментот се наоѓал на островот Ванга, кој целосно ја заземал страната на генералите. Црвенковски истакнува дека со оваа ладнокрвност Тито докажал дека е пример за вешт државник, кој преку својот говор на Телевизија Белград на 9 јуни ќе успее да ги убеди студентите да ги напуштат окупираните факултети, истакнувајќи дека не ги обвинува и ги разбира нивните потреби и барања за што ќе бидат преземени соодветни мерки за нивна реализација, со што уште еднаш успеал да ја продлабочи својата власт. Намерите на одредени политичари да ја намалат титовата моќ и да го принудат на

отстапување од власта останале нереализирани односно Тито уште повеќе успеал да ја зацврсти својата власт, овој пат придобивајќи ги и студентите.

За само 18 дена по говорот на Телевизија Белград, на Шестиот конгрес на синдикатите (26 јуни 1968), кога опасноста од нови демонстрации била сведена на минимум, Тито ја изменил својата оцена на настаните, префрлајќи ја вината на непријателот, по што ќе се заложи за исфрлање од Универзитетот на професорите кои ги поттикнале демонстрациите.

Иако во сите универзитети на Југославија се почуствувале студентските немири, нивниот интензитет бил различен. Црвенковски истакнува дека во Скопје речиси и да не се случило ништо особено, освен една мала според него “коинциденција” – била одржана заедничка конференција на Градскиот комитет на Скопје и Универзитетската конференција на СК на тема – *За што се бори СК на Универзитетот*[144]*.* Самиот Црвенковски говорел на настанот и рекол:

“Во движењето кај студентите што е мошне алармантно, а и енергично во истакнувањето на своите барања, понекогаш и надвор од самоуправниот механизам во извесна мера и респективно на тоа колку е тоа отворено и достапно за нив, има една позитивност којашто Сојузот на комунистите не може да не ја потврди. Притоа сакам да укажам на нешто: јас сум длабоко уверен, како и сите вие, дека е сосема точна констатацијата дека огромното мнозинство на студенти максимално се на линијата на социјализмот, Тука дилема нема. Дилемата е (а тоа важи за целото општество) како да се стигне до социјализмот (по кои патишта) и каков социјализам. Се разбира, притоа дека одредените екстремистички барања, кои одат дури и кон вече преживеани пароли, не само што не треба да бидат поддржани, туку треба да бидат јавно и жестоко атакувани. Покрај останатото и заради тоа што тие на друга страна ги предизвикуваат конзервативците и ги јакнат силите на редот. Напати во нашата современа историја сме се вртеле во границите на нашето старо општество во однос на демократијата, сме биле враќани назад. Силите на отпорот на вистинската демократија, бирократијата,

[144] (Недков М., Мирчев Д., 1970) стр. 239-242

конзервативизмот се многу силни и тие многу вешто ги користат ваквите ситуации за да ја наметнат и платформата, и менталитетот, и преживеаните сфаќања, и акцијата да ја свртат во друг несакан правец. Инаку, јас сум тврдо уверен дека студентите, што се покажа и на вчерашните белградски демонстрации, нивниот најсвесен дух и јавно се откажа од она што се стреми кон враќање на старото, без оглед во кој облик и правец се јавува.[145]"

Но, мора да се нагласи дека покрај другите деца на функционери кои учествувале во протестите и демонстрациите, исто така особено се истакнал студентот на Белградскиот универзитет Владимир Глигоров, син на тогашниот потпретседател на СИС, Киро Глигоров, кој активно учествувал во барањата на студентите и во преговорите со власта, а воедно и држел говори пред демонстрантите.[146]

Студентите објавиле повеќе документи во кои ги искажале своите барања, а воедно ги осудиле дезинформациите во јавните информативни гласила за карактерот на демонстрациите и барале казни за одговорните и за бруталноста на милицијата.[147]

По овие настани, Претседателството и Извршниот комитет на СКЈ, од својата седница издале документ под наслов *Насоки за најважните задачи на Сојузот на комунистите во развој на системот на општествено – економски и политички односи,* кој според Црвенковски кој бил дел од Комисијата за специјално формирана за изработка на овие *Насоки*, е карактеристичен во повеќе правци, односно се поддржуваат барањата на студентите, а се напаѓаат екстремистите. На една од седниците на Комисијата Мирослав Печујлиќ[148], кој бил во постојана врска со настаните на Универзитетот, констатирал дека "Политичката одговорност не може да биде само општа и начелна, туку мора да се остварува како одговорност на одредени органи и луѓе за конкретната политика, нејзиното остварување и резултати. Носителите на јавни функции кои не постигаат успех во

[145] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 377 - 378
[146](Радически, 2013) стр. 32
[147] (Мирко Арсиќ Драган Р.Марковиќ, 1984) стр. 84 - 85
[148] Мирослав Печујлиќ - Редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот во Белград.

работата, треба да им ги отстапат своите места на поспособните.[149]" Во тоа време и самиот Црвенковски верувал дека Насоките ќе бидат продуктивни, но од подоцнежен аспект ги класифицира како "чиста демагогија", потенцирајќи дека оттогаш па натаму ќе се случува токму спротивното: способните и успешните, но не и послушните – ќе бидат отфрлани, отстранувани и потиснувани.

Студентскиот бунт во 1968 година, опфаќајќи ги речиси сите поголеми студентски центри, беше практично-политички израз на новиот критички дух што се раѓаше во СФРЈ иако тоа не беше јасно дефинирано. Студентската младина во 1968 година, на свој својствен начин искажа протест против историскиот неуспех на југословенскиот политички систем, ставајќи акцент врз моралниот принцип. Според, Славко Милосавлевски структурата на КПЈ/СКЈ постепено ја зафаќала „корозија на моралот". Таа се протегала до самиот врв - иако од непосредната и експлицитна критика биле „поштедени" харизматските водачи Јосип Броз и Едвард Кардељ. Но, самиот Јосип Броз бил целосно свесен дека студентскиот бунт го довел во прашање и неговиот морален и политички интегритет.[150]

Студентските демонстрации во голема мера влијаеле врз спроведувањето на реформите во општеството и економијата, односно биле еден од настаните кои предизвикале загриженост кај државниот врв, кој во натамошната демократизација на општеството согледал еродирање на сопствените позиции и моќ.[151] Од друга страна, тие несомнено „како спонтан масовен политички процес претставуваа радикално нов феномен во современиот политички живот на Југославија. Појавата на демонстрации делуваше речиси шокантно..."[152].

Уште пошокантно секако ќе делуваат демонстрациите на албанската народност на Косово и Метохија на Денот на албанското знаме (28 ноември 1968) и повторувањето на истото сценарио по еден месец во СРМ, односно во Гостивар и Тетово.

---

[149] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 378
[150] (Ачкоска, В. 2011) стр. 192
[151] (Радически, 2013) стр. 36
[152] (Недков, М., Мирчев, Д., 1970) стр. 19

Албанскиот комплекс прашања кулминирал во 1968 година со демонстрациите на студентите во Приштина, на денот на најголемиот празник на соседната, тогаш Народна Република Албанија - Денот на знамето, на 28 ноември. Косовското сценарио на 22-23 декември се пресликува во СРМ, во градовите Гостивар и Тетово. Демонстрациите ги организирале одделни претставници на албанската народност во Тетово под изговор дека "им се ограничува правото на употреба на албанско знаме", но всушност изразиле јасни сепаратистички цели. За карактерот и димензиите на демонстрациите јавноста била информирана од соопштението на општествено - политичките организации на Тетово, како и од соопштението објавено од III-та седница на Секретаријатот на ЦК СКМ одржана на 26 декември 1968.

На истиот ден, биле забележани истакнувања на албанското знаме и пароли "да живее денот на знамето" во повеќе места каде живеела албанската народност во СРМ[153]. Милицијата и војската ги задушиле демонстрациите на Косово, но барањето за "Косово Република" станало основа на натамошното јавно изразување на незадоволство на Албанците со нивниот статус во рамките на СФРЈ[154].

Настаните на Косово имале неспорно влијание во Македонија и делувале врз промената на меѓуетничката клима. Затоа, веднаш, на 9 декември било организирано пошироко партиско советување посветено на националниот комплекс на прашања. На советувањето било констатирано дека настаните на Косово се изразувале во СРМ низ неколку моменти. Еден од нив бил "обидот

[153] Така на пример, во с. Чегране албанското знаме во текот на ноќта било истакнато пред џамијата за да го видат луѓето кога доаѓаат на утринската молитва. Биле забележани и различни испади на шовинизам, изразен низ пеење револуционерни песни и меѓусебни пресметки на Македонците и Албанците во некои гостиварски и тетовски села како и во самите градови ( ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-91, а.е. 1, Советување со претседателоте на ОК, секретарите на ОПК, членовите на ЦК СКМ од мешаните подрачја и др., 9.12.1968 г.)

[154] Паролата "Косово Република", која албанските екстремисти ја истакнале и во текот на организираните немири на Косово во 1980 година, била само надворешната фасада, зад која се криеле барања за реализацијата на идејата за "Голема Албанија" или "Големо Косово". Всушност веќе се воспоставувала практика со наводното барање на "поголеми човекови права", да се прикриваат вистинските барања на Албанците. Од почетокот на осумдесетите години започнал походот за интернационализација на "косовскиот проблем. На светската јавност и се презентирале добро фабрикувани информации, а Слободан Милошевиќ со својот тврд став станал потребното алиби да им се излезе во пресрет на барањата на албанските екстремисти.

преку емисионари испратени уште пред почетокот на демонстрациите” на Косово, па во самиот тек на демонстрациите “за подигање на Албанците за излегување на улица”. Вториот момент секако била “нормалната и логична поврзаност на албанското население”, а третиот секогаш присутното влијание позитивно или негативно во рамките на единствената општествено – политичка заедница на која припаѓале Косово и Македонија.

Наведеното советување се одржало пред избивањето на демонстрациите за знамето во Тетово и Гостивар. Можеби затоа македонските комунисти тогаш процениле дека настаните на Косово не се изразиле “во своите екстремни видови” на територијата на СРМ, иако “посебно на мешаните подрачја дојде до една напната состојба при што одделни екцеси можеле да доведат до потешки судири. Такви екцеси биле позабележителни во Дебар и Гостивар.”[155].

Во првиот момент, македонското државно – политичко рахководство одбегнувало да ја изнесе целата тежина и долгорочност на проблемот. Исто така тоа не понудило доволно ефиксни излезни решенија. Решенијата, главно произлезени од партиските форуми, се сведувале на декларативни заложби и констатациите за поенергична акција на Сојузот на комунистите во идејната борба за сузбивање на националистичките тенденции. Иако паралелно биле ангажирани и органите на прогонот, кои доста работеле на планот на уфрлената агентура од соседна Албанија[156], сепак, ескалацијата на екстремниот албански национализам набрзо ќе дојде до израз во СРМ.

Така, по косовските ноемврсики демонстрации, на 22 и 23 декември истата година со истото сценарио, немирите биле пренесени во Тетово и Гостивар. Демонстрациите ги организирале одделни претставници на албанската народност

---

[155] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-191, а.е. 1, исто, 9.12.1968 г.

[156] Во рамките на пројавената иредентистичка пропаганда, уште од крајот на педеситетите години по својата екстремност и масовност таа била најизразена во Дебарско и Струшко. Во посебната Информација за овие пројави, меѓу другото е забележано дека во “НР Албанија бил формиран комитет кој што работи, по мирен пат, за присоединување на Космет и западните краеви на Македонија кон НР Албанија”. Во тие рамки се користело “и иселувањето на дел од Македонците од Дебарско во другите краеви на Македонија. Се коментира дека тоа го прават Македонците бидејќи знаат оти овие краеви ќе и припаднат на Албанија”. (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-128, а.е. 25, Информација за иредентистички појави меѓу шиптарското национално малцинство во Охридска околија, 1959 година).

“под изговор дека им се ограничува правото на употреба на албанското знаме”, но всушност изразиле јасни сепаратистички цели[157]. За карактерот и димензиите на демонстрациите јавноста била информирана од соопштението на општествено – политичките организации на Тетово, како и од соопштението објавено од III- та седница на Секретаријатот на ЦК СКМ одржана на 26 декември година.

Расправајќи за употребата на знамињата при крајот на истиот месец, Секретаријатот на ЦК СКМ, сметал дека истакнувањето на знамињата од страна на припадниците на народностите претставувало израз на нивното национално обележје. Но, во таа практика “Сојузот на комунистите... како и надлежните органи, мора да оневозможат било кое знаме да се злоупотребува во национални цели, да станува знаме на национализмот, на националниот раздор и разединување на работните луѓе”. Ваквиот заклучок на Секретаријатот произлегол од фактот дека употребата на знамињата од припадниците на народностите, “како израз на националниот сентимент” имале неспорно влијание во Македонија, а кај дел од Македонците предизвикал отпор како “стремеж кон сепаратизам, а на пооделни Албанци им послужи за изразување на националистички тенденции”.[158]

Со демонстрациите во Приштина и Тетово во 1968 година, албанскиот национализам и иредентизам настапил јавно.[159] Според одредени оцени главен надворешен предизвик на еуфоричното разгорување на националистичките чуства биле енверистите во Албанија, додека внатрешен предизвик била индоктринацијата на дел од средношколската и студентската младина што непосредно ја остварила иредентата во голем број средини каде што живеела албанската народност. Албанската младина била свртена, главно, кон студирање на историја и албанологија, при што албанската “културкрација” непрестано ги

[157] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-191, а.е. 1, исто.

[158] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 3, Заклучоци на Секретаријатот на ЦК СКМ за некои актуелни проблеми во спроведувањето на политиката по националното прашање во СРМ, декември 1968 г.

[159] Помеѓу оцените дадени непосредно по демонстрациите, и покрај крајно внимателните формулации, сепак се нагласува “насоченоста против интегритетот на СРМ и СФРЈ беше изразен низ паролите како и преку барањето за припојување на овие краишта кон Космет и создавање втора Албанија...”. Притоа, биле забележани коментари дека ако можат да постојат две Германии или два Виетнама зошто да не постојат две Албании (ДАРМ, ф: ЦК КМП/СКМ, к-231, а.е. 12, Информација за реагирањата во врска со неодамнешните настани во Тетово во јануари 1969 година).

индоктринирала “со перманентна глорификација на личностите и настаните од историјата на албанскиот народ”, а преку школската младина го пуштала “својот плевел и до масите”[160].

Во демонстрациите за знамето на повидок избиле барањата за отцепување на делови од Западна Македонија и нивно припојување кон Албанија. Интересно е тоа што, во голема мера, овие албански немири за знамето биле увезени од Косово, каде под паролата “Косово Република” започна добро обмислената борба за рабивање на територијалниот интегритет на СФРЈ и СРМ. Сето ова било проследено со огромна демографска експлозија на албанското население во СФРЈ[161]. Опфатени со шовинизам, албанските националисти го истакнувале на сите свои манифестации само знамето на НР Албанија како некакво култно знаме на нивната големоалбанска идеја[162]. Притоа, одбивајќи да го постават и задолжителното државно знаме на СРМ и СФРЈ[163] тие покажувале нелојалност кон државата во која егзистирале и создавале недоверба кај Македонците и кај припадниците на другите народности.

Македонското раководство набрзо станало свесно за тежината на настаните кои во голема мера ги разнишале меѓуетничките односи и меѓуетничката доверба, но и за долгорочноста на пројавените барања кои, и покрај прикриените начини на изразување, во суштина биле барања во функција на реализација на идејата за голема и етничка Албанија. Одбегнувајќи помасовни репресии над учесниците во демонстрациите, властите организирале прогон и затварање на главните организатори. При тоа, највисоките органи на СКМ зазеле гледиште дека комунистите се должни да делуваат во правец на стабилизација на ситуацијата и остварување на политиката на рамноправност, “дека судските процеси не смеат да предизвикуваат страв кај албанското население”, но дека

---

160 (Сулејмани, 1988) стр. 42

161 Така, на пример, според пописот од 1971 година, секоја жена на Косово родила 6.6 живи деца ( (Сулејмани, 1988) стр. 43).

162 Во тие рамки, интересна е химната на Република Албанија од која цитираме дел кој се однесува на знамето: “Обидинете се околу знамето, со една желба и цел, да дадеме чесен збор, да се бориме за наш спас”. Инаку целата химна повикува на борба, наспроти македонската химна која пее за раѓање на сонцето на слободата.

163 ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 30, Записник од 132 (проширена) седница на СЕкретаријатот на ЦК СКМ, 5 мај 1972 г.

“поретки поединци” треба да бидат казнети “доколку се навистина криви за целата ситуација и токму нивното казнување ќе придонесе за соодветна сигурност...”[164].

Заради ескалацијата на барањата за употреба на знамињата при крајот на 1968 година, посебна работна група за прашањата на народностите и етничките групи при Комисијата за општествено – политичките заедници и меѓунационални односи на претседателството на СКЈ, меѓу приоритетните задачи го поставила прашањето за употребата на знамињата на народностите на СФРЈ[165]. Материјалот што работната група го изработила за ова прашање бил доставен до сите републички и покраински комисии, кои до март 1970 година ги завршиле своите дискусии и со мали нијанси ги прифатиле ставовите на работната група.[166]

Во текот на регулирањето на прашањето за употребата на знамињата на народностите, на 26 ноември 1969 година била одржана и 33-та седница на ЦК СКМ посветена на употребата на знамињата на народностите. И покрај спротивставените ставови, посебно во однос на употребата на албанското и турското знаме како обележја на туѓи држави на територија на СФРЈ, највисокиот партиски орган на СКМ го прифатил предлогот на Комисијата на Претседателството за начинот на употребата на знамињата на народностите – “за Албанците тоа е знамето на НР Албанија, а за Турците знамето на Турција”.

Тргнувајќи од ставовите на ЦК СКМ и Комисијата на ЦК за односи помеѓу републиките, нациите и народностите, на седницата од 4.12.1969 година, разгледувајќи ја дотогашната практика за користењето на знамињата на народностите во СРМ зазела неколку битни ставови меѓу кои:

---

[164] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-195, а.е. 9, Записник од 23-та седница на Секретаријатот на ЦК СКМ, 14 јули 1969 г.

[165] Во акцијата се вклучил и ССРНЈ, како најширока општествено политичка организација, при што нејзините највисоки органи го прифаќале “неоспорното право на поединците – припадниците на народностите, општествените организации и другите самоуправни заедници во кои тие живеат и работат на национално – мешаните подрачја, коишто се определуваат со републички односно покраински закон, рамноправно да ги истакнуваат знамињата на својата народност на сите места и во сите прилики кога обично се истакнува знамето на СФРЈ, односно на Социјалистичката република” (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-201, а.е. 43, Ставови на Претседателството и Извршниот одбор на СК на ССРНЈ за истакнување на знамињата на народностите).

[166] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 21, Информација, о досадашној активности СК око питања употребе заставе народности и ставови одговарајучих комисија ЦК СК република и ПК СК покрајина, 2 априла 1970 г.

- употребата на знамињата на народностите претставува “еден од надворешните видливи изрази на афирмација и слобода на изразување на индивидуалноста и припадноста на народнсота”;

- адекватно на југословенската национална политика е истакнувањето на знамињата на народностите, по разни поводи; “во приватниот живот и во случаи на државни празници, заедно со државното знаме на СФРЈ и со знамето на Социјалистичка република Македонија. Пос исти услови тоа можат да го прават разни други друштва, здруженија, образовсни и културно – уметнички институции во национално – мешаните подрачја”.[167]

И покрај ваквите решенија за употреба на знамињата, текот на идните настани ќе покаже дека демонстрациите за знамињата во 1968 година биле само вовед и појавна форма на многу посуштински сепаратистички барања на дел од националистички форматираната албанска народнсот во СФРЈ и во СРМ. Затоа, во текот на 1969 година, во повеќе наврати, органите и телата на СКЈ дискутирале за меѓунационалните односи во СФРЈ, додека органите на СКМ сериозно се занимавале со националистичките појави кај албанската народност во СРМ[168]. Особено загрижувачки бил притисокот врз исламизираните Македонци и Турците за нивна албанизација[169], како и спротивставувањето кај дел од албанската популација во СРМ за формирање училишта со мешан национален состав[170] итн.

---

[167] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к.-231, а.е. 20, Поглед ставова Комисија за мецунационалне односе из република и покрајина о употреби застава народности, март 1970 г.

[168] На 17 септември 1969 година била одржана 25 – та седница на ЦК СКМ посветена на меѓунационалните односи со посебен акцент на ситуацијата во Општина Дебар заради забележливото нараснување на албански националистички испади.

[169] Така, се констатира дека “во некои комуни на мешаните подрачја се евидентни појави на вршење притисок на дел од турското население како и на муслиманите кои говорат македонски јазик да ја прифатат албанската националност како своја. Се изразуваат мислења дека некои турски училишта треба да се затворат, бидејќи се работи за Албанци”. (ДАРМ, ф: ЦК КМП/СКМ, к-191, а.е. 1; ДАРМ, ф: ЦК КМП/СКМ, к-231, а.е. 3, Заклучоци на Секретаријатот на ЦК СКМ за некои актуелни проблеми во спроведувањето на политиката по националното прашање во СРМ, декември 1968 г.

[170] Секретаријатот на ЦК СКМ констатирал дека “Носителите на националистичките сфаќања, својата активност особено ја усмеруваат кон младата генерација... За СКМ се неприфатливи оние ставови, изразени кај дел просветни работници, што се стремат кон одвојување на мешаните училишта во национални училишта бидејќи тоа претставува директен обид за раздвојување, а не за соединување на младата генерација” (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231 а.е. 3, исто, декември 1968 г.).

Тргнувајќи од програмските определби за национална рамноправност, потврдени на IX конгрес на СКЈ (одржан на 15 март 1969 година)[171], забележливи се напорите за реализација на оваа политика во практичниот живот. Во тие рамки продолжиле и дискусиите за употребата на знамињата на народностите како и дискусиите за рамноправната употреба на јазиците и писмата на народите и народностите. Таквите дискусии кои започнаа најпрво во рамките на ЈНА, се пренеле и на планот во органите и телата на Федерацијата[172]. Двојазичноста (повеќејазичноста) на локално ниво била утврдена во сите дотогашни устави, но, сепак, се покажало дека ваквите уставни одредби бараат попрецизна операционализација низ законската регулатива.[173]

Во рамките на дискусиите за националната рамноправност покрај прашањето за рамноправноста на јазиците во СФРЈ, се појавил и проблемот за употребата на знамињата на народностите. На неколку седници на Претседателството и Извршниот комитет на ЦК СКМ забележани се долги, бурни и на моменти доста спротивставени дискусии околу овој проблем. Според наводите на Крсте Црвенковски, сите Албанци и Турци, иако не со ист интензитет, биле единствени во упорноста на нивните барања. Косовските Албанци биле далеку поенергични во органите на Федерацијата каде што имале силна поддршка од страна на Словенците и Хрватите.

---

[171] На IX Конгрес на СКЈ бил воведен паритет во составувањето на партиското раководство. На тој начин во составот на Претседателството на ЦК СКЈ почнале да влегуваат еднаков број членови од секоја република и соодветен број од покраините. Формално заради напуштање на начелото на демократскиот централизам, тогаш започнала “федерализација на СКЈ”, со оглед на тоа што Конгресот само ги верификувал кадровските листи на републиките.

[172] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 32, Актуелна питања равноправности језика и писама народа и народности, Информација, 20.05.1971 г.

[173] Во рамките на оформувањето и прифаќањето на одделни уставни амандмани, биле присутни барања “со уставниот амандман XXXIX да се остави простор со закони како пофлексибилни и релативно полесно променливи правно-политички институции, да се регулираат одредени прашања на рамноправноста на јазиците на народите и народностите, посебно во командувањето и обуката во ЈНА”. Сојузното собрание во 1969 година усвоило и посебна Резолуција за остварувањето на уставното начело за рамноправноста на јазиците и писмата на народите во сојузните прописи и во работата на сојузните органи. Со оглед на тоа дека оваа резолуција не била доследно спроведена, активностите и дискусиите на тој план продолжиле и понатаму. (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, а.е. 32, исто, 20.5.1971 г.).

Расправи околу прашањето за употребата на знамињата на народностите се водат на разни нивоа повеќе месеци во текот на 1969 година. Во тие рамки, на 26 ноември 1969 година, била одржана и 33-та седница на ЦК СКМ посветена на истата тема. На челната позиција на СКМ,  веќе од март 1969 година се наоѓал Ангел Чемерски кој ќе одигра главна улога во политичката елиминација на Црвенковски и македонските либерали на 36-та и 37-та седница на ЦК СКМ.

Така, подготовките за  Деветтиот конгрес на СКЈ во 1969 година се одвивале во разбранувана и вознемирувачка атмосфера. На овој конгрес дошло до извесни кадровски промени во Владата и раководството на СКЈ односно според Црвенковски до *идеолошка и кадровска демократизација.* Владата на Мика Шпиљак поради голем број неуспеси на економско поле, а и голем број критики од својата република Хрватска, поднесува оставка. Од таа причина се јавила потреба за поставување на нов мандатор на СИВ.

Мијалко Тодоровиќ - Плави[174] специјално допатувал во Скопје на разговор со Црвенковски. Истиот директно му предложил да биде поставен за мандатор на СИВ, нагласувајќи дека низ републиките постои општа согласност тоа да биде токму Црвенковски. Во своите мемоари Црвенковски наведува дека бил цврсто решен тоа да не го прифати по ниедна цена, но не одговорил веднаш со изговор дека треба најпрво да се консултира со раководството. Ставот на Црвенковски бил дека целта на овој предлог е да биде "извлечен" од Републиката, а главен иницијатор е Лазо Колишевски. Раководството се состанало следниот ден каде сите биле едногласни дека предлогот треба да биде одбиен. Во однос на ваквиот предлог Црвенковски се изјаснува дека многумина функционери во Федерацијата предлогот го дале најдобронамерно, но исто така смета дека постоеле и приврзаници на Колишевски кој имал за цел да го елиминира од Републиката. Подоцна од разговор со Тито дознал дека тој имал намера да назначи Србин за претседател на Собранието односно тоа да биде Плави, додека пак Црвенковски да ја преземе функцијата секретар на Извршниот комитет на Претседателството на СКЈ. Намерата на Колишевски се потврдила подоцна на состанокот на

[174] Актуелен секретар на Извршниот комитет на Претседателството на СКЈ

политичкиот актив на Македонија каде Црвенковски ги изложил сите консултации и предлози околу конституирањето на новиот врв на Федерацијата и бил остро критикуван од Колишевски за неприфаќањето на таквата функција додека пак сите останати присутни биле едногласни во ставот дека Црвенковски е потребен токму тука.

Што се однесува на Деветтиот конгрес на СКЈ, Црвенковски го смета за најдемократскиот конгрес во повоената историја на КПЈ, односно СКЈ пред се затоа што конечно е променет начинот на подготовките, поточно прво се одржани републички конгреси, каде републките самите ги создавале своите платформи и формирале резолуции без директиви од ЦК СКЈ.



***ЦК на СКЈ, Белград, 29.05.1969 г***

Друг показател за демократизацијата на Конгресот е укинувањето на организациони секретари на ЦК и предлог – листите за членови на ЦК се правеле по сопствена желба на републиките. Исто така, на републичките конгреси за прв пат биле избирани членови на претседателства на СКЈ и на други органи, а тој

избор на Конгресот требало само да се верификува. Составот  на органите на СКЈ е направен врз основа на потполна рамноправност на републиките и соодветна застапеност на покраините. Сумативно по падот на Ранковиќ доаѓа до тотално укинување на централизмот во СК. Тито имал неколку обиди за враќање на старите принципи, но безуспешно. На Деветтиот конгрес имало само два реферата, дискусијата на делегатите била ограничена само на десет минути, без право на исклучоци, а политичкиот реферат на Јосип Броз кој бил однапред поделен меѓу делегатите, за прв пат, се разликувал од сите претходни и идни реферати односно во самиот реферат се забележува демократска ориентација и напади против догматизмот, конзерватизмот, централизмот и доминацијата. За прв и последен пат, Тито во овој реферат зборува за демократија и демократски централизам за СКЈ за што постојат и стенографски белешки.На крајот, Конгресот го усвоил новиот статут на СКЈ и прифатил три резолуции од кои централната била “Социјалистичкиот развој на Југославија врз основите на самоуправувањето и задачите на СК”, за чија изработка претседател на Комисијата бил Црвенковски. Исто така, за прв пат, токму на овој конгрес доаѓа до “генерациска смена” на најтесниот врв на СКЈ. Ниту во Извршното биро, па дури и во самото Претседателство повеќе не влегувале старите кадри како Франц Лескошек, Миха Маринко, Иван Гошњак, Ѓуро Пуцар, Блажо Јовановиќ, Лазар Колишевски и Светозар Вукмановиќ – Темпо, односно Колишевски поради огромно залагање на Црвенковски ќе остане во Претседателството на СКЈ иако подоцна воопшто нема да го цени тоа и истиот ќе направи се за да го изолира Црвенковски од јавноста.

Конгресот започнал на 11 март, а Црвенковски на 7 март на Бриони дознал дека е предложен за  член во Извршното биро на СКЈ заедно со Киро Глигоров.

Во 1970 година, се повеќе доаѓа до израз обидот на голем број функционери за поголема демократизација на социјалистичкото општество, меѓу кои се наоѓа и Крсте Црвенковски. Тој во своите мемоари ја опишува како една од најбурните години. На самиот почеток на годината, Црвенковски како член на Извршното биро на ЦК, заминува со југословенската федерација предводена од Јосип Броз Тито на турнеја во Африка.

Истата година бил во посета на на Стокхолм, Шведска каде ќе биде неосновано нападнат и обвинет од страна на југословенскиот амбасадор во Шведска Лазар Латиновиќ, за сепаратизам и поделба на Армијата во Републиките поради наводната изјава во Загреб во која јавно го побарал тоа. Според Црвенковски целото интервју кое го дал било претставено во максимално искривена форма. Откога целата работа преку преписка ќе биде претставена пред Извршното биро, донесена била одлука дека мора да се утврди одговорноста за ваквата постапка и дека е недозволиво еден амбасадор политички да квалификува изјава на член на Извршното биро.

Во мај истата година, Црвенковски бил домаќин на грчката делегација предводена од Микис Теодоракис, како што претходната година го примил и Андреас Папандреу. Тој му ветил на Црвенковски дека ако победат во Грција, веднаш ќе започнат со решавање на прашањето за македонското малцинство. Секако до тоа нема да дојде. Истиот побарал средба со Тито, на која Грците побарале помош и да им се овозможи емитување на програма на грчки јазик од Југославија преку која ќе повикуваат на борба. Голем број од барањата биле прифатени. Поради средбите со Папандреу и Теодоракис Црвенковски повторно се нашол на тапет во државниот секретаријат за надворешни работи.

Истата година Црвенковски заминал во посета на КП на Италија, каде Италијанците пропагирале социјализам со многупартиски систем.

На ред дошло и прашањето за пописот, кое од статистички податок преминало во проблем во политички димензии. Генерално се проблематизирало околу изјаснувањето како Југословен, се критикувала југословенизацијата и се инсистирало на изјаснување на националната припадност. Дискусија била покрената на во Извршното биро истата 1970 година, каде бил присутен и Тито. Тој се спротиставил на таквата одлука за време на пописот да не постои рубрика Југословенска националност, по што започнала јавна дискусија. Црвенковски напишал статија во врска со пописот во која истакнал дека “секое изјаснување за

југословенството како националност е притисок врз населението.[175]" На оваа статија реагирале две личности. Првиот бил Пауниша Петровиќ, член на ЦК СКЈ кој кажал дека Југославија не може да се смета за една нација и дека луѓето треба слободно да се изјаснат за својата национална припадност, додека вториот бил Марко Ристиќ, познат српски писател кој во своето писмо до *Политика* му се обраќа на Црвенковски, бранејќи го ставот дека изјаснувањето како југословен не прави притисок врз никого и дека надвор од Југославија и југословенството народите од Федерацијата би биле незначајни. Црвенковски потенцира дека иако Ристиќ важел во јавноста за космополит, југословенството сепак го гледал како проширено српство[176].

Годината завршила бурно за Црвенковски, како што и започнала, а крајот бил одбележан со неговиот настап во Загреб, во Клубот на самоуправувачите (неговата целосна изјава е цитирана во третата глава на овој магистерски труд). Следниот ден на 27 ноември 1970 година, ова излагање во скратена верзија било објавено во *Вјесник* односно било пренесено "Југословенската државност од стар тип е во распаѓање и за тоа не треба да се лелека – рече членот на ИБ СКЈ Крсте Црвенковски, говорејќи за југословенската федерација и за развој на националната државност."[177]

Настапот ќе предизвика остри реакции во јавноста, со исклучок на Хрватите кои говореле во прилог на Црвенковски, до таа мера што имало и барање Црвенковски кривично да одговара за ваквата изјава.

[175] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 393
[176] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 394
[177] Исто

## 3.2. Сојузни органи и вклучување како член на Претседателството на СФРЈ

Во јуни 1971 година доаѓа до промена на уставните амандмани и наместо Претседател на Републиката се формирало Претседателство на СФРЈ. Иако постоел предлог да се укине функцијата претседател на Републиката и Тито да стане само претседател на Претседателството со доживотен мандат, овој предлог бил преформулиран, звањето на Тито останало, со што автоматски тој станува и Претседател на Претседателството на СФРЈ, но ова важи исклучиво за него. Потоа е востановена функцијата потпретседател на Претседателството, кој би го заменувал Претседателот во случај кога е зафатен или отсутен. Предлогот за прв потпретседател го дал Јосип Броз, а се однесувал на Крсте Црвенковски.

Новото Претседателство било конституирано со целосна рамноправност на Републиките и покраините, по двајца од секоја република и по еден од секоја покраина. Повторно на предлог на Тито во претседателството од Македонија влегле Крсте Црвенковски и Киро Глигоров. Консултациите за избор на кандидати биле започнати уште во пролетта 1971 година. Црвенковски речиси месец дена бил службено отсутен, во специјална мисија во Замбија. За тоа време, тогашниот претседател на ЦК СКМ – Ангел Чемерски вршел консултации со значајни политички личности во Македонија. Покрај присутните биле и Лазар Колишевски и Видое Смилевски – Бато, Вера Ацева и други. Видое Смилевски истакнал дека “има луѓе во Белград кои ставаат забелешка на кандидатурата на Крсте”, на што јавно реагирала Вера Ацева обраќајќи му се на Бато: “Веројатно тоа се забелешки на некои меѓу Србите кои не можат да му простат на Крстета што се залагаше за поголема самостојност на Македонија или, на пример, за извојување на афтокефалноста на македонската црква.” По што настанал молк.[178]

---

[178] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 396



***Киро Глигоров, Ангел Чемерски, Крсте Црвенковски, Стеван Дороњски, Загреб, 1971 г.***

Состанокот на Изврשното биро се одржал во септември 1971, во Загреб, по посетата на Тито на Северна Хрватска и Вараждин. Во својот говор Тито истакнал дека при неговата посета не наишол на никаков национализам и дека најверојатно таквите работи некој му ги подметнувал. Пред почетокот на седницата дошло до расправија меѓу Диздаревиќ и Црвенковски, а Бакариќ и Кардељ биле кај Тито со цел да го нападнат Коле Чашуле зошто депешите од Латинска Америка ги праќа на македонски јазик, на што Црвенковски реагирал: - "Па колку што знам јас, депеши од странство се испраќаат и на словенечки. Зошто да не може и на македонски?". Тито ја смирувал работата.

Во СР Хрватска веќе масовното движење за поголема афирмација на хрватскиот јазик и самобитност односно „маспокретот" беше во полн замав. Тоа особено дојде до израз при штрајкот на студентите на Загрепското свеучилиште (од 23 ноември до 3 декември 1971) организиран од националистички ориентираното раководство на Сојузот на студентите на Хрватска и Сојузот на студентите на Загреб. Целта на штрајкот била да им се покаже „силата на

масовното движење“, на хрватската и југословенската јавност. Се демонстрира „плебисцитарна“ подршка која „прогресивното јадро“ на хрватското раководство ја уживало кај младината. Според оценките на Мика Трипало, еден од актуелните хрватски „либерали“, во таквото широк движење не би можело да се претендира на тоа дека се што се појавува во него е идејно и политички „чисто“. Постоеле одредени, за тое време, антисоцијалистички, националистички, па дури и франковски тенденции кај поединци кои настојувале да го искористат тоа широко движење за да ги протурат своите барања и сфаќања. Но, според Трипало, „споменатите националистички антисоцијалистички испади и сфаќања на поединци му нанесуваа на широкото демократско движење голема штета“, доколку повеќе што разни „случаи“ биле предимензионирани, особено во печатот надвор од Хрватска и Словенија и со дејствувањето на „емисарите“ од Белград и Загреб, при што заедно со унитаристичката офанзива и со реакциите на тие појави, се заоструваше политичката ситуација во Хрватска, внесуваше неспокојство помеѓу Хрватите и Србите и „внесуваше погрешен впечаток дека настаните и демократизацијата во Хрватска и отвораат врата на националистичката контрареволуција и дека имаат антисрпски карактер“.

Во текот на самиот штрајк, уште на 1 - 2 декември 1971, во Караѓорѓево била одржана XXI седница на Претседателството на СКЈ. Седницата претставувала продолжение на разговорот што го имал Ј. Б. Тито со раководството на Хрватска - Извршниот комитет на ЦК СК Хрватска и раководителите на општествено-политичките организации на Хрватска. На таа седница Тито ги осудил националистичките и сепаратистичките дејствија на хрватското раководство. Дваесет и првата седница на Претседателството на СКЈ била одржана на 1 декември 1971 година, на денот на создавањето на Кралството СХС, во Караѓорѓево, во ловечката резиденција на кралот Александар. Кога Црвенковски пристигнал на железничката станица бил известен дека дневниот ред на седницата е изменет и дека Тито веќе два дена го има собрано раководството на СК на Хрватска, каде се води жестока дебата. Црвенковски констатира дека иако тој е потпретседател на Претседателството на СФРЈ, самиот тој и воопшто Македонците не се известени за тоа, односно биле убедени

дека дневниот ред ќе се однесува на изготвување политичка платформа за реорганизација на Сојузот на комунистите на Југославија, а на самата седница Црвенковски дознал дека на дневен ред ќе биде хрватскиот национализам.



***Претседателство на ЦК на СКЈ, Караѓорѓево, 17.05.1971 г.***

На седницата присуствувале сите членови на Претседателството на СКЈ од Македонија: Крсте Црвенковски, Лазар Колишевски, Ангел Чемерски, Киро Глигоров, Славко Милосавлевски, Никола Минчев и други. Тито во краток говор го нападнал хрватскиот национализам, истакнувајќи дека се оградува од се што го вовлекува во таквите случувања и инсистирајќи што побрзо да се решат проблемите во самите форуми наместо на улица, мислејќи на измените на

амандманите и девизниот режим, а воедно и да се отстранат од Партијата луѓето кои се занимаваат со контрареволуционерни активности.[179]

Во однос на сите одржани говори на седницата вреди да се издвои дискусијата на Марко Никезиќ кој истакнал дека и хрватскиот и големосрпскиот хегемонизам се опасни за Федерацијата и дека истите треба да се решаваат во самите Републики односно одговорноста да ја сносат тамошните политичари, за што бил поддржан од Кардељ, Чемерски и од Црвенковски. Единствено Колишевски покажал недоверба за решавање на проблемите без присуство на Тито во ЦК на Хрватска.

Црвенковски во својот настап кажал: "Ние не можеме и не смееме да се определуваме. Тоа е работа на нашите другари во Хрватска. По мое длабоко убедување, единствено тие сами можат тоа да го разрешат. Интервенцијата на Тито ја сфаќам како огромна помош во надминување на нивните тешкотии. Верувам во искреноста на зборовите што ги изрекоа овде другарката Славка и Трипало, дека и тие тоа го сфаќаат така и дека ќе најдат сила во себе да надминат одредени недостатоци и навистина ќе тргнат во расчистување на одредени негативни појави." А потоа додал: "Не сум подготвен да ја понесам одговорноста, ако воопшто некој така мисли, за некаков курс во однос на првите точки. Ние не можеме да се изјаснуваме, немаме доволно елементи и тоа не е наша работа. Мислам дека Никезиќ тоа добро го формулираше синоќа и дека нема потреба да го повторувам. Јас се придржувам." Во врска со самиот штрајк на студенти, Црвенковски го изнел и следното: "Во новите услови за односите во федерацијата, во врска со уставните амандмани работите мораа да се постават на сосема поинаков начин.[180]"

На крајот, во завршниот говор, Тито добил поддршка од сите присутни за преземање административни мерки, а воедно навестил дека разврска мора да има и во Србија, односно дека во сите сфери, воедно и во судството и

[179] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 399
[180] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 402

обвинителството ќе мора да се отстранат сите кои на некој начин воведуваат антисоцијалистички елементи.

На 4 јули, на затворениот состанок на Извршниот комитет на ЦК СКХ укажал на „здружените колони на контрареволуцијата и национализмот“ и ја осудил дејноста на Матица Хрватска, нагласувајќи: „Зарем ќе дозволиме луѓето повторно да се борат за она за кое веќе еднаш се избориле?“ По седницата на Претседателството на ЦК СКЈ критикуваните членови на хрватското раководство поднеле оставки.

Либерализмот како појава бил маркиран и во Србија, при што се сметало дека тука тој е најмоќен, со многу силна интелектуална опозиција (Марко Никезиќ, Латинка Перовиќ) која се охрабрила да ја критикува титовата најнедопирлива област - неговите „досмртни“ функции. Во борбата против српските либерали Тито ги употребил сите сретства, за на крајот да се потпре врз политичарите кои воопшто не ги ценел. Во тие околности забележлива е Втората конференција на СК (25 - 27 јануари 1972) на која било критикувано српското партиско раководство заради „либералистички скршнувања“. Бидејќи српското раководство и по таа конференција продолжило со либерализација и со создавање на големи стопански и банкарски системи под паролата „модерна Србија“, Тито во јули 1972 година на состанокот со политичкото раководство на Србија ја критикувал оваа линија, при што, до конечна разврска ќе дојде во октомври 1972 година. Притоа, (на 9 октомври) дошло до разговори помеѓу Јосип Броз и политичкиот актив на Србија, односно актуелни српски политичари кои биле повикани со список составен во кабинетот на председателот Тито.

Во текот на овие превирања во СКЈ, мошне значајна е седницата одржана на 18.9.1972 година на Извршното биро на ЦК СКЈ, при што, од оваа седница на партиското членство му било упатено писмо на претседателот на СКЈ и на Извршното биро на Претседателството (датирано на 29.9.1972) во кое е истакната обврската на водечките органи на СК во своето практично дејствување да го спроведуваат политичкиот курс на Сојузот на комунистите. Притоа, се нагаласува дека најбитно е тоа „дали работничката класа ќе загосподари со целината на

општествената репродукција и да обезбеди одлучувачка улога во политичкото и општественото одлучување, или ќе јакнат оние односи и сили кои се спротивни на интересите на работничката класа, социјализмот и самоуправувањето?“.

Во рамките на ваквата акција на СКЈ, се водела и битката против наводните либерали во сите републики, против оние сили кои настојувале да се сруши монополот на СКЈ, во што Јосип Броз гледал атак врз неговиот личен монопол на власта. Така, ЦК на СК Србија, во текот на октомври (седница од 26 октомври) избрал ново партиско раководство бидејќи дотогашниот претседателa на ЦК СК Србија, Марко Никезиќ, и секретарот Латинка Перовиќ биле разрешени од должноста заради „либералистичка политика“ за која, тие биле критикувани уште на Втората конференција на СК (25-27 јануари 1972).

Во почетокот на седумдесеттите години, истото се случува и во политичкиот живот на Словенија, каде низ разни „афери“ конзервативните сили се пресметувале со либералните струи. Притоа, како и во Србија, во текот на октомври 1972 година (интерна седница на секретаријатот на ЦК СК Словенија, одржана на 28 и 29 октомври 1972) беше променето и словенечкото партиско раководство, при што од политичката сцена беше симнат Стане Кавчич, претседател на ИС на СР Словенија.

Следи и дваесет и втората седница на ЦК СКЈ, на која Црвенковски нема да присуствува заради службено патување во Варшава заедно со секретарот на ЦК Словенија Андреј Маринц. Неговото отсуство од седницата Колишевски го искористил за постојани напади врз неговата личност и покрај тоа што според статутот на СК, оној што се напаѓа треба да е присутен.

По завршувањето на дваесет и втората седница била одржана и седница на Претседателството на Сојузот на борците на Југославија, каде зел збор и претседателот на Сојузот на Борците од БиХ Илија Материќ, кој остро го нападнал Црвенковски со барање да се исклучи од Партијата и во иднина да нема право да се кандидира за ниедно место во Федерацијата, истакнувајќи дека Црвенковски бил во иста група со Трипало. Единствен кој застанал во одбрана на Црвенковски бил Злате Билјановски кој рекол: “На еден суверен народ не може никој однадвор

да му кажува кого ќе бира на тие функции." Од таа причина, по неколку дена се одржала проширена седница на Секретаријатот на ЦК СКМ на која се расправало за обвиненијата на Материќ насочени кон Црвенковски. Колишевски бидејќи почуствувал атак и врз себе, изразил полна поддршка и доверба за ангажманот на Црвенковски во Федерацијата и во Македонија, а потоа поддршка дале и Претседателството на Сојузот на борците на Македонија и од Градскиот комитет на Скопје. Истото било направено од страна на Сојузот на студентите на Белград преку соопштение со кое изразила безрезервна поддршка и потполна доверба на другарот Крсте, отфрлајќи ги сите обвиненија против него. Поддршката продолжила и преку Рато Дугониќ во Босна, а потоа и Тодо Куртовиќ.

Веднаш по овие настани, Тито изјавил дека не стои позади раководството на ЦК на Хрватска, а и дека идеолошки не се согласува со раководните луѓе на ЦК на Србија, по што започнала чистка. Дел од функционерите биле принудени да дадат оставка, а дел биле отстранети.

Во Македонија биле одржани повеќе седници на Секретаријатот на ЦК и на самиот ЦК СКМ. Дваесет и седмата седница на ЦК СКМ се одржала при крајот на декември, а Колишевски повторно не пропуштил прилика за напад врз Црвенковски. Интересно е тоа што Лазар Колишевски, веќе заминат, се вратил во политиката. Овој пат Колишавски го обвинувал Црвенковски дека ја застапува "ѓиласовштината" во однос на слободата на творештвото. Веќе отворено се зборувало за политичка ликвидација на Црвенковски. Неговите сфаќања се покажале како тотално спротивни на новиот курс на Дваесет и првата седница како и на Писмото на Извршното биро и на Тито. Според Глигорв, „тогаш беа осудени појавите на либерализам, на национализам; Славко Милосавлевски отиде, Крсте Црвенковски исто така полека беше ставен настрана".[181]

Во СК на Македонија се одржала Триесет и шестата седница на ЦК, каде главно сè било насочено против Славко Милосавлевски Ќамуран Тахир.

[181] (Глигорв, К., 2002) стр. 135

Црвенковски одржал говор во кој морал да го поддржи Писмото и воедно да каже нешто за Дваесет и првата седница:

“Другарки и другари, исправени сме, како што веќе беше истакнато, а посебно нагласено и во рефератот на другарот Ангел Чемерски кого јас го прифаќам, пред сериозни проблеми и одговорни задачи. Од нас се бара критичност во однос на состојбата, самокритичност спрема своето однесување и ставовите, целосна ангажираност во сегашните акции на Сојузот на комунистите на Југославија, Другарот Тито побара низ ангажираност од раководствата на републиките во реализација на Писмото да го изградуваме нашето единство кое честопати беше нарушувано. На седницата од 04 и 05 декември јас изнесов свои размислувања во поткрепа на програмски цели, сегашниот курс на Сојузот на комунистите во Југославија за решително надминување на деформациите, настојувајќи да направам критична и самокритична оценка на некои мои ставови и постапки. Сакам однапред да ја подвлечам и својата сопствена одговорност за состојбите.

Сметав, а и сега сметам, дека е тоа должност на секој комунист, а посебно на оној кој што зазема и заземал одговорни функции во Сојузот на комунистите, во државата или општеството – во политичките организации. Мнозина од вас сте го читале стенограмот од тој состанок и затоа мислам дека не треба да повторувам. Но, исто така чуствувам потреба пред овој собир, пред Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, пред СКМ, како и пред Сојузот на комунистите на Југославија да се задржам уште на некои прашања од тој карактер.

Никогаш не сум бегал од одговорност. Напротив, секогаш сум се држел за принципот дека преземањето на истакнати одговорни, јавни функции во Сојузот на комунистите или во општеството, или каде било носи одредени права, но и одговорности. На оној што не е готов да го прифати другиот – одговорноста тогаш не треба да  му се дадат ниту правата.

Во првите две години по моето заминување од должност Претседател на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, во новоизбраното Извршно биро на Претседателството на Југославија, моето присуство во републичкото раководство беше поголемо од она што ја бараше самата функција, член на Извршното биро. Сигурно дека тоа имало и свој негативен одраз врз односите и функционирањето на раководството. Јас длабоко ја чуствувам одговорноста за тоа. Не можам, не сакам, ниту пак кога било сум настојувал, за определени состојби во политичкото раководство и сега во Сојузот на комунистите да бегам од одговорностите и да им префрлувам сѐ на другите затоа што моето влијание, ангажираноста а и можностите да се заложам за навремено менување одредени состојби не биле мали. Напротив, тие биле доста големи. Не е потребно да говорам за мојот или чиј било друг позитивен придонес. Состојбите во целото југословенско општество, во Сојузот на комунистите на Југославија, а респективно на тоа и на Републиката, на Сојузот на комунистите на Македонија, бара една далеку поголема револуционерна ангажираност, бидејќи можат да надвладеат оние сили коишто сакаат нашиот социјалистички развој да го свртат во друг правец. Критиката, а особено самокритичноста се една од гаранциите дека состојбите ќе почнат да се менуваат. Се разбира дека декларативноста може нипто да не значи ако не биде проследена со акција и покажана на дело.

Да го подвлечам уште тоа, како што е познато, другарот Тито низ целата историја на Сојузот на комунистите на Југославија укажува дека критиката, посебно самокритиката секаде се моќно оружје во пресвртните моменти за постигнување на идејно единство и акциона способност на Сојузот на комунистите на Југославија. Денеска е тоа потребно повеќе од кога било. Моите сознанија од пред една и пол и две години дека ќе треба нешто да направам во таа насока ме упатија да се корегирам во овој однос и своето учество во републичкото раководство да го сведам на онаа мера во која сум повикуван од Централниот комитет, од неговиот Претседател или другите органи.

Најнапред една опомена. Должни сме и натаму да правиме уште попродлабочени анализи за преодниот период, за феномените што во него се

јавуваат, за деформациите кои се стремат кон реставрирање на односите од старото општество или од изминатата етапа, но и за позитивното и слично. Секоја етапа на нашата революција имала и свои значајни резултати и успеси и победи, јасни определби и перспективни, но и застанувања, заблуди и грешки. СК самиот го негирал во секоја етапа сето она што сметал дека е надминато и се јавува како пречка за натамошниот подем на револуцијата. Тоа го прави и сега со Писмото на Претседателот и Извршното биро на СКЈ и говорите на другарот Тито"[182].

Како светскиот така и југословенскиот печат посветил огромно внимание на Дваесет и првата седница. Седницата била толкувана на повеќе начини: Според Њујорк тајмс, Москва ќе се обидува да го врати своето влијание во Југославија по смртта на Тито; Источниот печат ги поддржувал сите мерки кои ги најавил Тито; Западните агенции констатирале обид на Тито за спасување на Југославија; Лондонските весници дека Тито им поставил ултиматум на Хрватите да го смират студентскиот штрајк во Загреб и тн.[183]

Дваесет и првата седница била оценувана како историска и за Партијата и за Државата. Но, како што вели Црвенковски едно е сигурно, таа претставувала почеток на крајот на распадот на Југославија, односно таа навистина била пресвртен настан, но во негативна смисла.

1972 година Црвенковски ја одбележува како година на неприлики и закани, започнуваат масовни чистки меѓу функционерите од републиките, големи интриги во политичкиот врв, на кои и самиот ќе биде изложен од кои ќе излезе као жртва и тотално ќе се изолира од јавниот живот.

За прв пат Црвенковски кажал дека размислува за повлекување пред Боро Петковски.

"Штета, вели Петковски, ако долу навјасаат такви снаги кои ќе го запрат процесот на демократизацијата кој отпочна и на разрешувањето на некои кардинални прашања. – Па тие веќе надвладеале , му велам. Пресвртот што е

---

[182] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 404 - 406
[183] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 407

овде извршен во однос на курсот е многу голем и тој насекаде ќе се одрази. За долго време не ќе има моѓности да се направи нешто паметно. Сметам дека мене не ми преостанува ништо освен да се повлечам. Прва пат оваа мисла ја изговорив пред него. Тој беше изненаден. па не би сакал да бидам соучесник во многу лоши работи што ќе се случат. Да ги сопрам не сум во состојба, а уште помалку сакам да покажам остар курс во чија исправност не сум убеден."[184]

На заедничката седница на двете Претседателства на СКЈ и СФРЈ главен дискутант бил Едвард Кардељ, кој остро ја напаѓал надворешната политика и предлагајќи свој нов концепт[185]. Потоа збор зел Мирко Тепавац[186], се дискутирало за национализмот и опасноста од него, а всушност на големо се проповедал централизам, унитаризам и монопол во надворешната политика, односно неговиот концепт во голема мера бил големосрпски.[187]

Црвенковски не зедол збор во дискусијата, како што вели, не затоа што не се согласувал со курсот на надворешната политика на Тепавац, туку затоа што не може да го одобри методот на дисквалификација на луѓето, што од Дваесет и првата седница па натаму го започнале Тито и Кардељ сакајќи да го реализираат во целата држава.[188]

Политичката хајка кон српските либерали продолжила во големи размери, на мета бил Коча Поповиќ,[189] кој ќе се повлече од сите политчки функции истата година.

Загриженоста на Црвенковски за српските либерали се покажала како сосема основана. Во својот дневник на 16 јануари 1972 година запишал:

---

[184] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 411 - 412
[185] Генерално напаѓајќи ги ССИП и Тепавац
[186] Мирко Тепавац - Сојузен секретар за надворешни работи на СФРЈ и член на ЦК СКС
[187] Мирко Тепавац се обидувал да одбрани од нападите од страна на Кардељ и Тито, во основа неаргументирано, алудирајќи и на Македоците во својата дискусија сакајќи да им препише некаков национализам
[188] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 413
[189] Константин Коча Поповиќ - истакнат генерал – полковник во ЈНА, сојузен секретар за надворешни работи и потпретседател во Претседателството на СФРЈ.

“Насекаде се заостријуваат односите во партиските и државните раководтсва. Некаков исклучок е само Словенија. Стане Крањц уште на самиот почеток на годината, при една средба во време на седницата на Претседателството на ЦК СКЈ, ми расправа како Кардељ е тој што ја смирува тензијата во однос на Кавчич, додека Доланц и Рибичич бараат да се расчисти. Таквите односи во Словенија ќе траат до конечната пресметка со српските либерали. Тогаш и самиот Кардељ ќе влезе во акција против Кавчич. Ете и Словенците ќе мора да дадат некој жртвен јарец на олтарот на единството на СКЈ и СФРЈ.[190]”

Тито на еден настап во Ужице јавно ќе го нападне српското раководство, по што весниците ќе почнат да го пренесуваат говорот на Тито. Веднаш по ова Црвенковски повторно ќе биде вплеткан во една интрига поврзана со македонската емиграција во Канада, чии раководители се пофалиле дека имаат врски со македонското политичко раководство. Се споменувале некои изјави на Црвенковски дадени пред делегацијата на иселениците, за кои Црвенковски тврди дека навистина имал средба со нив, каде му го честитале изборот за потпретседател на Претседателството на СФРЈ, а тој им нагласил дека треба да го негуваат македонскиот патриотизам и ништо повеќе. Изјавата била испревртена дека иселениците не треба да се врзуваат за југословенските претставништва и истата била пласирана во писмена форма кај Тито[191].

На денот на роденденот на Тито, по повод јубилејот на неговата 80-годишнина, Кардељ го предложил Црвенковски да му одржи здравица на Тито, најверојатно со цел да ги стивне сите озборувања што тие денови кружеле низ Белград на сметка на Црвенковски.

Се наближувал крајот на едногодишниот мандат на Црвенковски како потпретседател на Претседатекството на СФРЈ. По тој повод била одржана специјална седница на Претседателството за избор на нов потпретседател каде бил избран Рато Дугониќ. Тито одржал говор за дејноста на Црвенковски како

---

[190] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 415 - 416
[191] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 417

потпретседател во изминатата година. Телевизијата Загреб емитувала магнетоскопска снимка со што се видело и слушнало што кажал Тито, но неговиот говор во весниците излегол скратено и цензурирано. Единствено Нова Македонија од 14 јули го има објавено интегралниот текст кој гласи:

“Ја користам приликава во свое лично име, а мислам дека го делам мислењето на сите членови на претседателството, да се заблагодарам на соработката и вложениот труд на сегашниот потпретседател Крсте Црвенковскикој претседаваше на поголемиот дел на досегашните седници на Претседателството. Другарот Црвенковски настојуваше за време на неговиот мандат да изврши комплетна организација на Претседателството, на неговите совети, комисии и други тела во што и успеа. Тој се трудеше Претседателството, како колективно тело и најмлад орган на Федерацијата во остварувањето на своите функции кои су уставните амандмани му беа ставени во надлежност, да избегнува да им се наметне на другите органи на Федерацијата и настојуваше по прашањата од доменот на меѓурепубличкото договарање да придонесе за приближувањето на гледиштата меѓу своите членови и така конструктивно да влијае на усогласувањето на ставовите во меѓурепубличките комитети и со упатување на препораки на Сојузниот извршен совет, особено од областа на економската политика. Претседателството позитивно делуваше за решавање на сложените систематски прашања. Досегашните форми на работа на Претседателството се покажаа корисни во решавањето на меѓурепубличките односи и треба да се продолжат во натамошната работа.”[192]

Следен настан била Седницата на Советот за безбедност која се одржала на Бриони, каде се расправало главно за уфрлената диверзантска група усташи, која имала за задача да изврши диверзантски акции, па дури да предизвика и востание меѓу Хрватите во Херцеговина. На средбата прсуствувал Коча Поповиќ, чие присуство го вознемирило Тито, па го замолил Црвенковски тој да претседава.

[192] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 423

Во неформалниот “прошталени” разговор меѓу Тито и Црвенковски, Тито повторил дека е задоволен од неговата работа, прашувајќи го што планира да работи понатаму, предлагајќи му да се врати во Извршното биро.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# СТАВОВИ ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ДИСИДЕНТСТВО

Реорганизацијата на СКЈ иницирана по Брионскиот пленум од 1966 година беше сопрена во расчекорот што се создаде заради радикализмот што во тие услови го покажа една поголема интелектуална група во партијата (кој одеше дури и до барања за партиски плурализам), од едната страна, и стравот на Јосип Броз, Едвард Кардељ и одредена група догматски форматирани комунисти кои се плашеа дека партијата ќе го изгуби монополот во власта и одлучувањето. Сепак, покренатата лавина за демократизација и идеите околу неа не можеа да бидат сопрени. Така во секоја од републиките тие најдоја специфична почва, барања и потреби кон кои се стремеа демократските, творечки сили во редовите на СК.

## 4.1.Либералните ставови

Сите овие реформски барања кои веќе ја допираа недопирливоста на монополот на СК, беа означени со „либерализам". Со терминот "либерализам" се означуваат одредени појави во периодот помеѓу средината на шеесеттите и средината на седумдесеттите години, кога во рамките на единствената и владеачка партија, Сојузот на комунистите на Југославија, дојде до важни демократски промени (предизвикани пред се од прогресивни интелектуални кадри), кои се одразија и во општеството. Тие процеси беа насилно прекинати во првата половина на седумдесеттите години. Најсилни демократски движења имаше во Словенија, во Хрватска и во Србија, а до израз дојдоа и во Македонија. Некаде се изразуваа и преку посилни обиди за национална афирмација

(Словенија, Македонија), при што доаѓаше и до понагласен национализам (Хрватска).[193]

Паралелно со настаните во Федерацијата, започнал и процесот на демократизација на општествен и политички план во Македонија. Со доаѓањето на чело на СКМ на Крсте Црвенковски и повлекувањето на Лазар Колишевски од истата функција значително се променила состојбата во Партијата. Смената на Колишевски не се должела само на наеговата кадровска политика туку голема улога одиграле и неговите лоши односи со Тито.[194] Колишевски уште од 1962 година почнал да добива критики за неговата работа, а меѓудругото, СКМ веќе извесен период под контрола на Ранковиќ, преземајќи ги овластувањата на ИК на ЦК на СКМ креирал сопствена политика, додека состанок во самиот ЦК не бил свикан три години.[195]

Назначувањето на Црвенковски за политички секретар  на ЦК на СКМ наишло на отпор и несогласувања од страна на постарите кадри во Партијата, вклучувајќи го и Колишевски кој добил наредба да се повлече во Белград, а воедно не пропуштал прилика да го нападне Црвенковски особено во поглед на неговата демократска ориентираност кон политиката.[196]

Опасноста која чуствувал Колишевски дека потполно ќе го загуби своето влијание во СКМ била сосема основана, сепак Црвенковски е личност која за време на извршувањето на сите претходни функции во Федерацијата, меѓу кои како сојузен секретар за просвета и култура, се стекнал со огромен углед кај значајни југословенски интелектуалци на сметка на своите демократски и слободоумни сфаќања за развојот на уметноста а и општеството.

Крсте Црвенковски бил назначен за политички секретар на ЦК на СКМ на седмата седница, која се одржала на 3 јули 1963 година, непосредно пред катастрофалниот земјотрес во Скопје[197], кој покрај огромниот број жртви и

[193] (Ачкоска, В. 2011) стр. 193
[194] (Радически, 2013) стр. 71
[195] (Виолета Ачкоска Никола Жежов, 2005) стр. 141
[196] (Филип, 1993) стр. 11

материјална штета, сериозно ќе му наштети на македонското стопанство кое и онака било слабо развиено во однос на другите Републики во Федерацијата.[198]

Земјотресот, исто така, ќе влијае и врз демографската структура на Скопје, со оглед на зголемениот раст на бројноста на неговата популација во наредниот период, тоа ќе се одрази и врз Републиката.[199]

Скопје било обновено во најголема мера со помош на Федерацијата, како и со помош на повеќе држави и значајни личности од светот.[200] Целото македонско политичко раководство се фокусирало кон обнова и санирање на последиците од земјотресот, додека во некои политички кругови во Федерацијата се јавило незадоволство поради висината на средствата кои биле издвоени за таа цел, за во наредните неколку години таа тема да биде предмет на расправа.[201]

Од страна на поедини раководни функционери во Републиката постоеле и обиди средствата да бидат пренаменети за обнова на Бања Лука од тамошниот земјотрес, но македонското политичко раководство на чело со Црвенковски одлучно се спротивставило на ваквите барања.[202]

Демократизацијата во партиските односи а и во политичкиот живот во Македонија почнала да се чуствува во 1964 година.  Црвенковски како нов раководен функционер на Партијата, инсистирал да ги искористи можностите кои ги давал новиот Устав од претходната година, според кој републиките добиле поголема самостојност. За разлика од времето на Колишевски, постојано се одржувале средби и советувања меѓу македонските функционери, со цел пред Федерацијата да настапат заеднички, со единствени ставови во интерес на македонската држава.[203]

Во подготовките на VIII Конгрес на СКЈ Македонците зеле активно учество, што не може да се каже дека било практикувано и претходно. Во новоизбраниот состав на ЦК на СКЈ влегле Крсте Црвенковски, Лазар Колишевски, Страхил

[198] (Велјановски, 2002) стр. 208
[199] (Ачкоска, 2003) стр. 124
[200] Над 70 држави од светот понудиле помош за обнова на Скопје.
[201] (Глигоров, 2001) стр. 103
[202] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 298
[203] (Филип, 1993) стр. 25 - 26

Гигов, Славко Милосавлевски, Видое Смилевски – Бато, Александар Грличков, Павле Давков, Киро Глигоров, Бошко Станковски, Никола Минчев, Лазар Мојсов, Кемал Сејфула, Јани Бојчевски и Ристо Џунов, а двајца од наведените – Црвенковски и Колишевски и во ИК на ЦК на СКЈ[204], со што значително се подобрила положбата на македонското раководство во однос на рамноправна застапеност по републики, а истите имале и исклучително високи овластувања.[205]

На IV конгрес на СКМ кој се одржал од 29 до 31 март 1965 година, Црвенковски во својот реферат ја нагласил потребата од создавање на што поголем број стручни кадри, како основен предуслов за натамошен економски и културен развој.[206] Црвенковски, исто така истакнал дека македонскиот народ треба да ја заштити својата културна и национална посебност пред притисокот за создавање југословенска нација, односно да ги афирмира своите национални интереси.[207]

Несомнено, Црвенковски дал огромен придонес во развојот на демократските процеси во СКМ, односно во креирањето на дотогаш непознатата посамостојна политика на Сојузот на комунисти на Македонија.

Со одржувањето на Брионскиот пленум во 1966 година, за кој детали се изнесени во претходната глава на овој магистерски труд, Црвенковски значително брзо ќе напредува во својата кариера, стекнувајќи се со голем политички углед, но и со голем број непријатели меѓу српските националисти. Повторно, со голема заслуга на Црвенковски и Извештајот на Комисијата на ИК на ЦК на СКЈ, како и предлозите дадени од истата, извршена била реорганизација на УДБ-а, со што, се овозможило конечно да дојдат до израз помлади образовани кадри, кои биле активни во политичкиот живот.

По Брионскиот пленум, македонските национални и културни интереси доаѓаат до израз преку отварање на значајни институции од областа на културата и науката. Била основана Македонската Академија на Науките и Уметностите (МАНУ) повторно на иницијатива на Црвенковски, кој го дал предлогот на седница

[204] (Осми конгрес на СКЈ, 1964) стр. 295 - 344
[205] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 195
[206] (Четврти конгрес на СКМ, 1965) стр. 27
[207] Исто

на ЦК на СКМ,[208] по што во февруари 1967 година, Собранието на СРМ донело Закон за основање на МАНУ, а на чело на институцијата застанал Блаже Конески, потоа се формирала Матична комисија со која раководел српскиот правник Милан Бартош, биле избрани 14 членови, а на 10 октомври 1967 година официјално била основана Академијата.[209]

Македонското раководство предводено од Црвенковски, Александар Грличков и Никола Минчев со својата иницијатива за менување на статусот на МПЦ од автономен во автокефален предизвикало ново влошување на односите со Србија како и голем број српски нациналистички функционери, но, треба да се нагласи и дека видни македонски функционери (Како Видое Смилевски и Љупчо Арсов[210]) поголемо важност им давале на влошените односи меѓу двете републики отколку на автокефалноста на МПЦ. На 25 април 1967 година, на состанок на Сојузниот извршен совет раководен од Перо Стамболиќ била покрената иницијатива за решавање на црковното прашање. Стамболиќ, Стаменковиќ и Кардељ инсистирале на враќање на старото решение од 1959 година според кое Архиерејскиот Синод на МПЦ бил должен Српскиот патријарх да го нарекува поглавар на СПЦ и МПЦ, но истата одлука набргу била напуштена бидејќи српскиот Архиепископ Герман одбил да се именува како поглавар на МПЦ, со што продолжиле затегнатите односи меѓу СПЦ и МПЦ.[211]

Во поглед на литературното творештво, во овој период може да се каже дека се издвоиле две струи, едната под влијание на комунистичката идеологија, а другата се залагала за послободен пристап во творештвото.[212]

Следниот чекор на македонското раководство бил во врска со прашањето за составот во командниот кадар на ЈНА, инсистирајќи на поголема застапеност на Македонците во истиот. Имено, ЈНА била под директна команда на Тито, кој не дозволувал апсолутно никакво мешање на партиските и државните органи во

---

[208] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 342
[209] (Андреевски, 1991) стр. 193
[210] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 255
[211] (Ачкоска, 2003) стр. 191 - 192
[212] (Радически Н. , 2009) стр. 268 цитирано според (Радически Н. , 2013) стр. 81

неа.[213] По Брионскиот пленум КОС на ЈНА преземала дел од должностите на УДБ обидувајќи се да го контролира македонското раководство и македонските офицери, преку нивно следење за што се изготвувале извештаи кои биле праќани кај Тито или пак кај сојузниот секретар за народна одбрана – Иван Гошњак.

Во прв момент, Црвенковски се обидел да интервенира кај Гошњак преку Тито, за промена на статусот на неколку македонски полковници во генерали. Средбата Црвенковски – Гошњак не вродила со плод, Гошњак инсистирал дека во Армијата сѐ е по пропис и дека републичките раководства не смеат да се мешаат во кадровската политика на Армијата.[214]

Кога Црвенковски добил информација дека неколкумина македонски полковници се на распит во ЈНА поради истрага која КОС ја спроведувала во Македонија, прво имал жестока расправија со Гошњак по телефон, а потоа побарал прием кај Тито каде го условил со својата оставка доколку не бидат прекинати таквите истраги, контролирањето на македонското раководство и доколку не се промени ништо во врска со етничката дискриминација во ЈНА. Тито однапред бил информиран за сѐ и му ги покажал извештаите кои ги добивал од КОС за неговата работа, а понудената оставка категорично ја одбил, најверојатно стравувајќи од лошите коментари кои би следеле во земјата и во странство по таквиот чин.[215] Македонското раководство на чело со Црвенковски, континуирано се залагало за рамноправност меѓу нациите во Федерацијата. Црвенковскикако лидер на СКМ се залагал Македонија да биде „порамноправно третирана, односно да биде рамноправно застапена во сите структури на државната управа“ особено во армијата. Во разговорите со Гошњак и Тито, Црвенковски аргументирал дека Македонија сразмерно (бидејќи имала помладо население) дава поголем број војници, а старешини во Армијата има во обратна пропорција. Благодарение на овие залагања за кусо време се извршени многу унапредувања, испраќање на македонски офицери во највисоките офицерски школи, каде се покажаа како

[213] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 273
[214] (Филип, 1993) стр. 79-80
[215] (Филип, 1993) стр. 80 - 81

добри студенти, со што се доби и формална основа да бидат унапредени во генерали, полковници исл.[216]

Дотогаш ниеден Македонец не бил на чело на Армијата распоредена во Македонија, иако во другите републики секогаш се водело сметка за тоа при изборот на командантите да се избере најдобриот од генералите од таа република. Во Македонија постојано се праќале команданти од друга република, а тоа станало проблем, донекаде и во јавноста. И тогаш, според Глигоров, „ пак со големо залагање на Крсте Црвенковски, се успеа во Белград да се огласат за командант на Армијата во Македонија да биде назначен Васко Карангелески.[217] По изборот на генералот Карангелески[218] за командант во Македонија, наредната година Гошњак си поднел оставка.[219]

Црвенковски, во име на својот патриотизам, во текот на својата кариера ќе го искористи целото свое влијание преку партиските и државните функции за да допринесе за афирмација на македонската национална посебност. Тој остро ќе се спротистави на предлогот да се создаде југословенкса нација, врз основа на заедничкото словенско потекло на народите во СФРЈ. Таквите аспирации Црвенковски ги доживувал како притисок од страна на српските националисти во обид за наметнување на големосрпската хегемонија и потиснување на македонската посебност.[220] На седница на ИБ на Претседателството на СФРЈ во 1970 година, за време на подготовките на претстојниот попис, заедно со Вида Томшич, Црвенковски го информирал Тито дека веќе е одлучено можноста за национална определба "југословен" ќе биде изоставена. На Тито тоа не му се допаднало.[221] За ваквиот став, Црвенковски бил остро критикуван од страна на конзервативните српски политичари. Нападите врз него максимално се интензивирале по говорот кој го одржал во Клубот на самоуправувачите во

[216] (Глигоров, К., 2002), стр. 142-143
[217] Исто, стр. 143
[218] Истакнат партизан, командант на бригада, на дивизија, способен генерал.
[219] (Филип, 1993) стр. 82
[220] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 293
[221] Исто, стр. 393

Загреб, на трибината “Политички дијалози” на 26 ноември 1970 година, во врска со националните односи во републиките.

Во својот настап ја дал следната изјава: “*Не гледам перспектива за развој на Србите во Хрватска, на Турците, односно Албанците во Македонија, доколку тие се ангажираат во негирање на хрватската односно македонската државност. Напротив, ми се чини дека има доволно простор за целосна рамноправност на Србите во Хрватска и на Албанците, односно Турците во Македонија само доколку тие – како што тоа и го прават – Србите во Хрватска и Албанците и Турците во Македонија, го респектираат и го поттикнуваат целосниот развиток на националната државност во Хрватска, односно во Македонија. Инаку , со какво право може од еден народ (хрватскиот или македонскиот) да се бара, како единствен пример во Европа, да се одрекне од својата државност само за да не се загрози рамноправноста на Србите во Хрватска, односно Албанците и Турците во Македонија*.[222]”

Оваа изјава на Црвенковски, била пренесена во скратена верзија од страна на медиумите и протолкувана како омаловажување на српскиот народ и ставање на исто рамниште со Турците и Албанците во Федерацијата. Изјавата всушност го означува почетокот на кампањата која ќе почне да се води против него во Федерацијата, особено од страна на српските националисти.

Во контекстот на пресметките на Претседателството на СКЈ со либералите од одделните републички партиски раководства, Лазар Колишевски истапува против Крсте Црвенковски како наводен носител на шовинизмот во другите републики и за предводник на групата либерали во Македонија.

За припадници на либерализмот во СРМ биле прогласени партиските кадри кои се залагале за промени во општеството и во делувањето на партијата, за плурализам и демократија. Иницијална капсула за почеток на пресметката со либералите во СРМ била на седницата на ЦК СКМ од 23.7.1971 година, на која, Ќамуран Тахир, претседател на Градскиот комитет на СКМ - Скопје, јавно ги

[222] (Црвенковски К. , 1989) стр. 73

изложил новите политички идеи кои биле присутни на југословенската сцена во правец на реорганизација и демократизација на СКЈ и на општеството. Таа дискусија го воведува во групата на партиски “дисиденти“, односно на реформската струја (Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Томислав Чокревски, Димитар Мирчев, Љупчо Арнаудовски, Милан Недков) која нешто подоцна ќе претрпи политички пораз од страна на тврдото догматско крило кое се залагало за status quo во Партијата - Колишевски, Чемерски, Дуганова.[223]

На Третата Конференција на СКМ (18 - 19 мај 1972), претседателот на ЦК СКМ Ангел Чемерски настапува остро против либерализмот во СРМ. На Конференцијата, Димитар Мирчев и Томислав Чокревски ги изнесле своите ставови за демократизација на политичкиот систем и го ставиле на критика заостанувањето на свеста на авангардата во однос на прогресивните промени на свеста на класата. Со отворена анализа тие нуделе нов пристап кон истражу-вањето на корените на бирократизмот и на другите деформации во СКЈ и во општеството во целост. По настапот на ова Заседание, кон крајот на 1972 и почетокот на 1973 година Димитар Мирчев е „замолен“ да поднесе оставка од членството во Конференцијата, а подоцна ќе му бидат изречени и други дисциплински мерки од кои ќе трпи различни последици. Слична судбина доживеал и Томислав Чокрески, етикетиран како „чист“ либерал. На 27.10.1972, на седницата на ЦК СКМ била усвоена оставката на Славко Милосавлевски, секретар на Секретаријатот на ЦК СКМ.

Независно од нив, поради слични ставови изразени во говорот на една подоцнежна седница, во групата на либералите бил вклучен и Милан Недков како и Љупчо Арнаудовски. Притоа, пресметката со Крсте Црвенковски кој се сметал за главен „протагонист“ на либерализмот во СРМ ќе се случи нешто подоцна, на 36-та седница на ЦК СКМ (одржана на 18 јануари 1973).

[223] (Црвенковски, К., Милосавлевски, С., 1996) стр. 135-145.

## 4.2.Симнување од политичката сцена

Српските националисти храброста и патриотизмот искажани од Црвенковски ќе ги доживеат како сериозен удар врз големосрпството, унитаризмот и централизмот, иако во тој момент Црвенковски сеуште не свесен за последиците што ќе ги сноси во иднина односно дека постепено и во малку завиена форма ќе му бидат прикачени обвиненијата за сепаратизам и национализам.

На 5 јануари 1973 година се одржал состанок на Одборот за подготовки на Десеттиот конгрес на СКЈ, на Милочер, во хотелот "Маестрал", каде во дискусијата Црвенковски си дозволил да му упадне во збор на Тито околу некои негови ставови, што дотогаш било невообичаено а и недозволиво. Секако, дека Црвенковски бил свесен за последиците што ќе ги почуствува а го кажал следното:

"Во натамошното излагање ќе се надоврзам на она што го говореше другарот Кардељ и мислам дека се можни, а и постојат денес два вида автокритики во Сојузот на комунистите. Едната, која е можеби подоминантна и веројатно погрешна, според мое мислење, таа води кон негова тотална девалвација. И тогаш нормално се поставува прашањето кај обичниот работен човек зошто СК не се симнува од историската сцена ако е тоа така. Втората, која покажува дека внатре во него се одвиваат сите тие процеси кои се во општеството и СК од сите тие ситуации излегува конечно како победник и отвара една перспектива на едно ново самоуправно социјалистичко општество. Ако ја прифатиме оваа прва критика, а таа постои внатре во Сојузот на комунистите и во многу документи, а инаку таа е многу силна во теориите надвор од Сојузот на комунистите кои постојат во нашето општество, тогаш постојано се повторува во обичниот политички жаргон дека одново се враќа довербата во Сојузот на комунистите. Значи дека СК еднаш тотално загубил некоја доверба. И трето, јас мислам дека треба да се биде внимателен во одговорот на прашањето зошто и како сето ова може да се случи. Ако само така ги поставиме работите, тогаш значи

дека ние нудиме еден бесконфликтен сојуз на комунисти утре како и едно бесконфликтно општество. А мене ми се чини дека борбите во разни правци ќе продолжат, јас морам да кажам дека во целиот овој материјал најдобар приод за мене и најприфатлив е оној кој го даде другарот Бакариќ. Тој приближно се обиде да ја покаже тежината во еден период што е инаку позната и според Маркс, но мислам дека е добро актуелизирано, еден преоден период од капитализам кон социјализам и дека тој период од капитализам кон социјализам, кон комунизам е полн со тие конфликти и таа класна борба на која другарот Тито со години инсистираше, кога можеби сите ние другите тоа го потценувавме. И мислам ако така се поставиме, тогаш значи на секој му нудиме не дека утре ќе стане некоја идила и еден непогрешлив сојуз на комунисти, туку една вечна борба и во самиот сојуз на линија на еден зададен курс.[224]"

Набрзо по овој настап на Црвенковски, на 36-та седница на ЦК СКМ ќе дојде до негова политичка дисквалификација. Самата седница е именувана како „пресвртница во пресметката со либерализмот и национализмот во Македонија".

Како што веќе е споменато, Црвенковски бил свесен за последиците што ќе ги има поради несогласувањето со Тито. Претходно бил сведок на сите чистки од страна на Тито, пример за тоа е Дваесет и првата седница каде Тито изјавил дека не се согласува со раководството на ЦК на Хрватска, па следела чистка, потоа во јавните говори изјавил дека идеолошки не се согласува со раководството на ЦК на Србија, а раководните функционери биле приморани да си дадат оставка, чистките продолжиле.

Иако Црвенковски бил советуван и од своите колеги да го поддржи новиот курс на Тито со цел да се заштити и да престанат нападите врз него, тој не можел да ја поддржи политиката со која не се согласувал. Неговото дистанцирање и неподдржување на чистките е очиглено уште од дискусиите на Дваесет и првата седница на Претседателството на СКЈ. Ставот на Црвенковски е јасен, го наведува и во своите мемоари години подоцна, новиот курс е тотална

[224] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 499-450

спротивност на демократскиот курс, повторно се враќа конзервативизмот, се јакне централистичкиот унитаризам, а сето тоа може да се поистовети со сталинизацијата. Според него, со сета сила се одело кон тоа во СКЈ да се врати бирократскиот централизам и повторно била оневозможена слободата на печатот која и онака ја имало во најминимална мера. Не сакајќи да ги напушти своите животни и револуцинерни принципи, односно да се прилагоди на новонастанатата ситуација, да се потчини и да стане поданик на "Водачот", престанал да смета на било каква политичка или државна функција.

На 36-та седница дојде до јасна поделба на двете присутни струи во СКМ - реформската („либералите") и антиреформската („линијаши", противници на промената на улогата на партијата). Главни застапници на „линијата" на партијата и критичари на либерализмот на оваа седница биле Васка Дуганова, Благој Попов, Мито Мицајков наспроти групата прогласена за либерална - Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Ќамуран Тахир, Томислав Чокревски, Димитар Мирчев, Љупчо Арнаудовски.[225]

Набрзо по 36-та, на 4.2.1973 година беше одржана 37-седница која била сосема формална, бидејќи разврската со македонските „либерали" била направена порано, најпрво на состанок на политичкиот актив на Македонија, а потоа на затворената 36-та седница на ЦК СКМ. За разлика од словеначкиот, хрватскиот или српскиот, македонскиот „либерализам" бил далеку помалку изразен и оптеретен со односите со Албанците, во време кога дошло до посилно изразување на албанскиот иредентизам. Повеќе аналитичари сметаат дека во Македонија, оваа разврска, во голем обем, била оптоварена со персонални конфликти меѓу Крсте Црвенковски на една и Лазар Колишевски на друга страна. Притоа, Тито не бил многу заинтересиран за судирот во СКМ бидејќи овој судир бил од помал обем и секако во ништо не ја загрозувал неговата положба.[226] Меѓутоа, конзервативните македонски политичари барањата од писмото (од 29.9.1972) на Извршното биро и Тито го искористиле за лични пресметки.

[225] (Милосавлевски, С., 1991) стр. 106-133
[226] (Repe B., 1992) стр. 157-196

Во 1973 година, Црвенковски добил информација од Стане Доланц дека постои иницијатива да биде поставен за амбасадор или пак член на Советот на Федерацијата. Црвенковски иако побарал, никогаш повеќе не била овозможена средба со Тито како што и никогаш директно не добил образложение зошто е потиснуван од активна функција, ниту пак некој се обидел да му ги презентира неговите грешки и дејности за време на мандатот.

На 20 март 1974 година, Црвенковски бил повикан од страна на Ангел Чемерски на разговор во ЦК СКМ. Чемерски му соопштил дека му наложиле да му даде предлог на Црвенковски да прифати да биде амбасадор во Бразил, потенцирајќи дека Европа не доаѓа предвид и дека дури и Колишевски бил согласен со тоа. Од првиот момент кога Црвенковски го чул предлогот за амбасадор (од Стане Доланц), имал време да размисли и во согласност со сопругата Марга, семејството и блиските пријатели бил решен секој предлог за амбасадор да го одбие. Самиот му ја споменал опцијата на Чемерски, да биде дел од Советот на Федерацијата, односно тоа Црвенковски би го прифатил, на што Чемерски оградувајќи се од ситуацијата изјавил дека не знае како на тоа би реагирале другите републики.

На 16 мај 1974 година, по изборот на Тито за претседател на Републиката, секако доживотно, биле поканети сите стари и нови членови на Претседателството на СФРЈ, а присуствувал и Црвенковски. Следниот ден биле повикани на ручек кај Тито во Белиот двор, повторно, новото и старото Претседателство на СФРЈ и високите функционери на Федерацијата. На влегување Црвенковски имал краток разговор со Стане Доланц, кој му соопштил дека Тито дефинитивно донел одлука Црвенковски да биде дел од Советот на Федерацијата, а за тоа ќе даде предлог Претседателството на СФРЈ.

На 23 октомври, Вера Ацева дошла во посета на Црвенковски и му соопштила дека е отфрлен од Советот на Федерацијата, прераскажувајќи му ги своите разговори со Љупчо Арсов, констатацијата била дека сепак “сè е масло” на Лазо поточно Колишевски и унитаристите (наводно Босанците и Србите не се согласувале со предлогот).

Ваквата одлука официјално на Црвенковски му ја соопштил Видое Смилевски – Бато, кој во моментот бил претседател на Собранието на Македонија, што за Црвенковски било крајно навредливо, бидејќи, како што вели, неговата целокупна дејност во НОБ и периодот на изградување и осамостојување на земјата била далеку позначајна од онаа на Бато[227].

Дваесет и првата седница на Претседателството на СКЈ несомнено може да се нарече пресудна и за Федерацијата и за политичката кариера на Црвенковски која постепено заради неговите лични сфаќања и принципи односно непокорливоста пред наметнатиот курс, тргнала во надолна линија.

Со отстранувањето на либералите, на политичката сцена во СРМ повторно се вратиле старите комунисти, но и нивни помлади догматски следбеници кои не дозволиле демократизација на системот и го држеле монополот на власта. Наместо модернизација на системот, наместо давање предност на науката и знаењето, македонското општество запаѓа во посилна болшевизација (реболшевизација) и закостување на напредокот. Лазар Колишевски на чело на државно-партиското кормило во Македонија поседувал во своите раце огромна политичка моќ. На таков начин, со цел да се одржи недопрен во своето монополско владеење, Јосип Броз Тито ги врати наназад општесвените процеси кои по неговата смрт ќе доведат до распадот на социјалистичката федерација.[228]

Крсте Црвенковски ќе го доживее и распадот на Сојузот на комунистите на Југославија чиј член беше речиси половина век и распадот на југословенската федерација во која остави несомнен белег и на сојузно и на републичко ниво. По прогласувањето на суверена Република Македонија, Црвенковски се посветува на плодна творечка работа, која всушност е забележлива кај него и во претходниот период. Но, сега од една историска дистанца и спокојно тој ги оценува и преоценува различните појави, процеси и пред се настани од современата историја во кои учествувал и бил сведок, така што, во пишувана форма ни остави богато историско наследство како основа за бројни историски истражувања.

[227] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 456
[228] (Ачкоска, В., 2011) стр.199

**II ДЕЛ**

## ДОКУМЕНТИ И СВЕДОШТВА ЗА ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ

### 1. Архивски фондови во Државниот Архив на РМ

### Државен Архив на Република Македонија, фонд 426, ЦК на КПМ Скопје

Во Државниот Архив на Република Македонија се наоѓа Фондот на ЦК КПМ[229], кој изобилува со документација и кореспонденција на борците во овој период. Во приложениот документ стои изјава на Вера Ацева за работата на ПК КПЈ за Македонија од септември 1942 година. Имено на 30 март 1940 година бил свикан состанок на кој присуствувале Шарло, Тиквар, Орландиќ, и Вера Ацева, а се зборувало за создавање на извесни одбори по "синдикална линија"... Бидејќи не постоел јасен став на ПК на КП во однос на окупаторската власт, МК на Прилеп веднаш по германското навлегување односно истиот ден свикал партиско советување каде присуствувале и некои секретари на ќелии. Еден од присутните бил и Црвенковски[230], кој настапил со ставот дека не треба да се учествува во оваа власт, односно дека истата е окупаторска и треба да се започне борба против неа.

Како резултат на немањето став од страна на ПК, партиските организации на повеќе места ја презеле власта, а подоцна морале да се повлекуваат во другите градови низ Македонија. По неколку дена МК добил директива од Шарло, да не се собира оружје со образложение да се внимава на кадрите од евентуално откривање, а кога ќе им биде потребно ќе го добијат од СССР со авиони, по што МК на Прилеп самостојно донесува одлука да го зачува и сокрие собраното оружје.

---

[229] Државен Архив на Република Македонија Фонд 426, ЦК на КПМ Скопје, кутија бр. 1а
[230] Вера Ацева го нарекува Крсте Црвенко

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

4490

1940 god vo avgust se održa vo Skopje pokrajinskata partiska konferencija na koja se izabra PK vo koj vlegova, Metodija Šotarov-Šarlo, Pero Tikvar, Koce metaleco, Vidič, Kuzman Josifovski, Gojčo Stevkov, Boris Ganrv i ja. Togaj bea birani i nekoj drugi koj vo momentot bea vo zatvor kako Orce Nikolov i dr., no ja ne gi poznavaf. Na konferencijata beax prisutni drug. Tempo i Žujovič. Sled edna nedela po konferencijata beše svikan prv sastanak na PK na koj se izabra biro vo koje vlegova Šarlo, Tikvar, Koce i Vidič. Plenumot na PK vo gorniot sostav se sretna samo ušte ednaš. i to odma posle dve nedeli po prviot sastanak vo sredinata na. septembar. Na krajot na oktombar beše zakažan i održan ušte eden sastanak. Na toj sastanak dojdova samo Šarlo, Tikvar, Vidič, ja i dva drug. koj ne bea birani vo PK toa se Stevo Naumov i Boris Višin od Veles, Koce metaleco i Boris Genev, bea na vežba, Kuzman beše ilegalec a Gojčo beše isključen poradi ne odenje na V Zem. konferencija kade beše biran za delegat. Idenjeto na sastanak na dvata novi drugari Šarlo go objasni da tie treba da gi zamenuvat onie drugari koj se na vežba a koga ke se vratat pakx oni ke bidat članovi na PK. No drugi pat ovie drugari ne se vikaa, zašto neznam.

Na toj sastanak Šarlo mi saopšti na mene da je Kuzman Josifovski isključen od PK i od MK Prilep poradi tova što dozvolil da mu policijata najde celiot materijal partiski, kako negov taka i onoj koj trebeše da se isprača za Kavadr i Kruševo/togaj odeše tova preku Prilep/, što ne uspeal kako sekretar na MK Prilep, da gi privleče vo NF Lazo Adžiristev - advokat /bugarofil, i deneska se drži neprijatelski, a i ~~Nače~~ [illegible] ličen prijatel na Šarlo/, i nekoj drugi i za tova što ne se založil pred MK Prilep za primanjeto vo MK na eden rabotnik koj trebeše da bide sekretar na MK SKOJ. Togaj za sekretar na MK Prilep bev postavena jas kade ostanav sve do idenjeto mi vo Skopje 1941 god. novembar za član na biro na PK.

Na toj sastanak Šarlo govoreše da vo slučaj na vojna ne trebe naša vojska da se bije protiv drugi a da trebe da se povrzuvat so tudjite vojnici i da pravat bratimlenje. Makar da se dosta po toa prašanje raspravaše se pak na skoro ne ni beše jasno naročno na nas od vnatrešnosta kako trebe da se izvede to bratimlenje.

Vo januar ili na početakot na februar 1941 god. beše održano savetovanje vo Skopje na koje pri prisustvo na delagati od site organizacii na koje se prenesoa odlukite na V konferencija. Na tpa savetovanje beše kooptiran za član na biro na PK drug. Blažo Orlandič student.

Na 30 mart 1940 god. beše svikan sastanak na koj prisustvuvaa Šarlo, Tikvar, Orlandič i jas, /Vidič i Koce bea vo zatvor, Ganev na vežba/. Na toj sastanak se govoreše za stvaranje na nekakvi odbori po sindikalna linija koj trebe da rabotat, [illegible]

Извадоци од изјавата на Вера Ацева за работата на ПК КПЈ од 1942 г.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 4490

Bideči da PK ne dade nikakov stav po odnos na KP prema okupatorskata vlast MK na Prilep odma posle okupacijata na Prilep istiot den,čim vlegova germancite pokuša da postavi nekoja vlast,svika partisko savetovanje kade prisustvuvaa pored MK i nekoj sekretari na kelii i poarni članovi part./eden od prisustvovalite e Krste Crvenko/i na nego donese stav da netrebe da se učestvuva vo ova vlast pošto je okupatorska a da trebe da se borime protiv nea.

Kao rezultat na nedonesuenjeto stav od strana na PK po okupatorskata vlast dojde do tova da na mnogu mesta našite partiski organizacii ja prevzemaa vlasta a posle moraa ~~kajaxxkaxk~~ da se povlekuvaat pr.Veles, Sv.Nikole,Štip,Kumanovi i dr.

Nekolku dena posle odpočnuvanjeto na vojnata dobivme direktiva od Šarlo da ne trebe oružje da se sobira,duri da trebe i ako je nešto zbrano da go isfrlime,kako razlog beše navedeno da trebe da gi čuvame kadrite, da ne padjat zarad oružje a nego koga ke zatreba če go dobijame od SSSR so avioni.isto i od Bugarskata armija vo koja imala Bugarska partija ogromen uticaj.MK na Prilep reši da ne go isfrla sobranoto oružje a da go dobro skrije.Za samata direktiva za nesobiranje na oružje makar da ni beše čudna nie nepokrenavme pitanje pred PK niti pak je vidovme grešnosta na taa direktiva.

Odma posle navleguvanjeto na germancite vo Makedonija,Šarlo go raspušta PK. Drug.Orlandič i Vidič gi ispračat za Srbija pod izgovor da srbi nemožat da opstanat vo Makedonija,Tikvar se oženi i dojde na svadben pat vo Prilep kade ostana okolu 15 - 20 dena/a posle se zanimavaše poveče so žena mu nego so rabotata/.Mirče koj vo tova vreme beše ilegalen i raboteše na štamparijata go ispračat vo Prilep.Isto taka i nekoj dr.drugari koj bea srbi okolu PK kako na pr.Čičo i dr.gi isprati vo Srbija,taka da ostana vo Skopje vo ono vreme koga beše najpotrebno da se raboti sam Šarlo i Koce metaleco koj toga izleze od zatvor.

Sam Šarlo se povleče vo dlaboka ilegalnost i do nego možeše da se dojde samo preku Kiro Petrovski - Dimuš,od Prilep/ovoj beše krajno nezdrav člen na KP i MK Prilep beše so namera da go isključuva,no Šarlo vo mart 1941.god.go povika vo Skopje inače mu bil prijatel od 1921 god.Za vreme na NOB Kiro beše isključen kako antipartijen element/.

Od pričanje na Mirče i Pindžur koga dojdova vo Prilep po okupacija na Makedonija deka čim kapitulira Jugoslavija,drugarot Blažo Orlandič koj beše člen na PK odmah postavil prašanjeto za partizanski odredi i da je čak sobral edna grupa i ja povel na Vodno so namera da davat otpor na germancite,medju tim čim doznal Šarlo odmah je rasturil taa grupa./[redacted]r./.Posle idenjeto na bugarskite okupacioni vojski vo Makedonija otidoa edna grupa studenti od Makedonija vo

./.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 4490

nas vo Makedonija ne se iživeni iluziite vo odnos na bugarskite okupatori, kako pr. za tova navodeše Kumanovskijo odred koj bil ušte prvijot den izdaden od selacitei razbijen.So tova mnenie ne se složivme ni jas ni Mara,ja mu go navedov primero na Prilepskiot odred koj i pored tova što je jedinstven vo Makedonija,uspeja da se održi.Medji tim togaj ušte ne dojde do nekoje pooštro raspravanje.Posle nekolku dena na sastanakot na PK kade trebeše definitivno da se dogovorime dojde do neslaganje po prašanjeto na iluziite. Backo tvrdeše da ne se izživejani iluziite,da je razbijen odredo vo Kumanovo baš zaradi tova a ja i Borko tvrdevme suprotno./Togaj ustvari ne beše prašanje za iluziite tuku za tova dali ima ili ne uslovi za partizanska borba/. Drug.Mara togaj makar da ne se podpuno jasno opredeli, ona isto ne se slagaše so mnenieto na Backo.Od toj sastanak Backo dobi zadatok da sastavi predlog za izveštaj za CK KPJ.Na drugi sastanak koga go pročita Backo tova šo go napišal dojde do oštri raspravi po prašanjeto za iluzii i najodzadi si gi podvojivme mnenijata,ja i Borko i Backo i Mara vo izveštajot napisavme odvojeno mnenieto na Backo i Mara a odvojeno mojeto i na Borko i se podpisavme i ednite i drugigite.Dr.Mara togaš se složi podpuno so mnenieto na Backo/mislam deka Backo vo medjuvreme pojedinačno je razgovaral i poradi tova ona ko dojde na sastanak ušte odma go braneše stavo na Backo,/deka iluziite stvarno vo Makedonija ne se iživeni.Od tuka počnava prvite neslaganja vo PK.Posle izvesno vreme na eden uličen sastanak medju čl.na PK Backo,Borko,Mara i mene Backo počna da govori deka trebe Ibrin /dr.Cvetko/i Pindžur da odat za Prilep za da go rasformiraat odredo, tuka se ponovo sprečkavme deka ne trebe da se rasformira,a da se isfrlit odred i vo Veles i vo Bitola.Togaj Backo počna da govori deka je tova prašanje veče rešeno ušte od porano i nemat šo sega da se raspravame.I makar da ne se složivme za rasformiranjeto Backo na svoja raka ga isprati dr. [illegible] Pindžur i odredo vo Prilep beše rasformiran.Del od partizanite beše ostaven vo Prilep/koj pokasno padnaa vo zatvor,del prefrlen vo Bitola koj isto taka skoro site poginaa ili bea uhapšeni i nekolku duši dojdoa vo Skopje medju koj i dr.Krste Crvenkovski i Trajko Boškovski -Tarcan.

Vo tova vreme PK skoro ništo kako rukovodstvo ne raboteše makar da od tereno organizaciite baraa stavovi po razni prašanja,za tova nikoj ne se grižeše,započnaa provali,na sekade ilegalci koj sekoj den sve poveče bivaja,vo organizaciite nemaše kade da se čuvaat i sekojdnevno padjava vo racete na neprijatelot.

Vo Skopskata organizacija nastanaa mnogu golemi provali site šo padjaa pričaa sve šo znajat i sekoj den imaše uhapšeno ludje i koj sakaše da ne se dadit vo racete na neprijatelot nemaše kade da se skrijat.

Edna grupa nelegalni od Skopje ušte pred isfrlanjeto na odredite na 11 oktombar bila izlezena i sedeše vo Skopskija park.Tije ludje ne dobija od nas od PK nikakvi direktivi za borba a sedeja vo parkot i mu se davaa po 45 leva dnevno za hrana,sekoj od niv sa odeše vo grad da si

./.

**Државен Архив на Република Македонија, фонд 427, ЦК на СКМ Скопје**

Фондот на ЦК СКМ - Скопје[231] исто така се наоѓа во Централниот дел на Државниот Архив на Република Македонија – Скопје и содржи 360 кутии со архивски материјал, односно документи од седници на КПМ/СКМ, упитници за челнови на ЦК СКМ, технички информации за сместувањето на делегатите, пропусници, стенографски белешки од пленарните седници на Конгресите, Извештаи на комисиите ан СКМ, за периодот од 1943 до 1990 година. Бидејќи се работи за обемен материјал овде се издвоени само дел од излагањата на Црвенковски како Секретар, а подоцна и претседател на СКМ, негови реферати и дел од одлуките на самиот Сојуз на комунисти на Македонија.



УПИТНИК

за делегатот на IV конгрес на СКМ

Избран-а на Општинската конференција

.................... околија ....................

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме, татково име и име | ЦРВЕНКОВСКИ ТРАЈКО КРСТЕ |
| 2. | Пол | машки |
| 3. | Датум и место на раѓање | 1921 година во Прилеп |
| 4. | Почетно занимање | студент |
| 5. | Сегашно занимање | професионален функционер во СКЈ |
| 6. | Школска спрема | Висока |
| 7. | Националност | Македонец |
| 8. | Сегашни функции во СКЈ | секретар на ЦК СКМ и член на ИК на ЦК СКЈ |
| 9. | Датум на прием во СКЈ | 1939 година |
| 10. | Учество во НОБ — од кога | од 1941 година |
| 11. | Учество на конгреси на СКЈ | на V,VI,VII и VIII Конгрес на СКЈ |
| 12. | Учество на конгреси на Сојузот на комунистите на Македонија | на I,II, и III Конгрес на СКМ |
| 13. | Место на живеење и адреса на делегатот | Скопје,Водњанска бр.78 |
| 14. | Дали е потребно сместување на делегатот во Скопје | |
| 15. | Со какво превозно средство ќе пристигне во Скопје и кога | |

февруари 1965 год.

Скопје

(Потпис)

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

*Упитник со генералии на делегатот Крсте Црвенковски за IV конгрес на СКМ*[232]

[231] Државен Архив на Република Македонија, фонд 427, ЦК на СКМ Скопје

[232] ДАРМ, ф: 427, к-132


401 63. Путински Салтир
390 64. Рамадани Хисен
393 65. Рамадани Хиџет
400 66. Рамо Шукри
409 67. Русковски Ѓорѓи
415 68. Самоников Борче
414 69. Сотировски Боге
408 70. Спировски Драган
401 71. Спировски Јаким
387 72. Ставрев Драгољуб
410 73. Стојчевски Стојан
412 74. Такева Милка
330 75. Таќи Хамид
438 76. Талевски Благоја
421 77. Темелкова Веселинка
380 78. Теменугов Мито
418 79. Тозија Фана
389 80. Топликлиев Ангел
393 81. Тренчевски Петар
388 82. Тунте Ахил
386 83. Туџаров Васил
428 84. Хаџи Василев Мито
401 85. Христов Страшо
444 86. Црвенковски Крсте
428 87. Чаушев Боро
422 88. Чемерски Ангел
374 89. Черепналковски Спасе
364 90. Џамбаз Даре
364 91. Шакири Ресул
373 92. Шароска Митра
380 93. Шкартов Љупчо
409 94. Шопов Ацо

— За составот се избираат 87 члена

*Извадок од кандидатската листа за составот на ЦК на СКМ каде влегува Крсте Црвенковски со 444 од 448 гласови*[233]


- 6 -

| Ред. бр. | Презиме и име | Година на раѓање | Место на живеење | Сегашна должност | Образование /квалификации/ |
|---|---|---|---|---|---|
| 77. | Топликлиев Ангел | 1931 | Штип | Текст.предилец во Ф-ка "Македонка" | основна школа /квалификуван работник/ |
| 78. | Тренчевски Петар | 1930 | Скопје | Маш.инг.во Железара | Технички факултет |
| 79. | Тунте Ахил | 1939 | Скопје | во ЈНА | апсолв.на Прав.факултет |
| 80. | Туџаров Васил | 1922 | Скопје | Претсед.на Ком.за самоупр.на ГО ССРНМ | Економски факултет |
| 81. | Хаџи Василев Мито | 1922 | Скопје | секретар на ЦК СКМ | средно образование |
| 82. | Христов Страшо | 1921 | Скопје | Ген.директор на Железара | Економски факултет |
| 83. | Црвенковски Крсте | 1921 | Скопје | полит.секрет.на ЦК СКМ | Виша парт.школа "Ѓ.Ѓаковиќ |
| 84. | Чаушев Боро | 1916 | Скопје | член на Извршен совет на СРМ | мала матура |
| 85. | Чемерски Анѓел | 1923 | Скопје | секретар на ЦК СКМ | Економски факултет |
| 86. | Шкартов Љупчо | 1923 | Скопје | раков.на Ком.на ЦК СКМ | Гимназија |
| 87. | Шопов Ацо | 1923 | Скопје | Директ.на Издав.претпр. "Кочо Рацин" | Филозофски факултет |

*Извадок од прегледот на составот на ЦК СКМ октомври 1966*[234]

[233] ДАРМ, ф: 427, к-133 (Четврти Конгрес на СКМ 29 – 31 март 1965), Стенографски белешки од пленарните седници на Конгресот
[234] ДАРМ, ф: 427, к-158, а.е. 95

Сега за првпат Бугарите почнуваат да го согледуваат македонското прашање. /К.Црвенковски: Ние би требало еднаш да се издигнеме над тоа чувство на увреденост, осетливост кога се досегат за овие прашања. Не е проблемот во тоа дали да се прифати полемика или не. Сум за неа, но не би и придавал преголемо значење. Таа би можела во извесна мера да изврши притисок, но не е таа која го решава проблемот/. Интересен е за мене фактот што самите Бугари го покренуваат тоа прашање и истапуваат на меѓународните форуми. Самото повикување на Димитров за мене е значајно и тоа претставува една фаза за пристапање кон ова прашање. За тие факти мораме да водиме сметка и секој наш чекор да го ускладуваме со тие процеси кои постојат во Бугарија. Секое пренаглување би имало обратно дејство. Овој процес во Бугарија е отпочнат кон крајот на 1962 година и оваа година. Премногу е кратко времето за да би можело да се даваат некои конечни оценки. Веројатно и натаму ќе се сре-

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ



ќаваме со нивни акции, нарочно на историски план. Тие нема да се откажат, не е така лесно да се откажат од своите ставови, зашто кај нивните историчари постои јак отпор. Ние би требало на оние научници-историчари ~~до~~ кои на конгресите позитивно истапуваат по овие прашања - да им даваме материјал и да ја засилиме нашата дејност на тој план.

Наша организираност не само по однос на прашањето во врска со Пиринска Македонија, туку воопшто по овие прашања се чувствува како нужда. Таа досега отсуствувала.

*Извадоци од стенографските белешки на 57 седница на Извршниот комитет на ЦК СКМ, одржана на 7 ноември 1963 година во Скопје*[235]

*(Точка 2 од дневниот ред: Некои актуелни прашања од односот на Бугарија спрема македонското прашање).*

<u>К. ЦРВЕНКОВСКИ:</u> При решавањето на ова прашање ние се судираме со една реалност која е присутна. Се поставува сега прашањето дали се отвараат перспективи за неговото решавање? Да, се отвараат. Но тоа ке биде еден подолгорочен процес. Се' она што ке придонесе да се забрза тој процес е позитивно.

Дали бугарското раководство е доследно во третирањето на националното прашање? Не е. Ако се тоа анализира ке констатираме дека тие се недоследни, оптоварени со шовинизам. Но со тоа нема да откриеме ништо ново, тоа е познато. Сега ова движење во Бугарија е позитивно, но од тоа не би можело да се извлече заклучок дека дошле до сознанието докрај да се реши македонското национално прашање. Во поставувањето на прашањата не би требало да бидеме нервозни, какви што порано сме биле. Зашто тоа не и користи на нашата политика. Треба да појдуваме од една констатација во националниот живот. Ние се одликуваме со целокупниот наш демократски развиток, со специфичностите на нашата Револуција и по однос на решавањето на националното прашање во нашата земја. Октомвриската револуција беше револуција на рускиот народ. Специфичности има и во другите земји. Затоа кај нив настанаа други процеси.

Кога се говори за ова прашање треба тоа од еден поширок аспект да биде согледано. Треба да се ослободиме од сфаќањето дека бугарите се едино непоправливи. Во односите со другите земји, како тие се поведуваат, така ке ги цениме. Мораме и ние да правиме преоценки на нашите постапки. Посебно при една промена на ситуацијата. Да видиме како ке делуваме како движење, нација, како социјалистичка држава. Да проникнеме во самата суштина на проблемот. Можеме ли да не ја прифатиме констатацијата

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

[235] ДАРМ, ф: 427, к-100, Седници на Извршниот комитет на ЦК СКМ, одржани од 18 август до 23 декември 1963 година.

дека во Бугарија се одвива еден позитивен демократски процес? Не можеме. Можеби поспоро од другите, но сепак тој процес и таму се движи напред. Декларацијата на Живков сепак содржи една прогресивна мисла, едно прогресивно настојување. Од тие аспекти би требало да се гледа на ова прашање.

Во целиот социјалистички свет се говори за една нова ера. Дискусиите меѓу партиите стануваат демократски, не по пат на диригирање како порано. Не е повеќе СССР тој кој поставува прашања и како по нив ќе се дискутира. Така, на пример, проблемот на уметноста почна да се разгледува на меѓународни конференции. Не е тој проблем поважен од овој - за националните односи. Зошто не би можеле да очекуваме и ова прашање да се стави на дневен ред во теоретските дискусии во списанијата, па дури и на мултилатерарна основа. До толку повеќе што тој е присутен и кај нив. Дискусијата за националните малцинства и меѓународните односи веќе отпочна. /Тито-Живков, Румунија - СЕВ, руска нација - правото на другите нации во СССР итн./. Создадена е атмосфера да може да се покрене веќе и другата страна, која цврсто држела нерамноправни позиции и се навикнува да слуша. Ако така гледаме на прашањето, не нервозно, туку како на еден процес, тогаш е сосем поинаку.

Се забележува силен отпор на бугарската политика за присоединување на Пиринска кон СР Македонија. Во еден период тоа го условува со создавањето на јужнословенската федерација. Тешко е една држава денес да се откаже од дел од својата територија. Тоа се деликатни проблеми. Мора да ја согледаме таа потешкотија во која ќе се најде една држава кога би се одделила од една територија.

Веќе побарано од југословенската амбасада во Софија да достави писмено свои погледи на развојот на овие процеси во Бугарија. Тие доставија свој материјал. Она што е во него кажано не се разликува со овој материјал кого го разгледуваме. Тие предлагаат во нашите, југословенски списанија да се поведе една дискусија по овие прашања. Ако би премногу инсистирале на полемика, а нашата дејност не ја свртиме во друг правецр/про-

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

пагандно да се оформи и презентира во целиот свет, формирање катедри по македонски јазик во други земји, изготвување историја на културата на Македонија, случајот со Мисирков, покрети на Македонистите во Русија. /Одеса и Ленинград од почетокот на овој век/, не би многу сториле. Сите тие материјали и акции би ги надополнувале сознанијата на словенските и несловенски народи кои ке ги прифакаат нашите тези. Поради тоа би требало да биде прифатена една програма за таква дејност и таа да се финансира.

Овој материјал на амбасадата е испратен до ЦК СКЈ со намера да се организира еден посебен состанок, кај другарот Вељко Влаховик, на кој би присуствувале Д.Марковик и други другари од ДСНР и од нашата Република, на кој треба да се сложат со тоа овој проблем да треба да се постави пред Бугарите, при идните средби.

Факт е дека на Конгресот на славистите маса претставници не' подржуваа. Карактеристично е за Бугарите што нивните најеминентни слависти не истапуваа на Конгресот во Москва. Потоа, при секоја интервенција од страна на нашата амбасада тие се бранат. Од одбраната веројатно ке престанат да пишуваат. А доколку и натаму уште повеке ги подобруваме односите, а на нив им е до тоа, ќе дојде до тоа или оваа досегашна полемика да престане, или да се намали. Би можело ова прашање да го постави другарот Тито и кога ќе патува во СССР и од нивна страна да им се стави замерка на Бугарите. Не само признавање на СРМ туку и пружање извесни права на нашето национално малцинство. Не би требало да го потценуваме - расположението на луѓето од Пиринска Македонија. Има искажувања за тоа дека група ученици - средношколци во Петрич и други места биле уапсени. Момент кој не е за потценување. Тој проблем со демократизацијата во Бугарија се' повеке ке се раѓа. Еден друг момент: при разговорот со Србинов /иселеник во Австралија/ овој изнел дека имало значителни превирања кај македонските иселеници во врска со катастрофата во Скопје. Наши граѓани кои тие денови биле во Софија изнесуваат дека таму биле многу возбудени /од некоја статистика, 25% во Софија биле од македонско потекло/.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

На крајот, другарот Црвенковски ги предложи следните заклучоци:

1. Врз основа на оваа дискусија, материјалот да се дополни и дообличи, нарочно вториот дел со забелешките што ги изнесе другарот А. Грличков. Неговиот предлог заслужува внимание овој проблем поцелосно да се разработи од страна на Орг-политичкиот секретаријат. Службата по ДБ во РСВР има задача да изготви посебен материјал за дејноста на некои групи средношколци по националистичка - ВМРО - линија.

2. Да се зајакне составот на Комисијата за национални малцинства при ИО на ГО ССРНМ, таа да ја зголеми својата активност по овие прашања, не намалувајки ја притоа работата која е во доменот на Извршниот совет.

3. Да се проучи потребата од формирање на посебно тело при ЦК СКМ кое би се занимавало со прашањата што ке произлегуваат од контактите и разговорите со партиските делегации и групи, кои доаѓаат кај нас, следење на односите и слично. По изучувањето на ова прашање да се поднесе посебен предлог.

Скопје. 7.XI.1963.　　　　　　　　ИЗВРШНИ КОМИТЕТ НА ЦК СКМ

**К. Црвенковски:** Интересни се изјавите кои ги дале при сослушувањата кај органите на внатрешните работи најекстремните младинци-членови на откриените организации. Многу малу се сние кои се негативно настроени спрема Југославија, спрема нашиот општествен систем, другарот Тито и сл. Воглавно сите тие решението на националното прашање го бараат во рамките на социјализмот. Сакам да го истакнам она за што другарот Буклески говореше - нема појави на класична непријателска дејност. Тоа зборува очито за големите промени кои станале во нашето општество. Порано многу карактеристични беа појавите кои беа на линија на Ванчо Михаилов. Тоа е сепак една новина што на таа линија нема активност во последно време сред младината.

Ако вака се посматра и постави проблемот, тогаш решението негово треба да го бараме во некои други правци. Во таа смисла ќе треба:

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

*Извадоци од стенографските белешки на 58 седница на Извршниот комитет на ЦК СКМ, одржана на 2 декември 1963 година во Скопје*[236]

(Точка 1 од дневен ред: Информација за некои негативни и непријателски појави меѓу младината во периодот 1960 – 1963 година).

[236] Исто

 350

- работите јасно и принципиелно да се поставуваат и третираат;

- го заслужува вниманието преиспитувањето на наставата во училиштата, нарочно по историја и националното прашање. Конечно во склопот на движењата во светот, треба да се постави марксистичко приоѓање кон настаните од историјата;

Сепак, не би можеле да се помируваме со екстремните појави. Можеме да констатираме дека органите на внатрешните работи правилно ѓе поставувале во расчистувањето на случаите и го подржуваме становиштето кое беше изнесено.

На школските органи може да им се замери за активноста во врска со овие појави кај младината, но во исто време факт е дека и ние не се однесуваме со една доверба спрема нив, не сме правеле одредени напори во тој правец.

Сметам дека би било добро ако од ЦК СММ се побара тие да дадат своја оценка на овие појави за да се види во кој правец се движат нивните сознанија и мислења по овие проблеми. Можда би требало пред ЦК да се постави на разгледување проблемот на местото и улогата на младината во денешните услови. Сеуште нивната акција е премногу свртена кон паролаштво, кон брзи акции, а недостасува пристап кон следење на идејно-политичките, културните и други проблеми на генерацијата, студиозно проучување на проблемите и појавите /што се случува во нејзините редови, со што е преокупирана таа и сл./. Овој недостаток се компензира со некоја манифестација на какви и самите ментално се ориентирани.

Вез оглед што се слагаме овие проблеми да бидат покренати на наредниот идеи пленум, би требало посебно некои од ЦК СММ да се повикаат на седница на Орг.политичкиот секретаријат, на која да се разгледат овие прашања и изработи платформа за делување меѓу младината.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Во средните училишта би требало преку разни форми да се создаде една трибина на која ке се дискутира по прашањата кои ги интересираат младите луѓе, за да им се пружат можности во контактите со одделни политички функционери да поставуваат прашања и по нив да добиваат одговори.

Исто така, во врска со новонастанатите моменти во социјалистичкиот свет би требало да се поставиме поактивно воопшто и сред младината посебно. Тоа е нужно и по повод на некои попозитивни моменти од нашата историја /например: месец декември се паѓа годишнината на К.Мисирков - се поставило барање за пренесувањето на неговите смртни останки во Македонија/. Таквите моменти треба смислено да ги искористиме во нашата политичка активност.

Од страна на РСВР направен е добар обид да се зафатат проблемите и појавите кај младината во овој материјал. Но би требало и во самиот ресор да се оди понатаму, да се вршат натамошни испитувања - продлабочувања на нивните причини и последици.

Што се однесува до Шиптарите би требало да бидеме повеке внимателни. Многу проблеми треба да бараме во самите нас. Појавата на иредентизмот и др. не се резултат само на субјективните сфаќања, туку на објективната реалност/ниски надници, ниско образовно ниво, ниски производни сили итн./ која влијае за таквите појави. Како што Македонците се споредуваат со Словенците, така и Шиптарите со Македонците. При тоа тие не сакаат да ги согледаат другите разлики: во продуктивноста на трудот, ефектот кој се постигнува и сл. Она што го изнесе другарот Вуклески во врска со литературата на албански јазик заслужува внимание. Или ние ќе им дадеме таква литература и ке им овозможиме да создаваат, или ќе одат по илегален пат за нејзиното обезбедување. Кај нив ситуацијата е многу потешка отколку е таа со другите национални малцинств

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

во нашата земја. Нивната матична земја е во судир со нас. За разлика од другите кај кои тоа претставува еден мост за меѓусебно зближување, средство за заемно обогатување на културата, овде е обратно. Поради тоа овие прашања не би требало да ги запоставуваме во нашата политика. Мора да се бориме против сите дезинформации кои доаѓаат од албанска страна, но не смееме да да ги запоставуваме елементарните права на тоа малцинство кај нас. Кај нас тие права се над таквите што ги имаат некои национални малцинства во другите земји, но сеуште под захтевите што сме ги поставиле и прокламирале. Мора да одиме повеќе на реализирање на сето она што беше предмет на дискусии во врска со малцинствата при донесувањето на републичкиот устав. Создаваме например, три педагошки академии за ученици Македонци, а ја држиме шиптарската учителска школа, каква беше. Не може тоа да не предизвика извесни реагирања. /Т.Буклески: за списанието на шиптарски јазик, иако имало доволен тираж и претплатници, не биле обезбедени потребни средства, така што по вториот број престанало да излегува, се работи за 4 милиони динари/.

**К. ЦРВЕНКОВСКИ:** Во еден разговор, порано, веднаш негде по земјотресот, другарот П.Стамболиќ ми рече дека би сакал на едно политичко ниво да се разговара по некои проблеми помеѓу СПЦ и МПЦ. Јас тоа го одбив и изразив дека не сакам да се мешам ниту јас ниту ЦК во тоа прашање. Нека се расчисти преку верската комисија и Извршниот совет. Потоа се ангажувавме околу земјотресот и прашањето остана отворено. Меѓутоа, кога подоцна од некои материјали видов дека борбата е централно околу белата пана, уште повеќе се зацврсти уверението во мене дека не би требало да се залагаме и ангажираме во тие работи како политички фактор. Во еден разговор со Б.Чаушев, целата работа и тој ја сведе на белата пана. Во разговор со другарот Грличков реков дека црквата треба самата да се бори на некој начин да ги решава тие меѓусебни канонски прашања. Се разбира дека постојат и одредени проблеми од кои Извршниот совет не ќе може да се одели .

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

*Извадоци од стенографските белешки на 63 седница на Извршниот комитет на ЦК СКМ, одржана на 7 февруари 1964 година во Скопје*[237]

*(Точка 4 од дневен ред: Некои прашања во врска со средувањето на статусот на МПЦ).*

[237] ДАРМ, ф: 427, к-101, Седници на Извршниот комитет на ЦК СКМ, од 61 до 66-та седница, одржани од 10 јануари до 13 март 1964 година.

Кога ми беше доставен овој материјал, имав резерви дали воопшто треба да се стави на разгледување пред овој форум. Но, откако го прочитав, видов дека тој го заслужува нашето внимание од два аспекта.

1. Спрема она како е тој многу незгодно, лошо формулиран;
2. Поради тоа што во него се покренуваат прашања кои задираа во некои принципи во односите помеѓу црквата и државата.

Од тие два аспекта овие во него изнесени максималистички барања содржат во себе две негативни работи.

1. Материјалот е нереален, необјективен, тој во крива светлина ги прикажува правите односи помеѓу МПЦ и СПЦ, и целиот е наострен против патријархот.

2. Како максималистичко барање тоа е и националистичко како појава. Право да мислам така ми дава баш необјективноста, бидејќи тој хипертрофира постојните нерешени проблеми на црквата, ги занемарува веќе извојуваните позиции на МПЦ.

Ние би требало да изградиме одреден однос спрема тие проблеми Има работи кои би требало да ги препуштиме да се решаваат внатре, во самата црква со натамошно создавање на здрава клима помеѓу МПЦ и СПЦ. Ми се чини дека МПЦ е некаква кукличка во рацете на Комисијата за верски прашања, а и таа пак /Комисијата/ станува кукличка во рацете на Доситеја. Ние како политичко раководство би требало да се оградиме од овој материјал, а не и да се откажеме од барањата за кои треба да се најде место, време и услови за поставување. Се меѓутоа, не е време да се оценува дали сите наши постапки биле оправдани или не. Регулирањето на прашањата треба да добие свој канален тек.

Не можеме да го пренебрегнеме фактот дека за една СПЦ па и за српската нација е тешко насекаде да се истакнува, дека СПЦ не е само српска, туку и македонска. Зошто се толку инсистира на тој проблем. Подобро е тој да сосреде природно, до разрешување.

Во врска со формирањето на епархија во странство, вакгото барање како што е овде поставено, дури и да биде прифатено од страна на патријархот, ми се чини дека би можело да ни ги наруши и спре почетните процеси и првите чекори кои се чинат во странство. Не се работи само за тоа како патријархот се однесува. Тука се поставува и овие прашања:

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ



1. Македонските цркви во странство тукушто се основани, се уште незастанале на цврсти нозе, атакувани се постојано од страна на грчките и бугарските, така што ваква една работа може само да иритира.

2. Треба да се појде и од положбата на СПЦ таму. Се води тешка борба помеѓу патријархот и Дионисие, кој е сменет и прогласен од Синодот како еретик. Треба тие позиции до крај да се ~~разбрануваат~~ заоструваат.

3. Во ситуацијата кога СПЦ води таква борба, ако се појавиме со вакво барање, таму се тие алергични на комунизмот, така што би дале повод уште повеќе да се наострат против нас, а веќе се наостре ни против еден свештеник /свештеникот Киро Стојанов го прогласуваат за комунист, зашто дружи со еден од функционерите на Канадската комунистичка партија, кој е по потекло Македонец/.

Овие се можда доста површни познавања, но моја импресија е дека овие три момента не би требало да се испуштат од предвид. Кога ќе дојде до разговори, би требало нашите другари малу да се оградат и да допуштиме работите да се поставуваат и решаваат внатре-црквите да не се во се' и сешто ние како држава мешаме во тоа. А поготово ~~што~~ тоа не треба да го чиниме како ЦК. На вакви максималистички решенија во сегашнава ситуација не треба да инсистираме.

**В. СМИЛЕВСКИ:** Нема ништо понеблагодарно од тоа на некој разговор на политичко ниво, за кој и јас не сум, да се исправиме пред таква ситуација како да сме ние некои православци.

**А. ГРЛИЧКОВ:** Во дискусијава се изнесоа две поларизирани мислења -замрзнување на прашањата кои се покренуваат за решавање или нивно подвижување напред. Другарите Бато и Љупчо ги разбрав како да се за првото решение, а другарот Црвенковски да треба да се поставува но во одредено време, услови и на одреден начин, а не вака како што се во овој материјал поставени.

**Љ. АРСОВ:** Мислев да не би требало тие да се поставуваат во целина одеднаш.

**М. ХАЏИВАСИЛЕВ:** Ние би требало да видиме во што е нашиот политички интерес, а не да се зафаќаме со решавање на некои канонски прашања. Овие односи помеѓу МПЦ и СПЦ не би требало да ни создаваат извесни потешкотии и во односите помеѓу двете републики. Дали самостојноста на МПЦ е во белата панкамилавка? Зашто да не му допуштиме на Доситеј тој да се бори и црквата за решавање на тие и такви прашања, а не ние, тука и државата да се расправа за се' и сешто, за работите на поповите. Во што е оштетена самостојноста на МПЦ? Тоа треба да го видиме, ако такво нешто постои, и какви политички реперкусии

 294

може да предизвика. /А. Грличков:/ . Белата камилавка е технички прашање, но во исто време тоа е израз и на подлабоки принципиелни прашања што треба да се решаваат/.

Т. БУКЛЕСКИ: Што е нашиот интерес во процесот на афирмацијата на МПЦ кој веќе е отворен? Дали тоа де јуре признавање треба да се постигне преку некој посебен акт, кој ќе го пресече проблемот, или преку постапни манифестации какви ги имавме и досега, тоа ќе се постигне /Доситеја го праќаат во Ерусалим како водач на делегација, беше во СССР, оттаму дојде делегација во СРМ, итн./. Тоа признавање на МПЦ де јуре може да се поставува, при контактите да се подвлекува, но не треба премногу да се инсистира во сегашнава ситуација на веќе создадени односи. Веројатно ќе биде и тоа подоцна прифатено.

М. ХАЏИВАСИЛЕВ: Што сега на овој план би требало да биде движење напред во овие односи и наше ангажирање? Каква е програмата на верската комисија, каков е националниот интерес во врска со признавањето на МПЦ де јуре, постојат ли проблеми со свештенството во врска со тоа и слично?

Т. БУКЛЕСКИ: Се тврди дека то непризнавање де јуре на МПЦ создава потешкотии. Меѓутоа, тоа не е сосем точно. Нема некои особени проблеми. Меѓутоа, сѐ се тие работи и образложена во материјалот поставени, за да се изнасили решение. И секретарот на Комисијата е оптоварен со некои сфаќања во таа смисла.

Љ. АРСОВ: Постојат форми и патишта сите овие прашања на одреден начин да се поставуваат и решаваат.

М. МИЦАЈКОВ: Некои канонски прашања би требало да се регулираат преку измени во уставот на МПЦ, како, например, регулирање на прашањето во врска со избор на епископ, што ќе одговара и на барањата на СПЦ и др.

Скопје, 7.II.1964 г. ИЗВРШЕН КОМИТЕТ НА ЦК СКМ

Куцано во 5 примерка.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Ад 4. На членовите на Извршниот комитет на ЦК СКМ им беше доставен материјал од Републичката комисија за верски прашања: "Мислења за конечно средување на статусот на Македонската православна црква" за информативно запознавање. Истиот материјал и е доставен на Сојузната комисија за верски прашања.

Неговото поставување на седница на Извршниот комитет, иако тоа не беше предвидено, се наложи поради фактот што таквото поставување на проблемите, како што е во материјалот, може да предизвика и одредени политички реперкусии на планот на односите помеѓу државата и црквата, како и да ги влоши веќе создадените поволни односи помеѓу МПЦ и СПЦ.

Извршниот комитет го оцени овој материјал како неопортун, а барањата изнесени во него како нереални и максималистички со оглед на времето во кое што се потегаат сите нерешени прашања во меѓуцрквените односи, се оградува од него и смета дека тој треба да се повлече.

*Извадоци од Записникот од 63 седница на ИК на ЦК СКМ одржана на 7 февруари 1964 година во Скопје (Во однос на четвратта точка од дневниот ред: Некои прашања во врска со средувањето на статусот на МПЦ).*

Поставувајќи максималистички барања за конечно решавање на статусот на МПЦ, материјалот не ја во сосем права светлина ги прикажува правите односи помеѓу двете православни цркви, како и држањето и разбирањата на патријархот на СПЦ спрема одделни прашања од тие односи, а исто така тој го хипертрофира проблемот по веќе извојуваните позиции на МПЦ.

Поради тоа, се застана на становиште некои прашања од канонски карактер да им се препуштат заеднички да ги решаваат самите цркви штом за тоа ќе се создадат поволни услови, а исто така регулирањето и на другите нерешени прашања помеѓу СПЦ и МПЦ да добијат еден одреден тек и редослед, поаѓајќи од созреаните услови и објективни можности за нивното решавање.

По однос на барањето за формирање нова епархија на МПЦ за постојните цркви во странство, Извршниот комитет смета дека тоа не би требало да се поставува од следните причини:

– Македонските цркви во странство штотуку се основани, се уште не се зацврстени и постојано се напаѓувани од останатите цркви. Тоа би можело да ги сопре почетните процеси во тоа смисла.

– Треба да се има предвид положбата на СПЦ во странство и борбата која сега таму се води против епископот Дионисие.

– Со таквото поставување би можело да се даде повод за натамошни напади против нас во рамките на антикомунистичката пропаганда и активност на реакционерните сили во тие земји.

До признавањето на МПЦ де јуре може да дојде преку постепени манифестации, какви што ги имаше и досега, при контактите тоа да се подвлекува, но во сегашнава ситуација не би требало на тоа да се инсистира по секоја цена и со тоа да се нарушуваат создадените односи.

Седницата заврши во 20,20 часот.

За ИЗВРШЕН КОМИТЕТ НА ЦК СКМ
Крсте Црвенковски

Куцано во 3 примерка
Доставено:
- до ЦК СКЈ - 1 прим.
- во архива - 2 "

Државен архив на Република Македонија
Скопје

## 2. Сеќавања

### 2.1. Емилија Црвенковска

Ќерката на Крсте Црвенковски, Емилија Црвенковска е редовен професор на Филолошкиот факултет во Скопје. Расположена за соработка, сподели голем број фотографии од семејната архива, задоволна што ете конечно млад историчар ги истражува животот и делото на Црвенковски се потсетува на настаните поврзани со нејзиниот татко...

**Каква личност беше Крсте Црвенковски одблизу (приватно)?**

***Е. Ц.:*** *Јас можам да зборувам пред сè за Крсте како за родител. Беше многу толерантен во секој поглед, секогаш ни оставаше нам, мене и на брат ми Стево, сами да донесуваме одлуки и го почитуваше нашето мислење. Она на што инсистираше и ни го даде како насока во животот е секогаш да си го кажуваме својот став, да не бидеме покорни.*

*Инаку, беше отворен во односите со луѓето и многу дружељубив. Постојано сакаше да се дружи со разни луѓе, вратата во нашата куќа секогаш беше отклучена и доаѓаа роднини, пријатели...*

*Беше многу добар соговорник затоа што имаше широка култура и познавање од разни области. Ја познаваше светската историја, филозофија, уметност. Некои луѓе што доаѓаа кај нас велеа дека не виделе куќа со повеќе книги. Постојано купуваше и читаше. Особено откако се повлече од политиката, секое утро од 5 часот седнуваше дисциплинирано да чита, потоа ќе седнеше на машината за чукање и пишуваше забелешки. Одделно водеше дневник и од тие долгогодишни дневнички записи произлезе и книгата „*Заробена вистина*“.*

**Како Вашето семејство (и тој лично) го доживеавте разрешувањето од политиката (што најмногу го погоди и дали останатите членови доживувавте бројни непријатности во јавноста)?**

***Е. Ц.:*** *Кога беше разрешен од политиката Крсте имаше 53 години, значи човек во полна физичка и интелектуална снага. Можеше уште многу да придонесе, ако останеше активен. Одеднаш човек со таков капацитет останува бескорисен за општеството. Секако дека тоа го погоди него, а многу страдаше и мајка ми. Јас бев веќе во гимназија, брат ми работеше, не го почувствуваме трагично заминувањето од политиката. Но, односот на некои луѓе се смени и тоа беше најгрдото нешто. Страшно е кога ќе сфатиш дека некој бил со тебе само затоа*

*што си бил на функција или уште пострашно е кога гледаш дека луѓето те одбегнуваат заради страв да не им се префрли што се дружат со човек што е отфрлен од политиката, таков беше системот. Но, најдобро за тоа како самиот го доживеал овој период зборува тој во интервју за „Млад борец“ во 1989 год.: „Како може да се чувствува човек од кого долгогодишните партиски и политички другари бегаат и на улица ја вртат главата од страв за да не мораат да го поздрават?...Кому без одобрение на комунистичките „владики“ не смее ниту името да му се спомене кога се говори за настани од минатото во кои имал не мало учество...А пак од Музејот на Револуцијата се вадат негови фотографии дури од двата конгреса на СКМ (Четвртиот и Петтиот) со кои тој раководел најнапред како политички секретар на ЦК, а потоа како негов претседател! Како може да се чувствува човек кој безброј пати на ТВ гледа филмови од настани во кои учествувал, а никако не може да се види себеси, благодарејќи им на вештите раце на цензурата кои и тука го „сечеле“...*

**Како се однесуваа неговите соборци и пријатели по разрешувањето од функциите со него?**

***Е. Ц.:*** *Му останаа верни пријатели неколку соборци. Најмногу се дружеше со Вера Ацева, таа ни беше и соседка и секојдневно се гледаа дискутирајќи на разни теми од секојдневната политика, а редовно се навраќаа и на минатото. Имаа бурни расправии, двајцата беа прилично своеглави. Најверен другар уште од партизани и верен до крај му беше Кемал Сејфула, кој, за жал, рано почина. Се дружеше уште со Злате Биљановски, со Борко Темелковски, со Перо Тикварот и др. Во Охрид имаше еден од најверните соборци и доживотни пријатели Сандре Стрезовски. Некои луѓе и од Белград редовно го посетуваа и му се јавуваа, како Густав Влахов.*

*Сепак, најмногу пријатели му останаа меѓу уметнивците. Меѓу најинтимните домашни пријатели беа музичарот Петре Богданов-Кочко и неговата сопруга Павлина Апостолова, скулпторот Петар Хаџи-Бошков, потоа актерот Илија Џувалековски-Личко, сликарот Димитар Кондовски, сликарот Вангел Наумовски. Со овие луѓе семејно се дружевме. Од писателите во нашата куќа доаѓаа Гане Тодоровски кој по едно доаѓање напиша и прекрасно писмо за тоа колку беше фасциниран од упатеноста на Крсте во македонската и во светската убава литература (објавено е), доаѓаше и Петре М. Андреевски. Откако се објави веста за смртта на Крсте, другото утро рано на вратата се*

*појави Петре М. Андреевски со шише вотка и рече: „Ми замина пријателот. Донесов вотка дека беше комунист“. Уметниците се покажаа како похрабри, без комплекси и без страв се дружеа со Крсте, иако знаеме дека не секогаш е така со оваа фела.*

*Имаше доста пријатели и од југословенскиот простор. Од неговите „соборци“ од времето на либерализмот постојано контактираше со Латинка Перовиќ од Белград, таа и телефонски се јави кога слушна за неговата смрт. Потоа Мика Трипало, доаѓаа кај нас дома и многу луѓе што по некоја пригода ќе се најдеа во Македонија, на пр., историчарот Биланџиќ, па и помлади интелектуалци што сакаа да се запознаат со Крсте, како на пр. византологот и познат српски либерал Иван Ѓуриќ... Сите сакаа да слушнат мислење од Крсте по одделни актуелни прашања.*

**Дали има нешто што Вие би сакале да додадете, а не Ви било поставено како прашање?**

***Е. Ц.:*** *Во самракот на Југославија, кога почнаа да дуваат некои нови ветришта и да попуштаат стегите, по долгогодишната медиумска изолација, се појавија некои „млади борци“, новинари од списанието „Млад Борец“, тогаш сѐ уште многу млади, но и многу храбри. Денеска нивните имиња веќе значат многу во македонското новинарство: Никола Младенов и Синиша Станковиќ. Решиле да прават интервју со Крсте Црвенковски и во летото 1989 година дојдоа во нашата викендичка во Охрид и цел ден поминаа во разговор со татко ми. Тој беше како препороден. На некој начин ова интервју, прво по толку години, беше враќање од заборав на личноста на Крсте Црвенковски. Потоа медиумите постепено повторно се отворија за него.*

*Така, драга Бојана, и оваа Ваша теза е еден поттик за да не се препушти на заборав судбината не една личност важна за историјата на Македонија.*

*На крајот, само сакам да ги потсетам историчарите дека 2021 год. се навршуваат 100 години од раѓањето на Крсте Црвенковски. Се надевам дека некој ќе иницира барем некакво потсетување на оваа годишнина.*

## Заклучок:

Една од најзначајните личности за Македонија и македонската историја во XX век е токму Крсте Црвенковски. Во целиот период на војната, од самиот нејзин почеток, како и по ослободувањето, сè до завршувањето на неговата политичка кариера во 1974 година дава несомнено голем придонес во формирањето и афирмацијата на македонската држава. Во текот на својот живот бил назначен на голем број функции, почнувајќи од: комесар на Првиот македонски партизански одред во 1941 година, секретар на Обласниот комитет на Комунистичката партија на Македонија во 1943 година, партиски раководител (заменик – комесар) на една од првите бригади на НОВ во Македонија, член на Политичкото биро на Комунистичката партија на Македонија, сојузен министер за просвета и култура во Владата на СФРЈ, политички секретар – претседател на СКМ во периодот од 1963 до 1969 година и член на највисокото државно и политичко раководство на Југославија во периодот од 1969 до 1974 година.

Во целиот овој период, Црвенковски ќе остави огромен белег во историјата на Македонија и Јусославија, со своето учество во важни настани, максимално вложувајќи се на секое поле.

Неговата личност целосно ќе дојде до израз во периодот од 1963 до 1972, за време на извршувањето на највисоките функции, каде целата своја интелектуална енергија ќе ја насочи кон борбата за претворање на Југославија и Македонија во модерни европски држави, кои пред сè, би биле демократски.

За себе велел дека “речиси педесетина години од својот политички живот ги посветил на три кардинални прашања: како, сè уште во рамките на дадениот историски принцип, да се динамизира политичко – државниот живот во заедничката држава и во “неговата” потесна – Македонија; како понатаму ќе се решаваат проблемите во Македонија, со оглед на растечките меѓуетнички контрадикции и како ќе се одвиваат работите во заедничката држава во услови на нејзината објективно неопходна демократска и сè порадикална преобразба и нарастувачките спротивности во земјите на Источна Европа кои живееја во

одамна веќе историски надминатиот модел на т.н. реален социјализам и исто такви односи меѓу реалсоцијалистичките држави."[238]

Неговото богато револуционерно искуство започнало со неговото приклучување кон СКОЈ во 1935 година на 14 – годишна возраст, кога почнал да чита првите книги со таквата идеологија како "Мајка" од Горки, "Чоколадо" од Родионов, "Како се калеше челикот" од Островски и слично. Во триесетите години на XX век активно се вклучува во левицата, учествувајќи во сите бурни политички настани во Прилеп. На почетокот ја раководел скоевската организација во Прилеп и литературната ученичка дружина. Во Осмиот клас официјално е примен за член на КП, за малку подоцна да стане секретар на гимназиската партиска организација и член на месните комитети на СКОЈ и на КПЈво градот. На забелешка на Светозар Вукмановиќ – Темпо поради возраста односно поради тоа што се уште бил ученик, привремено бил отстранет од Партијата.Овој момент ќе допринесе Црвенковски уште од најрани години кај него да се јави отпор против партиските стереотипи и секогаш во иднина да се издвојува како радикален либерал, барајќи поголема демократија во Партијата и општеството.

Црвенковски учествува во подготовките на вооружената борба против бугарскиот окупатор и во развојот на НОБ во Прилеп и околината. Вклучен е и во првите вооружени акции кои се случиле на 11 октомври 1941 година, а во Првиот прилепски партизански одред е назначен за политички комесар, по чие расформирање преминува во илегала. Испратен во Западна Македонија по наредба на Покраинскиот комитет, ја извршува функцијата секретар на Окружниот комитет на СКОЈ и член на Комитетот на КП. Во октомври 1942 година е уапсен од окупаторската полиција и завршува во затвор во Тирана, каде продолжува активно да дејствува меѓу политичките затвореници во интерес на револуционерната борба, заедно со групата на комунисти на Кочи Sose (подоцна организационен секретар на КП на Албанија). Управата на затворот никогаш не го дознава неговиот вистински идентитет, а успева да се спаси со бегство во април 1943 година. По пристигнувањето во кичевскиот крај ја добива функцијата

[238] (Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, 2003) стр. 12 - 13

секретар на Обласниот комитет на КП, каде останува до капитулацијата на Италија. За време на Првиот конгрес на НОМСМ Црвенковски е активен учесник и претседател. Учествува во познатиот февруарски поход и останува заменик политички комесар на Првата македонска бригада сè до август 1944 година. По ослободувањето извесен период е секретар на Покраинскиот комитет на СКОЈ, потоа заминува како инструктор на ЦК на КПМ од каде добива нова должност секретар на Обласниот комитет на КПМ – Битола, за повторно да дојде во Скопје, но овој пат како началник на инструкторската управа на ЦК на КПМ. Во јануари 1948 година дознава дека е вклучен во Политбирото на ЦК на КПМ. Потоа работи како организационен секретар на ЦК на КМП. Извесен период поминува во југословенската влада како министер за просвета и култура.

Во 1963 година политичкиот ангажман на Црвенковски се интензивира со тоа што е избран прво за политички секретар на ЦК на СКМ, а потоа и за претседател. За време на Петтиот конгрес на КПЈ е избран за кандидат за член на ЦК на КПЈ, а на Шестиот, Седмиот, Осмиот и Деветтиот конгрес веќе е член на ЦК СКЈ. Во 1964 година исто така станува член на Извршниот комитет на ЦК на СКЈ, како и во Претседателството на СКЈ.

Може да се заклучи дека Црвенковски дефинитивно припаѓа на онаа генерација политичари кои се стремеле кон поотворено демократско општество, демократизација на еднопартискиот систем наместо едноумноста на партиската идеологија и државниот централизам на Федерацијата.

Несомнено, преку одговорните општсетвено – политички и државни функции на кои се наоѓа низ годините, Црвенковски дава огромен придонес за експонирање и јакнење на националниот идентитет на Македонците, заложувајќи се максимално за развој на институциите од политички, културен и економски карктер (формирање на МАНУ, афтокефалност на МПЦ, развој на Универзитетот, унапредувањето на полковниците во ЈНА и др.) , до последни сили борејќи се за рамноправноста на Македонија во Југословенската федерација.

Од општествено – политичките и државните функции се нашол на секретарската функција на Президиумот на Народното собрание, министер за просвета и култура, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, член на Сојузниот извршен совет, пратеник на Собранието на СРМ и на Сојузната скупштина во повеќе наврати, прв Претседател на Претседателството на СФРЈ, а негова последна функција е член на Претседателството на СФРЈ.

Во почетокот на седумдесетите години, поточно во 1974 година, како либерал и демократ е отстранет не само од политичката сцена туку и воопшто од јавниот живот, без да биде повикан на партиско – политичка одговорност, без било каде и пред било кого да бидат објаснети причините за неговата елиминација од политиката и Партијата.

Едноставно неговите идејни и политички позиции се обележани како антисоцијалистички, антипартиски, анархолиберални и антинационални, на застарен и класичен сталинистички начин, преку чистки на неистомисленици кои имаат поинакви ставови од оние на Партијата. Доказ за тоа е притисокот кој е извршен врз него како личност и неговото семејство, со бришење на филмски и ТВ материјали, симнување од музејските поставки, елиминирање од групни и колективни фотографии на народните херои...

Во деведесетите години, со воведувањето на политички плурализам во Македонија, на некој начин, претставува враќање на Крсте Црвенковски во јавниот живот преку повеќе испишани книги, бројни текстови, интервјуа и јасвно искажани ставови во медиумите во Македонија, поранешна Југославија и во светот.

Благодарение на неговата огромна документација, политичка кореспонденција, новинска архива со интервјуа, авторски текстови, полемики, стенографски белешки, сеќавања, лични белешки, може да се анализира речиси целиот период на неговиот политички живот, а воедно да се увиди и целата негова ангажираност за македонската национална кауза.

# ***<u>Библиографија:</u>***

**Извори:**

**Необјавени:**


- Архив на институтот за национална историја, фонд Крсте Црвенковски
- Архив на институтот за национална историја, Стенографски белешки од реконструкцијата на партиската организација – Тетово
- Државен Архив на Република Македонија, фонд 127, Обласна дирекција Битола
- Државен Архив на Република Македонија, фонд 128, Обласна дирекција Скопје
- Државен Архив на Република Македонија, фонд 424, ЦК на КПЈ Белград
- Државен Архив на Република Македонија, фонд 426, ЦК на КПМ Скопје
- Државен Архив на Република Македонија, фонд 427, ЦК на СКМ Скопје
- Државен Архив на Република Македонија, фонд 1010, Претседателство на СРМ - Скопје


**Објавени:**


**-** Десетгодишен развиток на СКМ (1953 - 1963). (1965). Скопје: ЦК на СКМ студиска група.

- Извештај на ЦК и Ревизионата комисија на СКМ помеѓу Третиот и Четвртиот конгрес. (1965). *IV конгрес на СКМ.* Скопје.

- Бригадата на братството и единството. Првата македонско-косовска бригада (1958). Скопје: Култура

- Незаборавник Првиот конгрес на КПМ. (н.д.). *Незаборавник Првиот конгрес на КПМ* . Скопје: ОООЗТ Комунист.

- Одлуке V конгреса Комунистичке партије Југославије. (1948), Београд: Култура

- VII конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија. (1958). *VII конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија.* Скопје: Култура.
- Четврти конгрес на СКМ. (1965). *Четврти конгрес на СКМ.* Скопје: Култура.
- Петти конгрес на СКМ (стенографски белешки и усвоени документи). (1969). *Петти конгрес на СКМ.* Скопје: Култура.
- *Програма СКЈ,* (1958), Београд: Култура.
- В. Ивановски и други. (1997) *Настаните на Скопското кале на 7 јануари 1945 година,* Документи, Скопје: АМ, ИНИ, Матица македонска.
- Стенографски белешки од Триесет и шестата (проширена - затворена) седница на ЦК на СКМ (18 - 21 јануари 1973). (1973). Скопје: ЦК на СКМ.

**Сеќавања:**

- Благоја Чонески – Чоната, учесник во НОБ од Прилеп, Претседател на Сојузот на борците – Прилеп до 2015 година.
- Проф. д-р. Емилија Црвенковска, ќерка на Крсте Црвенковски

**Консултирана и користена литература**

Aceva, V. (1964). Prilepska partiska organizacija u periodu priprema I otpoćinjanja oružane borbe, ustanak naroda Jugoslavija 1941. Во V. Aceva, *Prilepska partiska organizacija u periodu priprema I otpoćinjanja oružane borbe, ustanak naroda Jugoslavija 1941.* Beograd.

Aceva, Vera. (1962). Ustanak naroda Jugoslavije 1941. *Ustanak naroda Jugoslavije 1941* .

Андонов – Ченто, И., (1999), Мојот татко Методија Андонов-Ченто, Скопје.

Lukic, V. (1990). *Brionski plenum: Obracun sa Aleksandar Rankovicem - secanja i saznanja.* Beograd: Strucna knjiga.

Pasic, N. (1975). *Savez komunista i druge drustveno - politicke organizacije u sistemu samoupravne socijalisticke demokratije.* Beograd: Delta - press.

Tripalo, M. (1990). *Hrvatsko proljece.* Zagreb: Globus.

Ачкоска, В. (2003). *Братството и единството - помеѓу хармонија и дисхармонија 1944 - 1974.* Скопје: ИНИ.

Ачкоска, В. (2011). *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944 - 1991).* Скопје: УКИМ.

Ачкоска, В., Ѓорѓиев, В..., (2015), *Востанијата во Македонија*, Универзитет "Св Кирил и Методиј", Скопје: Филозофски факултет.

Велјановски, Новица, (2002). *Македонија 1945-1991 државност и независност.* Скопје: ИНИ, Матица македонска.

(2003). Историја на Македонскиот народ том петти. Во р. Н. Велјановски, *Историја на Македонскиот народ.* Скопје: ИНИ.

Гаталовиќ, Миомир (2009) „Између идеологије и стварности, Социјалистички концепт културне политике Комунистичке партије Југославије (Савеза комуниста Југославије) 1945-1960", *Историја 20 века*, бр. 1.

Димовски, Н. (1976). *Ставови и акции на прилепските комунисти за вооружена борба против окупаторот 1941 година., (Прилеп и Прилепско во НОВ 1941), .* Скопје: Култура.

(1969). Историја на македонскиот народ. Во *Историја на македонскиот народ кн. трета.* Скопје: НИП Нова Македонија.

Ивановски А., Владо (1973), *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944,* Скопје: ИНИ.

Илиевски, Б. (2011). *Македонско - српските црковни односи 1944 - 1970.* Скопје: УКИМ Филозофски факултет Институт за историја.

Јордан Димевски, Војо Кушевски. (1973). *Историска читанка за VIII одд.* Скопје.

Кремптон, Р. Џ. (2012). *Балканот по Втората светска војна.* Виг Зеница .

Кузман Јосифовски - Питу (Време - живот- дело). (1995). *Кузман Јосифовски - Питу* . Скопје: ИНИ, ДНУ - Прилеп.

Кљакиќ, Драган, (1994) *Времето на Колишевски,* Скопје: Матица македонска.

Мазовер, М. (2003). *Балканот кратка историја.* Евро Балкан Пресс.

Марјановиќ, Б. (2002). *Александар Ранковиќ Лека.* Београд: Књига - комерц.

Милосавлевски Славко. (1991) *Страв од Промени,* Скопје:

Мирко Арсиќ Драган Р.Марковиќ. (1984). *Студентски бунт и друштво.* Београд: Просветни поглед, Истраживачко - издавачки центар ССО Србије.

Митреска, Елизабета (2012), *Победничкиот истрел 71 година од утрешнината.* Прилеп: Ризница.

Михаило Апостолски, д-р Александар Христов, Растислав Терзиоски. (1963). Положбата на окупирана Македонија во втората светска војна (1941 – 1944). *Гласник на ИНИ IX бр. 1* .

Недков, М., Мирчев, Д. (1970). *Студентската 1968 година.* Скопје: НИП „Студентски збор“

Павловиќ, С. К. (2001). *Историја Балкана.* Clio.

Подгорец, В. (1973). *Народни херои од Македонија.* Скопје: Наша книга.

*Прилеп и прилепско низ историјата кн. 2.* (1972). Прилеп.

*Прилеп и прилепско во НОВ 1941.* (1976). Скопје: Култура.

Радически, Н. (2013). *Либерализмот во Македонија (1966 - 1974).* Скопје: Македоника.

Repe B., (1992) "Liberalizem" v Sloveniji, Ljubljana: Borec

Светозар Вукомановиќ – Темпо, М. I. (1983). *Мемоари III.* Београд: Народна књига.

Солунски, К. (1979). „Кузман Јосифовски – Питу“, второ неизменето издание, Скопје.

Станковски, Б. (1983). *Зададен и изминат пат.* Скопје: Комунист.

Сулејмани, С. (1988). Некои актуелни моменти во односот меѓу класното и националното во нашите програмско-политички документи и во општествената практика. Скопје: Комунист.

Темпо, С. В. (1971). *Револуција која тече – Мемоари.* Белград: Комунист.

Филип, Ј. (1993). *Подводни гребени на политиката (разговори со Крсте Црвенковски).* Скопје: Македонско радио.

Црвенковски, К. (1989). *Во одбрана на македонската кауза.* Охрид: Никола Костески и авторите.

Црвенковски, К. (1998). *На браникот на македонската самобитност.* Скопје: ИНИ.

Црвенковски, К. (1962). Четириесет години. Зборник на спомени на активистите од југословенското работничко движење 1941 - 1945. Скопје.

Црвенковски, К. (1965). Улогата на комунистите на Македонија во развитокот на социјалистичките општествени односи. Скопје.

Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче. (2003). *Заробена вистина.* Скопје: Култура.

Црвенковски, Крсте, Милосавлевски, Славко (1996). *Нашиот поглед за времето на Колишевски,* Скопје.

**Списанија и весници:**

- “Нова Македонија” – Орган на Социјалистичкиот сојуз на Македонија, Скопје
- “Политика”, вечерњи лист, Белград
- “Борба”- Орган на ССРНЈ, Белград
- “Глобус” – Неделно списание, Скопје

**Список на кратенки:**

АСНОМ – Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија

БРП - Бугарска работничка партија

ДАРМ – Државен Архив на Република Македонија

ЈНА – Југословенска народна армија

КОС – Контра-разузнавачка служба (Контра – обавештајна служба)

КПЈ – Комунистичка партија на Југославија

МК – Месен комитет

НОБ – Народноослободителна борба

НОВ – Народноослободителна војска

НОМСМ – Народноослободителен младински сојуз на Македонија

ОЗН – Одделение за заштита на народот

ПК – Покраински комитет

ПОМ – Партизански одреди на Македонија

СИС - Сојузен извршен совет на Југославија

СКЈ – Сојуз на комунисти на Југославија

СКМ – Сојуз на комунисти на Македонија

СКОЈ – Савез комунистичке омладине Југославије

СРМ – Социјалистичка Република Македонија

СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

УДБ – Управа Државне безбедности

ф. – Фонд

ЦК – Централен комитет